# ЖЕНАТА

## ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО



Уредници:

Проф. д-р Слободан Шајноски

м-р Ебру Ибиш

2018

ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО - **монографија**


**Уредници:**

Проф. д-р Слободан Шајноски

М-р Ебру Ибиш

**Автори:**

- Д-р Светлана Поп Дучева
- Проф. д-р Стојанка Манева Чупоска- Јана
- Проф. д-р Елизабета Стамевска
- Проф. д-р Слободан Шајноски
- Проф. д-р Савица Димитриеска
- Проф. д-р Гордана Вренцоска
- Проф. д-р Александра Станковска
- Проф. д-р Живко Андревски
- Доц. д-р Марјан Габеров
- Доц. д-р Арта Селмани-Бакиу
- Доц. М-р Благојче Наумоски
- нас. доц. д-р Емилија Ѓорѓиоска
- М-р Елена Пренцова
- Асс. М-р Ебру Ибиш
- Асс. М-р Стефанија Агротова
- Асс. М-р Виолета Паунковска
- Асс. М-р Верица Најдовска
- Асс. М-р Верица Неделковска
- Асс. М-р Тања Крстева
- М-р Дијана Ѓорѓиева
- М-р Зорица Стоилева
- М-р Искра Манојлоска
- Асс. М-р Џихан Ахмед
- Асс. М-р Назрин Чирагли
- Дана Петреска
- Жанета Анѓелковска

ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО - **монографија**

**Издавач:**

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- Скопје

**За издавачот:**

Проф. д-р Бојо Андрески

**Организационен одбор:**

Проф. д-р Слободан Шајноски, претседател

Проф. д-р Живко Андревски

Доц. д-р Марјан Габеров

Асс. м-р Виолета Паунковска

Асс. м-р Ебру Ибиш

**Уредници:**

Проф. д-р Слободан Шајноски

Асс. м-р Ебру Ибиш

**Рецензенти:**

Проф. д-р Живко Андревски

Проф. д-р Слободан Шајноски

**Дизајн на корица:**

Доц. м-р Благојче Наумоски

Доц. м-р Александра Јовановска

**Печати:**

Евро принт Скопје

**Тираж:**

100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

305-055.2:316.323.6(082)
316.66-055.2(497.7)(082)
305-055.2:7/.8(082)

ЖЕНАТА во современото општество / [уредници Слободан Шајноски, Ебру Ибиш]. - Скопје : Европски универзитет, 2019. - 149 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4574-85-9

а) Жена - Современо општество - Зборници б) Жена - Општествена положба - Македонија - Зборници в) Жената во уметноста - Зборници

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕДНО ПРЕДАВАЊЕ**

➔ Светлана Поп Дучева- Женски димензии на моралноста…………………………1

**ПРВ ДЕЛ: ПОЛОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ЕКОНОМИЈАТА**

➔ Елизабета Стамевска - Жената-менаџер ……………………………..…...……… 11
➔ Савица Димитриеска - Застапеноста на жената во рекламите ……………..……17
➔ Александра Станковска - Women’s Role in the Finance Industry…………………23
➔ Верица Најдовска - Влијанието на жената- претприемач врз развојот на руралните средини во Република Македонија……………………………...…… 28
➔ Верица Неделковска - Жената во улога на креатор на брендови………………..31
➔ Тања Крстева - Експлоатација на жената во маркетингот………………………35
➔ Џихан Ахмед- Жени - менаџери во јавни организации : проблеми со жените во управувањето од перспектива на менаџери и вработени………………………40

**ВТОР ДЕЛ: ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА РАМНОПРАВНОСТА НА ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО**

➔ Слободан Шајноски - Жените и правото- до каде е рамноправноста меѓу луѓето како критериум на цивилизираното општество…………………………..……47
➔ Живко Андревски - Жените во политиката-број или моќ……………………….52
➔ Марјан Габеров - Жените и семејното насилство- дух на љубов и толеранција…………………………………………………………………….55
➔ Ебру Ибиш - Насилството врз жените со посебен осврт кон Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска Конвенција)……………………………..59
➔ Стефанија Агротова - Улогата на жената во безбедносниот сектор……………66

➔ Елена Пренџова - Зошто сме сè уште алергични на феминативите во македонскиот јазик……………………………………………………………….70
➔ Емилија Ѓорѓиоска - Еднаквите можности за учество на жените на пазарот на трудот- правна регулатива и реалност……………………………………………76
➔ Дијана Ѓорѓиева - Дискриминација на жената при вработувањето……………......83
➔ Зорица Стоилева - Жената во адвокатурата на Република Македонија……...…87
➔ Арта Селмани Бакиу - Редефинирање на семејството- улога на жената во современото општество…………………………………………………………92
➔ Назрин Чирагли - Women role in international relations…………………...…...100
➔ Искра Манојлоска - Од нас зависи………………………………………………105
➔ Жанета Анѓелковска- Жената во современото општество……………………...109

**ТРЕТ ДЕЛ: ЖЕНАТА ВО УМЕТНОСТА**

➔ Стојанка Манева – Чупоска – Јана- Жената како инспирација во уметноста…..........................................................................................................116
➔ Гордана Вренцоска- Жената помеѓу традициите и глобалната мода…………120
➔ Благојче Наумоски- Сликарството и жената- Еротиката и уметноста…………125
➔ Виолета Паунковска- Жените во македонската поезија (песна)………………133
➔ Дана Петреска- Еден човек и една жена чекаат на автобуската станица и се погледнуваат во очи……………………………………………………………139

# П Р Е Д Г О В О Р

**Жената стои, како капија, на излезот и на влезот на овој свет – Иво Андриќ**

Монографијата под наслов „ ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО“ е плод од работата на учесниците во работилницата што работеше на истата тема “, а ја организира Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија – Скопје. Работилницата се одржа на 20. 11. 2019 година во Свечениот амфитеатар на ЕУРМ.

На работилницата воведно предавање на тема „Женски димензии на моралноста“ одржа д-р Светлана Поп Дучева, професор во средното училиште ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ-Скопје, а панелисти беа дванаесет наставници и соработници од ЕУРМ.

Покрај студенти од сите факултети на ЕУРМ, на работилницата учествуваа педесеттина матуранти од Средното училиште ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - Скопје, и Гимназијата ЈОСИП БРОЗ ТИТО - Скопје

Врз основа на предлозите на учесниците на Работилницата, одлучивме материјалите од работилницата да се соберат и објават во форма на монографија. На ова не поттикна големиот интерес на учесниците и панелистите за работилницата. Од првобитно планираните, еден уводничар и петмина панелисти, бројот на панелисти се зголеми на дваесеттина. Од нив дванаесет своите пишувани трудови ги изложија на самата работилница, а останатите панелисти нивните трудови само ги приложија за објавување во оваа монографија.

Монографијата, тематски е структурирана во три дела.

Во Првиот дел се презентирани трудовите на панелисти кои што ги анализираат правните, политичките и социолошките аспекти на рамноправноста на жената во современото општество.

Во Вториот дел се застапени трудовите посветени на положбата на жената во економијата, а Третиот дел ги содржи трудовите на панелистите чија инспирација беше улогата на жената во уметноста.

Сакаме да изразиме благодарност до д-р Светлана Поп Дучева за воведното предавање, како и на сите панелисти и дискутанти на Работилницата.

Посебна благодарност изразуваме кон претседателот на ЕУРМ проф. д-р Бојо Андрески и Управниот одбор на ЕУРМ со чија безрезервна помош и поддршка се организира Работилницата и се објавува оваа монографија.

Скопје, 09.01.2019 година                                        Проф. д-р Слободан Шајноски, декан

**д-р Светлана Поп Дучева**
**Средно Училиште Здравко Цветковски-Скопје**
**е-маил: svetlanapopduceva@hotmail.com**
**Скопје, Република Македонија**

# ЖЕНСКИ ДИМЕНЗИИ НА МОРАЛНОСТА

Со појавата на историската сцена феминизмот изврши ревизија и деконструкција на старите гледишта и откри нови и свежи видувања во низа области на човековото живеење и творештво. Културолошкото движење се спротивстави на опресивните и ригидни сили на политичкиот, институционален и патријахален систем и придонесе за менување на свеста во низа области на човековото живеење. Во доменот на етичката наука ја реинтерпретира традиционалната етичка парадигма и иницира формирање на спектар од нови, современи етички теории и правци, при што постави нова епистемиолошка рамка и откри нови постулати во доменот на философијата на моралот. Во откривањето и проучувањето на координатите на новата етичка парадигма започна со искуствата на моралното размислување и делување на жената при решавање на моралните дилеми во секојдневието. Феминистичките истражувачи под морални искуства подразбираат искуства на совеста на жената, а за основа ја земаат моралната интуиција, моралната чувственост, опсервации и размисли. (Held, 1993 : 24). Катрин Мекинон новиот пристап го одредува како „колективна критичка реконструкција на значењето на женското социјално искуство низ кое живее жената" (Held,1993:9).

Феминистичкиот метод ја преиспита онтолошката издржаност на претпоставките на традиционалната етика и придонесе за ослободување од стеротипните и мизгони гледишта во однос на жената и посочи нова перцепција на женските морални вредности, судови и акции. Феминистичките истражувачи донесаоа свежина и нови идеи. Пионери во овие истражувања се: Карол Гилиган, Алисон Џегер, Нел Нодингс, Сара Радик, Вирџинија Хелд, Каролина Витбек и др., кои согледаа една заедничка, речиси репититивна нота на занемарување, тривијализирање, маргинализирање, игнорирање, потценување и непризнавање на женскиот морален субјект. Воедно, тие препознаа нова, автентична морална перспектива и систематизираа нови етички правци: Релациона, Женска, Мајчинска и Гиноцентрична. Процесот на систематизирање сѐ уште не е затворен. На самиот почеток на истржувањата Алисон Џегер упати критика кон традицоналната западна етичка парадигма:

**1**. Традиционалната етика сосема малку им придава значење на интересите и правата на жената во споредба со интересите и правата на мажот.

**2.** Традиционалната етика, како морално незначајни ги отфрла проблемите, релациите и односите кои произлегуваат од т.н. приватен свет, како на пример грижата за децата, старите лица, болните и тн.

**3.** Западната етичка парадигма сугерира дека жените и мажите не се подеднакво морално развиени.

**4.** Во традиционалната теоријата на моралот, премногу се вреднувани машките карактеристики, какви што се независност, автономија, умствена дејност, рационалност, култура, трансцеденција, војна и смрт, а на сметка на овие вреднувања, се потценуваат каракатеристиките, својствата, посебностите, спецификите и способностите на жената како и вредностите кои произлегуваат од моралното искуство на жената како што се заедништво, релации на меѓузависност, тело, емоција, природа, мир, живот и љубов.

**5.** Во традиционалните етички гледишта се фаворизираат машките културолошки морални размислувања кои ги потенцираат правилата на универзалност, праведност и непристрасност, во однос на женските култоролошки морални размислувања, кои ги потенцираат соодносите, релациите, посебносттите, наклонетостите и симпатиите на луѓето (Jaggar, Feminist Ethic, 1992**).**

Низ историјата, женските морални аспекти не се признаваат, тие се апстрахирани, негирани, занемарени и деградирани а на жената се гледа како на морално инхибирана, неразвиена личност со помали способности за ментален, умствен и творечки развој. Токму на историската мизогонија и честите забелешки на адреса на креативноста и интелектот на жената, писателката Вирџинија Вулф во својот славен текст „*Сопствена соба“,* луцидно и иронично ќе забележи дека историјата не памети женски креативци како еден Данте, Шекспир, Бах или Леонардо да Винчи бидејќи на жената и биле скратени крилјата, па се до 16. век не и било дозволено ниту да глуми на сцените на театрите ширум Европа, бидејќи со векови му служела на мажот како магично огледало во кое го отсликува машкиот лик во двојна големина. Но, без таа моќ, ниту рускиот цар би ја носел круната, а земјата сé уште би била калива бара и џунгла во која не би постоел ниту надчовекот (Вулф,1998).

Со ретки исклучоци, жената низ историјата е систематски и континуирано поттурната понастрана од цивилизациските текови, историски настани и на маргините на активното вклучување во јавниот, културниот, политичкиот живот и уметноста. Неразбрана и обвинувана поради убавината и женскиот ерос, жената била принудена мудро да ја води својата борба за ослободување и еманципација, избегнувајќи директна конфронтација со машката моќ и патријахалните социо-културолошки матрици. Таа успева да делува под притисок и контрола на патријархалните механизми и системот на подреденост. Со цел да преживее, истрае и продуктивно искаже во напорот да ги реализира своите мечти, планови, амбиции и потреби, својот интимен морален израз, кој е различен од востановениот со легислативата на времето и општеството во кое живее, ќе го соопшти на свој, автентичен начин. Во рамките на семејството, одвнатре, таа ги развива првите форми на женската моралност, оние женски квалитети кои и овозможиле успешно да делува во рамките на заедницата, и преку нив да ги изгради и формите на својот оригинален морален субјект. Токму, овој вид на активност и делување, во кругот на семејството и фамилијата, во така наречената внатрешна, приватна и интимна сфера на животот лежи една од формите на женската морална практика. Мајчинството е еклатантен пример на автентично морално искуство и едно од низата морални практики. Жената раѓа, расте, негува, се грижи и го заштитува кревкиот живот на чедата и сеживотот, посветено подучува и воспитува, а оваа своевидна доблесна матрица ја пресликува и во рамките на општеството, каде е конструктивен двигател во развивањето на добрите меѓучовечки релации и односи. Мајката е мост на поврзување и помирување на различностите меѓу културите, идеологиите, системите, верувањата, светогледите, помеѓу индивидуите. Мајката е симбол на заедница и целина.

Етиката на мајчинството како морална димензија е во фокусот на интерес дури во последните децении на 20. век и се истражува во рамките на групата феминистички етики, под одредницата - мајчинска етика. Во мајчинската етика главната етичка вредност е грижата. За разлика од неа, во традиционалната етичка парадигма тоа е праведноста. Во Западната етичка парадигма главното мото е „секој треба да биде третиран исто“, во современата етика на грижата оваа етичка максима гласи: „никој не треба да биде повреден“ (Мироју, 2002:146). Разликата е евидентна, а станува збор за два различни дискурса и перцепции на животот и реалноста, па оттука и решавање на

моралните дилеми и реалитети, што нужно укажува на постоење на две етички парадигми, традиционална и современо-феминистичка.

Машките морални искуства се насочени кон надворешниот свет и претставуваат еден вид на послушност кон универзалните закони, кои на теориско ниво се разработени во гледиштата на Аристотеловата и Кантова морална теорија, двата темела на Западната етика. Од етичкото ткиво на Западната традиционална филозофија елиминирани се живите, конкретни, емотивни, сензибилни, корелациони и длабоко социјални практики, кои се оригинални, уникатни, посебни и реално-постоечки морални ангажмани и делувања на жената. Традиционалната Западна етика, е индивидуална етика која за парадигма ги зема правилата на разумноста, апстракцијата и праведноста, а кои, низ долгата историја на етиката се сметаат за машки морални концепти на делување. Уште од Аристотел, па сѐ до Шопенхауер и Ниче, жената се смета за инфантилна и анимална природа, женка и суштество со слабости, затворена во својата репродуктивна функција, обдарена со послаб интелект од мажот, а оттука и моќ на расудување поради што и се оспорувана трансцедентната димензија на постоење. Великаните на философската и етичка мисла како Платон, Аристотел, Кант, Шопенхауер, Ниче и др. ќе заклучат дека местото на жената во општеството е одредено и резултат на нејзината биолошко репродуктивна природа која е затворена и немоќна за морално, интелектуално и духовно движење и усовршување. Нејзината природа не може да се издигне над својата првобитна суштина, а нејзината трагична судбина е да живее затворена во кругот на своето битие - не достигнувајќи ја универзалната општочовечка димензија. Битието кое не може да достигне универзална трансцеденција - нема суштина, односно, не е човек. Сублимирано, главниот став во Западната етика е дека женската природа е телесна, значи недуховна, без сила и моќ да се одвои од примордијалните сили на природата. Ваквото убедување може да се сретне уште во Есхиловата *Еуменида*: „Не е мајката таа што создава, она што се вика нејзино дете, таа е само доилка на клицата, фрлена во нејзините прегратки-таткото создава. Жената како туѓ довереник, го прима семето и ако тоа е желба на боговите, таа го задржува“ (Бовоар,1989:113). Аристотел, истото мислење го поставуваа на ниво на премиса - жената е пониско битие, суштество од втор ред, слугинка на сувереноста на машкиот род: „Жената е само материја, принципот на движење е машки, и во сите суштества кои се раѓаат, тој е подобар и побожествен“ (Бовоар, 1989:114). Овој став Аристотел поопширно ќе го образложи во делото *Создавањето на човечкиот род* во кое за нормална и исправна репродукција ја смета

само онаа која создава машко дете. Кога ќе се роди женско дете, смета дека нешто тргнало наопаку или не успеало да се појави во репродуктивниот процес. Според тоа, женскиот потомок е аномалија, варијација на главниот машки принцип. Аристотел акцентот го става врз машкоста како човечки стандард, а тоа се огледа и во неговата теорија на зачнување. Тој наведува дека принципот на животот е содржан во спермата, додека женскиот генитален тракт обезбедува само пасивно куќиште за човечкиот живот. Како што може да се забележи, природата на оваа стара теорија за раѓањето, критикувана од феминизмот, која ја става спермата за единствено одговорна во чинот на прокреацијата и репродуктивниот живот на човештвото е еднаква на гледиштето според кое жените немаат рационален дух и капацитет за размислување (Браидоти, 2002: 114). Ваквите гледишта за жената како конверт на мажот, кај која отсуствува рационалноста, долго време се провлекува како константа во Западната етичка традиционална мисла. Надоврзувајќи се на традицијата на мизгонијата која несомнено влече корени од античкиот период, феминистката Јулиа Кристева (Julia Kristeva) ќе се обиде да го разјасни феноменот на женското низ симболизмот на традицијата, каде женското е спротивно и различно од машкото. Оттука, земајќи ја Артистотеловата премиса за женскиот телесен ентитет, како нешто што има аномалија и девијантност во однос на машкото тело, Кристева ќе се обиде да ја деконструира таквата спецификата на „зададена неправилност“, по што доаѓа до заклучок дека ако нешто е искривено, тогаш тоа е монструозно. Монструозното е чудовиште - природа која истовремено фасцинира, но и ужаснува. Врв на женската монструозност, која е истовремено и божествена, но и пеколна, привлечна и одбивна, е жената-мајка. Мајчинското тело е објект на восхит и терор, место каде се сретнуваат животот и смртта, и поради тоа е прекумерно чудовишна, бидејќи ги создржи востановените фалогентрични одредби и ограничувања, заклучува Кристева (Браидоти, 2002:117).

Реалните искуства на жените го покажуваат токму спротивното. Врз основа на реалните и живи морални искуства се формираа низа од современи етички теории. Една од нив е Етика на грижата. Етика на грижата е современа нормативна етичка теорија. Таа ја оценува моралната акцијата за правилна или погрешна. За првпат се јавува како резултат на научноистражувачките феминистички дискусии од почетокот на 1980-тите години. Пионери во ова поле на истражување се Керол Гилиган (Carol Gilligan) и Нел Нодингс (Nel Noddings). За разлика од традиционалната Западна етика која ги нагласува/ше универзалните стандарди на моралното делување, како и

непристрасноста, моралната теорија на грижата ја фаворизира грижата како конкретна морална вредност.

Што се подразбира под вредноста грижа? Називот на основната вредност доаѓа од англискиот глагол „to care“, а се употребува во повеќе значења: „загрижен за“, „приврзан за“, „негува“ и сл. Оттука под грижа се подразбира да си „загрижен“ или „да се грижиш“ за некој кој ти е значаен (Мироју, 2002:134). Грижата, во современата етичка литература, може да се сретне и како заштита, пракса, вредност, диспозиција, доблест. Бернис Фишер (Bernis Fhisher) ја дефинира грижата како еден вид на активност која вклучува сѐ што правиме за одржување и подобрување на нашиот свет, за да можеме да живееме во него. За Тронто грижата е „одговор на партикуларни, конкретни, физички, спиритуални, интелектуални, и емоционални потреби на другите“ (Tronto, 1995:102). Тој свет ги вклучува нашите тела, личност, животната средина и сл. Грижата, претставена вид врска/нишка која поврзува две лица: „оној што се грижи за некој кој му е значен“ и „оној кој е објект/предмет на грижата“. Оттука постојат два типа на грижа: да се грижиш за нешто/некој и да се грижиш поради нешто/некој. Овој вид на релација е дефиниран како соодност помеѓу давател и примател. Грижата опфаќа разновидни и комплементарни морални чувства како нега, поддршка, почитување, задоволување на потребите на другиот од љубов. Грижата содржи и низа од акции. Во есејот посветен на *Жените и Грижата*: *што можат да научат феминистките за моралноста и грижата,* Тронто пишува за различниот однос кон грижата од страна на двата пола/рода: мажите се грижат за пари, кариера, идеи, авантура, успех, моќ, а жените за семејството, соседите, пријателите (Tronto,1995:101). Во рамките на традиционалните родови поделби „мажите се грижат за“, а „жените се грижат од“, појаснува Тронто. Изразот „загрижен за“ имплицира сакање, симпатија, допаѓање, заинтересираност и сл. Грижата е присутна како во јавниот домен на животот, така и во приватниот.

„Да си загрижен е облик на емпатија (на сочувтсување) кое не бара задолжително ниту љубов, а ниту задоволство, ниту има јасно одреден интерес, туку пред се учество во животот на другиот, зашто е ист како твојот, а тоа значи исполент со потреби, страдања и интереси.“ (Мироју, 2002:135)

Етиката на грижата и одговорноста се развиваат од чувството на поединецот за поврзаност со другите. Оваа етика произлегува од искуството и акцентот го става врз одговорноста и надлежноста за другиот. Од друга страна пак, во традиционалната етика или уште популарно наречена „канонска етика“, се фаворизира етиката на правдата, во

која акцент се става врз индивидуалните права, и се формулира согласно универзалните апстрактни принципи и рационалноста. Токму затоа етиката на правдата и правата се оценуваат како машки пристапи во етиката, за разлика од етиката на грижата која се смета за женски пристап во етиката. Во етиката на грижата критериум за исправно и погрешно е чувството. Хелда наведува пример, доколку мајката го забележи детето како му ги тегне ушите на мачето, што е непријатно чувство за секое живо суштество, таа реагира по кратка постапка со прекор или со пример - го зема мачето во скут, внимателно и со нежност го милува, со што покажува на кој начин е исправно детето да се однесува кон своето милениче (Held, 1995:18). Во ваквата интеракција помеѓу мајката и детето се заснива врз грижата, а чувство за исправно или погрешно води кон доброто однесување, зашто е погрешно да се врши насилство врз мачето, односно, да се повредува. Мајката се фокусира на суштината, а тоа е погрешниот однос на детето кон миленичето, со што го исправа и трансформира од негативен во позитивен. Детето, ваквиот позитивен гест, указ ќе го запамети за цел живот и потсвесно акцептира како единстевн правилен однос кон сите миленичињ, а во иднина така и ќе се однесува и кон другите живи суштества-внимателно, нежно и со грижа. Етичкиот сентимент за тоа штое добро, во себе го содржи природното чувство за доброто. „Ние имаме сеќавања - меморија за грижа и нежност и тоа не води кон тоа што е добро“ (Held, 1995:25).

Феминистичките етички приоди докажаа дека моралот на жената е конструктивна сила која го гради светот на свој сопствен, автентичен, и оригинален женски начин. Таа успева да го понесе на свои плеќи животно бреме на раѓање, растеж, подигање, негување, грижа, заштита, закрила, нега а сето тоа може да го издржи само некој кој е и самиот афирмација на љубовта. Моралот на жената, односно филантропската димензија на мајчинството се во функиција на обединување на човештвото во љубов, мир и слога, кон напредок и заеднички просперитет, што е евидентен доказ на инхерентниот морален субејкт на жената. Машкиот и женскиот морален субјект треба да се обединат и исправат во заедништво пред предизвиците на новото време. Идината е загарантирана вечност само за оние со морален интегритет а тоа се новите морални битиа на иднината.

# ПРВ ДЕЛ:

# ПОЛОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ЕКОНОМИЈАТА

**Проф. д-р Елизабета Стамевска**
**Факултет за економски науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: elizabeta.stamevska@eurm..edu.mk**
**Скопје, Македонија**

# ЖЕНАТА - МЕНАЏЕР

## Вовед

Менаџерите, како и општата популација, силно веруваат дека менаџерскиот успех е поврзан со машки карактеристики.[1] Феноменот „кога се размислува за менаџер - се мисли на маж", кој подразбира кореспонденција меѓу машките особености и раководните позиции, е глобален, особено кај мажите.[2] Затоа, денес женското претприемаштво сеуште претставува огромен неискористен извор на иновација, иако е креатор на нови работни места и поттикнувач на економскиот раст, а улогата на жената е сѐ позначајна во трендот да се креираат економски независни жени - менаџери.

*Иако борбата за родова еднаквост бележи повеќе од еден век, застапеноста на жените, особено на високите позиции во бизнис светот, сепак е на незавидна позиција. Предрасудата дека тие не може да биде одлични менаџер како мажите, не само што се преточува преку сеуште малиот број жени поставени на високи позиции во компаниите, туку и преку нееднаквоста во платите. Имено, на иста позиција, честопати, нејзиниот колега маж зема повисока плата од неа.* Истражувањата покажуваат дека жените кои се на раководни позиции треба да толерираат повеќе предизвици од мажите, кои се сметаат за нивни бариери во постигнувањето на раководна позиција.[3]

Светската бизнис пракса потврдува дека жените можат да бидат многу подобри организатори и поголеми перфекционисти од мажите, а многу често и нивната лојалност кон фирмите за кои што работат е поголема во однос на нивните машки колеги. Одредени истражувачи го рационализираат терминот „теорија на отпорност",

---

[1] Koening, A. M., Eagly, A. H., Mitchell A.A., & Ristikari, T. (2011). Are leader stereotype masculine? A meta-analysis of three research paradigms, Psychological Bulletin, 137(4), p.616

[2] Balgiu, B. A., (2013). Perception of Women as Managers. The Difference of Attitudes between Employees and Non-employees, Procedia - Social and Behavioral Sciences, Volume 78 , p.330

[3] Chugh, S and Sahgal, P. (2007). Why Do Few Women Advance To Leadership Position?. Global Business Review, Available at: http:// www.eag.sagepub.com/ cgi/content/ abstract/8/2/351.

потенцирајќи ги способностите и карактеристиките на силните жени, кои ги надминуваат бариерите и пречките и веруваат дека тие ќе остварат успех и напредување во кариерата на раководни менаџерски позиции.[4]

Како и да е, *работите, и покрај силниот активизам, сеуште бавно се менуваат*. Статистиките покажуваат дека едвај 5% од врвните менаџерски позиции во глобалната економија ги држат жени. Поставувањето жени на раководни функции не треба да се прави само поради задоволување на светските трендови кои промовираат родова еднаквост, туку и поради фактот дека жените навистина можат да бидат успешни колку и мажите, а во одредени моменти можат да придонесат и за подобри резултати на компанија, особено кога станува збор за профит.

## 1. Митови поврзани со жените-лидери

Факт е дека е жените помалку се порзуваат со лидерството, отколку мажите, а свеста за овој стереотип може да ги поткопа женските перформанси во лидерските задачи.[5] Консултантската куќа KPMG UK, во соработка со YSC, глобална фирма на бизнис психолози и Club, британска компанија, промотор на родова еднаквост во менаџерските структури на компаниите, во своето истражување ги обелоденува најчестите предрасуди и заблуди во врска со лидерската улога на жените во компаниите низ светот. Таа укажува на **10-те најголеми митови поврзани со оваа тема** и дава препораките, за светскиот бизнис да добие повеќе жени на менаџерски позиции.

### Мит 1: Жените немаат аспирации за лидерски улоги

**Реалност:** Со напредување на кариерата на жената, таа станува поамбициозна за лидерските позиции. **Препорака:** Амбициите на жените растат напоредно со нивното искуство, затоа не треба да се отпишуваат од списокот за лидерски позиции.

[4] Hoyt, C .L and Blascovich, J.(2007). Leadership efficacy & women leader's responses to stereotype activation. Group processes intergroup relations, Available at: http://www.gpi.sagepub.com/cgi/ content/abstract/10/4/595.
[5] Latu, M. J., Schmid Mast, M., Lammers, J., Bombari, D., (2013). Successful female leaders empower women's behavior in leadership tasks. Journal of Experimental Social Psychology Volume 49, Issue 3, p. 444.

**Мит 2: Жените не остануваат долго во компанијата за да стигнат до врвот**

**Реалност:** На менаџерските нивоа жените многу почесто остануваат во компанијата и ги пропуштаат унапредувањата кои доаѓаат однадвор. **Препорака:** Треба да се поддржи жената - менаџер и нејзиниот прогрес.

**Мит 3: Грижата за деца се кочница за жените да дојдат до врвот**

**Реалност:** Децата ја забавуваат кариерата само маргинално. Посериозните јазови во унапредувањето настануваат многу порано, уште пред жените да станат мајки. **Препорака:** Создадавање еднакви можности за кариерен развој, и за мажите и за жените, уште во раните фази од нивната кариера. Потребно е следење на кариерата на секој од нив, поединечно.

**Мит 4: Жените не стигнуваат до врвните позиции поради недостаток на самодоверба.**

**Реалност:** Жените јасно знаат кои се нивните можности и се внимателни во однос на ова шрашање. **Препорака:** Да се прави разлика меѓу балансираната самопромоција на жените и недостатокот на самодоверба.

**Мит 5: Жените немаат лидерски квалитети за да бидат на врвот**

**Реалност:** Однесувањето на мнозинството лидери е исто, без разлика на полот. **Препорака:** Зајакнување на одредени маргинални разлики во лидерското однесување.

**Мит 6: Жените немаат доволно контакти за да стигнат до врвот**

**Реалност:** Жените повеќе преферираат формални, отколку неформални контакти, кога бараат поддршка. **Препорака:** Лидерите од топ менаџментот да се поттикнат да ги споделуваат своите професионални контакти со своите колешки.

**Мит 7: Жените на високи позиции забораваат како стигнале до врвот**

**Реалност:** Жените активно им помагаат на другите жени да им се придружат на врвот на компанијата. **Препорака:** Топ менаџментот, без разлика на полот, треба да биде одговорен за поддржување на прогресот на жените во кариерата.

**Мит 8: Жените не можат да ги следат високо потенцијалните програми**

**Реалност:** Жените не ги гледаат програмите за развој како врвен стимулатор за успех во кариерата. **Препорака:** Инвестирање во активности, адаптирани за индивидуален кариерен развој на жените, како и следење и мерење на повратот од ваквата инвестиција.

**Мит 9: Формалната и флексибилна работна околина го олеснува патот на жената до врвот**

**Реалност:** Неформални и индивидуални состаноци директно со менаџерите, се она што жените го ценат. **Препорака:** Подобрување на квалитетот на неформалната комуникација.

**Мит 10: Бизнис клаузулата за родова диверзификација функционира**

**Реалност:** Личниот напредок е многу моќен мотиватор за промена на родова диверзификација. **Препорака:** Укажување, преку личен пример, за значајноста на родовата диферзификација.

## 2. Жените - менаџери во Република Македонија

Присуството и статусот на жената во работниот свет иако, во последниве години, се значително подобрени, сепак, кога се зборува за прогресијата на професионалните жени на лидерски позиции во Република Македонија може да се рече дека таа доста бавно се одвива. Статистиката покажува дека во државава, во 2018 година, вкупниот број на вработени жени изнесувал 282 илјади, од кои 76,3 проценти работеле во приватниот сектор, додека на менаџерски и лидерски позиции регистрирани се само 12% жени.

Најголемиот број микро и мали претпријатија се раководени од жени, а 30 % од новите помали компании се во сопственост на жена (со над 50 отсто сопственост). Иако оваа бројка соодветствува на ситуациите во Европа, треба да се напомене дека овие компании вработуваат само околу 10 отсто од вкупниот број вработени, што укажува на фактот дека, пред сѐ, тие се отворени заради потребата за егзистенција, а не за развивање реален бизнис.

Жените во Република Македонија се уште се соочуваат со потешкотии за завземање на лидерски позиции во нивната средина која е високо доминирана од машкиот свет, без оглед на секторот на вработувањето. Потребна е стратегија за обезбедување на еднакви можности за жените, особено во повисоките менаџерски структури, бидејќи тие често се во позиција на работна сила на пониско ниво, а во одредени случаи, работејќи ја истата професија како мажите, се помалку платени.

Постои силен деловен предизвик за зајакнување на придонесот на жените на менаџерски позиции за постигнување на организациските цели. На ова се надоврзуваат правните и етичките аргументи за учество на жените на извршните позиции. Се поголемите општествени очекувања за еднакви можности не можат повеќе да бидат игнорирани. Значителните промени ќе бараат посветен лидерски фокус кој може да биде постигнат со привлекување и ангажирање на квалитетни жени-менаџери и оптимизирање на придонесот на жените во менаџментот.

Иако женскиот начин на раководење е препознатлив, а работните места кои ги креираат жените-менаџери, во споредба со просекот во малото стопанство, обично се многу посигурни, економските показатели говорат дека женските претпријатија не растат со такво темпо како претпријатијата кои што ги основале мажи. Затоа укажувањата се дека има потреба да се работи на поттикнување на женското претприемаштво, за чиј развој е потребна финансиска поддршка преку државни програми.

Недоволно финансираните бизниси не успеваат. Женското претприемаштвото е напорна задача. Во однос на финансиите, дискриминацијата за достапноста на кредити е многу реално прашање со кое жените претприемачки се соочуваат.  Тие, општо земено, имаат помалку пристап до финансии и финансиска поддршка отколку мажите. Уште еден фактор за почнување бизнис е поддршката од семејството. Недостигот од охрабрување од домот, во комбинација со отпорот од општеството, во голема мера создава физички и психички бариери.

Утешителен е податокот што се покомпактниот и глобално компетитивен пазар на труд се соочува со уникатни напори на деловната заедница за промовирање и ангажирање на жените. Голем број на организации од граѓанскиот сектор во РМ повикуваат на усвојување стратегии за олеснување на родовиот диверзитет на работните места.

Жените можат да бидат и подобри менаџери од мажите, што, пак, е поврзано со способноста за добра организација што ја имаат. Во една студија се вели дека во бордовите со поголема застапеност на жените постои за 66 отсто поголема стапка на инвестиран капитал, додека друга студија покажува дека доколку само една жена е на управувачка функција, се намалува ризикот за банкрот за 20 отсто. Исто така, со нивно поставување на раководни функции побрзо се прифаќаат новите управувачки политики, така што има големи и оправдани причини за назначување повеќе жени на менаџерски позиции.

## Заклучок

Малите и средните претпријатија се ’рбетот на економијата. Инвестирањето во жените е едно од најефективните средства за зголемување на еднаквоста и промовирање инклузивен и одржлив економски развој. Жените создаваат нови работни места, при што флексибилноста е неизбрежна компонента за нивната успешност. Единствена константа е промената. Според тоа, тие мораат брзо да се приспособат на промените и секогаш да бидат подготвени за новите предизвици и барања кои ги наметнува пазарот.

Според податоците на Светска банка, евидентиран е тренд на константно намалување на бројот на жените кои учествуваат на пазарот на труд. Така, во 2013 имало 44 проценти, а во 2018 година 42 проценти, додека на високи раководни позиции биле под два процента. Поддршката, менторството и полесниот пристап до финансии за развој на бизнисот се клучни фактори кои влијаат врз нивната успешност. Посебно менторството игра важна улога во развојот на кариерата на успешните жени - менаџери.[6] Предизвиците вклучуваат поттикнување на флуентност во комуникацијата, бидејќи квалитетот на менторската врска е најважниот фактор во успехот на менторството.

Жените-менаџери треба да демонстрираат повеќе самодоверба, со цел да се справат со сериозните и тешки одлуки во услови на сложено деловно опкружување. Клучно е да се охрабрат за да почнат свои бизниси и да зајакнат финансиски. Во таа

[6] Headlam-Wells, J. (2004). E-mentoring for aspiring women managers, Women in Management Review, Vol. 19 Issue: 4, p.212

насока, потребно е да се активираат специфични мерки за развивање на деловниот потенцијал на жените-менаџери, со цел да се обезбеди економски раст и да се создадат нови работни места.

**Користена литература**


1. Balgiu, B. A., (2013). Perception of Women as Managers. The Difference of Attitudes between Employees and Non-employees, Procedia - Social and Behavioral Sciences, Volume 78, p. 330.
2. Chugh, S and Sahgal, P. (2007). Why Do Few Women Advance To Leadership Position?. Global Business Review, Available at: http:// www.eag.sagepub.com/ cgi/content/ abstract/8/2/351.
3. Headlam-Wells, J. (2004). E-mentoring for aspiring women managers, Women in Management Review, Vol. 19 Issue:4
4. Hoyt, C .L and Blascovich, J. (2007). Leadership efficacy & women leader's responses to stereotype activation. Group processes intergroup relations, Available at: http://www.gpi.sagepub.com/cgi/ content/abstract/10/4/595.
5. Koening, A. M., Eagly, A. H., Mitchell A.A., & Ristikari, T. (2011). Are leader stereotype masculine? A meta-analysis of three research paradigms, Psychological Bulletin, 137(4)
6. Latu, M. J., Schmid Mast, M., Lammers, J., Bombari, D., (2013). Successful female leaders empower women's behavior in leadership tasks. Journal of Experimental Social Psychology, Volume 49, Issue 3

**Проф. д-р Савица Димитриеска**
**Факултет за економски науки**
**Европски универзитет Република Македонија**
**е-маил: savica.Dimitrieska@eurm.edu.mk**
**Скопје, Македонија**

# ЗАСТАПЕНОСТА НА ЖЕНАТА ВО РЕКЛАМИТЕ

**Вовед**

Рекламите се алатка на компаниите за привлекување на внимание кај потрошувачите заради продажба на нивните производи и услуги и остварување профит. Во исто време, тие се одраз на постоечките општествени норми и доминантната национална култура. Ликовите (машки и женски) кои се користат во рекламите не говорат само за производите кои се нудат на пазарот, туку и за општествените, социјалните, политичките, научно-технолошките, културолошките прилики во даденото време.

Во последните 100 години, жените се таргети во рекламите, бидејќи тие се главни потрошувачи на производите. Но, иако главни потрошувачи, рекламните компании не ги портретираат жените како моќни, туку напротив, како зависни од мажите. Истражувањата покажуваат дека[7] рекламите го манипулираат и искривуваат имиџот за жената и создаваат стереотипи на жени како домаќинки или сексуални објекти. Рекламите константно прикажуваат нереални идеи за убавината на жените и тој имиџ доведува до ниска самодоверба, разочарување, проблеми во исхраната, ниска вредност и самопочит кај жените.

Главен предизвик денес е да се промени начинот на промовирање на стереотипи кај рекламните агенции. Преку едукација на јавноста за овие проблеми, (мизогинија, објектификација, сексизам), и само со позитивни реклами може да се промовира пореална слика за жената во рекламите. Во иднина треба да се поддржат оние реклами кои ја прикажуваат жената во нормални големини, бои и форми, кои промовираат здравје и самопочит и сексуалните прикази на жената да останат во минатото.

[7] Anthony Cortese, “Provocateur – Images of Women and Minorities in Advertising”, 3rd Edition, Rowman and Littlefield Publishers, New York, 2008

**Краток историски преглед**

Портретирањето на жената во рекламите се менува со развојот и промените во општеството. Во 1900-те години рекламите, од денешна перспектива, можат да се оценат како сексистички, навредливи и расистички. Жената е послабиот и потчинетиот пол кој постои за да му одоволи на мажот. Нејзиното место во рекламите е во домот, да се “воодушевува” од домашните обврски, како готвење, чистење, перење, грижа за сопругот и децата. Еден од најексплотираните женски ликови во рекламирањето од тоа време е Тетка Џемима која ги кани семејствата ширум светот на палачинки и домашна храна.[8] Ваквиот опис на жената како домаќинка е присутен во рекламите сè до Втората светска војна.

Големата светска криза и Втората светска војна оствaат длабоки траги во општеството, а воената пропаганда бара да се прошири улогата на жената во рекламите. Мажите заминуваат на боиште, а жената се охрабрува да биде столб во семејството и за државата. Преовладуваат реклами со жени работнички во фабрики и истовремено домаќинки.

Во периодот после војната, жената се враќа во домот и го чека сопругот. Маркетерите во рекламите повторно ги прикажуваат жените дома, а некои дури сугерираат дека жената-работник не е добра мајка![9].

Во 1950-те години рекламите се најизразено сексистички. Жената е врзана за домот, а во рекламите е потчинета на волјата на мажот. Освен потчинетост во рекламите се третира нејзината наивност, глупавост, послушност, необразованост. Во некои реклами жената е претставена како работничка, но во улога на секретарка, телефонски оператор, чиновничка која користи најсовремена канцелариска опрема и мебел. Сепак, таа е претставена како работник и следбеник, а не како шеф или лидер. Овие пораки значат дека жената треба да работи она што ќе го направи мажот успешен. Во други реклами, пак, жената е прикажана како немоќна (дури да отвори и шише со кечап!) и целосно зависна од мажот.

---

[8] Ad Age; “Women: Representations in Advertising”, Ad Age Encyclopedia, September 2003, https://adage.com/article/adage-encyclopedia/women-representations-advertising/98938/, посетена во ноември, 2018 година

[9] Ad Age; “Women: Representations in Advertising”, Ad Age Encyclopedia, September 2003, https://adage.com/article/adage-encyclopedia/women-representations-advertising/98938/, посетена во ноември, 2018 година

Во 1960-те и 1970-те години, во периодот на сексуалната револуција, феминистичките движења и движењата за женски права, драстично се менува портретирањето на жената во рекламите. Националната организација на жените, основана во 1966 година[10] бара да се отстрани стереотипното прикажување на жената во рекламите. Во рекламите акцентот е ставен на независните и слободни жени, кои иако мажени, имаат свој сопствен автомобил, имаат работа и учествуваат во заеднички одлуки за купување.

Во рекламите од 1980-те години жената се прикажува како кариерист и како "супер-мајка", со интегрирање на нејзината традиционална и современа улога. Таа е секси, но истовремено способна, независна, еманципирана.

1990-те години донесуваат драматични промени во прикажувањето на жените во рекламите. Се промовира т.н "реверзибилен сексизам"[11], каде што потчинета улога во општеството и рекламите имаат мажите. На ослободните жени не им се потребни мажи. Истражувањата покажуваат дека во овој период се јавува силна корелација помеѓу моделите во рекламите кои се екстремно слаби и кревки и неправилната исхрана кај младите жени и девојки. Психолозите, нутриционистите и активистите укажуваат на зголемениот број жени заболени од булимија и анорексија, токму поради влијанието на рекламите.

**Рекламите во Република Македонија**

Во Република Македонија, според Годишниот извештај на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги од 2016 година, во однос на рекламирањето може да се заклучи следното[12]:

1) Постои изедначеност во присуството на мажите и жените во рекламите, како главни ликови со истовремено забележливо присуство на девојчиња и момчиња во

[10] Ad Age; "Women: Representations in Advertising", Ad Age Encyclopedia, September 2003, https://adage.com/article/adage-encyclopedia/women-representations-advertising/98938/, посетена во ноември, 2018 година

[11] Ad Age; "Women: Representations in Advertising", Ad Age Encyclopedia, September 2003, https://adage.com/article/adage-encyclopedia/women-representations-advertising/98938/, посетена во ноември, 2018 година

[12] Академик "Како се прикажуваат жените во рекламите – Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост", Академик, 10 ноември, 2017 година, https://www.akademik.mk/kako-se-prikazhuvaat-zhenite-vo-reklamite-godishen-izveshtaj-za-implementatsija-na-strategijata-za-rodova-ednakvost//, посетена во ноември, 2018 година

нив (како самостојни носители на содржината или како дополнување на семејната атмосфера).

2) Во рекламите, најзастапена возрасна група се жените од 31-45 години, а потоа следуваат оние на возраст од 18-30 години. Мажите, исто така, најчесто се на возраст од 31-45 години, по што следуваат оние кои припаѓаат на категоријата на повозрасни од 46 години. Ова е поради претпоставката дека жените/ мажите на таа возраст се потенцијално најголеми потрошувачи на производи и услуги.
3) Жените рекламираат најчесто производи за жени, но и други категории на производи и услуги.

Жените, без оглед дали се главни или споредни субјекти во рекламите, во повеќето случаи се носители на традиционални улоги: домаќинки, сопруги и мајки. Во некои реклами тие имаат неутрални улоги, а во одделни реклами се претставени како декорација. Забележани се реклами во кои тие го привлекуваат вниманието со својот физички изглед и се заводнички. Традиционалното претставување на жените е најчесто при рекламирањето прехранбени продукти, средства за чистење на домот, како и во рекламите кои се наменети за децата. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нотирала ширење на мизогинија и сексизам на програмите на повеќе радиостаници.

**Рекламите денес**

Денес, во рекламите жената е прифатена во секаква улога, во сите форми, големини и бои. Таа може да биде и млада и стара, тенка и полна, да изгледа спортски или лежерно, да биде интелигентна, да биде мајка или сопруга. Сепак, во светот останува проблемот на објектификација, сексизам и мизогинија во рекламите. Иако во скриени форми, сепак во рекламите се забележуваат овие предрасуди за жените и девојките. Под притисок на женските движења, но и јавноста во целина може да се очекува попозитивно прикажување на жените во рекламите. Но, мора да се има во предвид и тоа дека вредностите кои денес ни изгледаат либерални и слободоумни, за следните генерации можат да бидат проблематични.

**Користена литература**


- Anthony Cortese, "Provocateur – Images of Women and Minorities in Advertising", 3rd Edition, Rowman and Littlefield Publishers, New York, 2008
- Академик "Како се прикажуваат жените во рекламите – Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост", Академик, 10 ноември, 2017 година, https://www.akademik.mk/kako-se-prikazhuvaat-zhenite-vo-reklamite-godishen-izveshtaj-za-implementatsija-na-strategijata-za-rodova-ednakvost//, посетена во ноември, 2018 година
- Ad Age; "Women: Representations in Advertising", Ad Age Encyclopedia, September 2003, https://adage.com/article/adage-encyclopedia/women-representations-advertising/98938/, посетена во ноември, 2018 година
- Disalvatore Ellen "Portrayal of Women in Advertising", New York, 2010
- Patterson Maurice, Story Vicky, Lisa O'Malley, "Women in Advertising: Representations, Repercussions and Responses", Research Gate, January, 2009
- Silverstein Maddie, "WHM: Women's Past, Present and Future in Advertising", March, 2018
- Sivulka Juliann, "Ad Women: How they impact what we need, want and buy", New York, Prometheus Books, 2009

**Professor PhD Aleksandra Stankovska**
**Faculty of Economy**
**European University Republic of Macedonia**
**e-mail: aleksandra.stankovska@eurm.edu.mk**
**Skopje, Republic of Macedonia**

# WOMEN’S ROLE IN THE FINANCE INDUSTRY

## Introduction

The finance industry has traditionally been a male-dominated environment, particularly at higher levels. Men are financial daredevils who like risk and women are cautious and want security — that's the standard cliché, relatively speaking. Said another way, men are thought to be more risk-friendly than women. Historically, the world of finance has always been a male-dominated industry. However, there are now signs that this is beginning to change.

In a report conducted in 32 countries, it said that there is significant progress of women joining the finance industry. The increases in number, though, are not as fast or evident as the number of men working in the industry. A Bloomberg article stated that there are fewer women in the senior positions of finance. It further explained that it may be because there are fewer women that actually apply for jobs in the financial role.

## Analysis and discussion

The past decade has seen a number of women get leading jobs in the finance industry. Female representation is growing on financial services boards (20% in 2016) and executive committees (16% in 2016), but progress is slow. At current rates of growth, financial services globally will reach 30 percent female executive committee representation by 2048 only. The challenge that women are facing today is not just that of high expectations from peers and family members. One of these challenges include being able to work full time in the role as a financial expert while managing family life and personal interests. Most often, these things seem easily achieved by men.

According to the 2017 World Economic Forum’s Global Gender Gap Report, “Female talent remains one of the most underutilized business resources.” In some industries, like finance,

this is especially clear. In finance, as career level rises, female representation declines. Although 46 percent of financial services employees are women, at the executive level, it's only 15 percent.[1]

In the United States, more than half of accounting graduates are women and 61.3% of accountants and auditors are women, but only 12.5% of CFO in Fortune 500 companies are women. Women make up 51% of full-time staff at CPA firms, but women represent only 24% of partners and principals. The percentage of women on management committees grew from 17% in 2011 to 24% in 2017.[2]

In North America, women account for over half of the entry-level workforce in financial services. They have reached the highest levels within companies, and their numbers at the top continue to grow, albeit slowly. Despite this progress, women still represent less than one in five positions in the financial-services C-suite. There is much work to be done to achieve gender parity in the financial-services sector.

Women represent nearly half of all employees in the Global financial service industry (table1 & table 2).

**Table 1**

**Women's Shere of Employment in Finance and Insurance Activities**

| **Country** | **% 2016** |
|---|---|
| Finland | 58.8% |
| France | 57.2% |
| Germany | 50.3% |
| Italy | 44.1% |
| Japan | 52.2% |
| Norway | 48.9% |
| Portugal | 42.0% |
| Spain | 51.3% |
| Sweden | 53.6% |
| Switzerland | 41.4% |
| United Kindom | 43.5% |

Source: https://www.catalyst.org/knowledge/women-financial-services

[1]https://www.forbes.com/sites/forbesmarketplace/2018/06/05/5-things-you-need-to-know-about-women-in finance/#7623f5e94e77

[2] http://bit.ly/2OjeOqZ

In the 1980s, pioneering women began moving into management roles and into frontline business areas, such as investment banking. Today 47% of management and professional roles in American financial firms are occupied by women, according to the U.S. Bureau of Labor Statistics.

**Table 2**

**Women's Shere of Employment in Finance in Canada and USA**

| **Canadian Women's Employment In Finance Services, 2016** | | **Women in the US Financial Services Industry, 2016** | |
|---|---|---|---|
| **Occupation** | **% of Women** | **Occupation** | **% of Women** |
| Financial managers | 57.7% | Accountants & Auditors | 61.3% |
| Insurance, real estate, and financial brokerage managers | 42.8% | Financial Managers | 52.5% |
| Banking, credit, & other investment managers | 56.2% | Financial Analysts | 36.9% |
| Financial & investment analysts | 45.0% | | |
| Securitie agents, investment dealers, & brokers | 31.4% | | |

Source: https://www.catalyst.org/knowledge/women-financial-services

The majority of junior staff working in financial services are women but only one in four of those who reach a senior role is female, according to exclusive Financial Times data that highlight the struggle the industry faces to close the gender gap.[3] Women are vastly under-represented in the financial industry. Most international surveys show female representation in senior finance roles to be somewhere between 15 and 25%. As this gap narrows, it will work in favour of women who want to earn a lot of money.

Technology is revolutionizing conventional financial services, and FinTech disruption is occurring at an exponential rate. But to date, FinTech's disruptive force has not had the desired impact on the issue of gender diversity. Women are powering through to drive change, but the stagnation of women in leadership positions in this sector, and the diminution of female technology talent continues.

[3] https://ig.ft.com/managements-missing-women-data

Echoing ratios found in traditional financial services, women lead just 5% of European Fintech companies 1 , with only 7% of Fintechs worldwide employing female executives 2.[4]

Beyond all the technological potential and the innovation, the industry still scores low on gender diversity and inclusion:[5]

- in the UK Fintech space, women represent 29% of the workforce, despite 47% of the workforce overall being female. Furthermore, only 17% of women hold leadership positions (source: a 2017 study by EY and Innovate Finance);
- the percentage of women executives in Fintech is only 8% worldwide, as compared with 22% in the major banks;
- looking at the companies listed for the Fintech50, out of 124 founders only 6 are women;
- women account for just 15% of all listed inventors behind 9 million patent applications across 182 countries;
- only 54% of women have access to senior level mentors;
- just about 20% of medium and large firm managers worldwide and only 2% of bank CEOs are women. Interesting findings, given the fact that women account for half of the consumer base all the Fintech products and services aim to reach.

Bahrain's has made it a natural area for financial technology for some years now. As the government has invested heavily in Fintech and as it moves toward innovation and digitization, more and more of its women are becoming involved as well. One of the most recent initiatives is Women in FinTech Bahrain, a network made up of professional women who are in financial services or other areas of banking. The organization is open to women who work in banks and who have founded. Fintech companies, as well as finance-related entrepreneurs who are working to attract new business and investors to Bahrain. The group is looking to include all women accelerators and innovators to lead the way forward for Bahrain Fintech.

[4] https://www.fintech.finance/01-news/we-need-more-women-in-fintech-the-why-the-how/

[5] https://pay.g2a.com/blog/women-in-fintech-aiming-for-gender-equality-in-an-unequal-industry/

## Conclusions

Women are underrepresented at all levels of the global financial system, from depositors and borrowers to bank board members and regulators. Greater inclusion of women as users, providers, and regulators of financial services would have benefits beyond addressing gender inequality. Narrowing the gender gap would foster greater stability in the banking system and enhance economic growth. It could also contribute to more effective monetary and fiscal policy.

## Reference:


1. www.oliverwyman.com/our-expertise/insights/2016/jun/women-in-financial-services-2016.html#.V2I0_leBAhY
2. www.forbes.com/sites/forbesmarketplace/2018/06/05/5-things-you-need-to-know-about-women-in-finance/#7623f5e94e77
3. https://www.fintech.finance/01-news/we-need-more-women-in-fintech-the-why-the-how/
4. http://bit.ly/2OjeOqZ
5. https://www.catalyst.org/knowledge/women-financial-services
6. https://ig.ft.com/managements-missing-women-data
7. https://pay.g2a.com/blog/women-in-fintech-aiming-for-gender-equality-in-an-unequal-industry/

**Асс. М-р Верица Најдовска**
**Факултет за економски науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**Е-маил: verica.najdovska@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**
+

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЖЕНАТА ПРЕТПРИЕМАЧ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Патријархалната матрица и традиционалната поделба на машко-женски улоги, особено во делот околу домот и семејството, сѐ уште се пречка во голема мерка, особено во руралните средини. Истражувањето спроведено од страна на Хелсиншки комитет за човекови права во Република Македонија, покажа дека денес животот на руралните жени во одредени средини се разликува во однос на минатото, како резултат на општествените промени кои се последица на демократизирање на општеството, како и стремежот на жената кон рамноправност, глобализацијата.[13] Руралните жени сепак преставуваат група што е најисклучена од економскиот живот во споредба со руралните мажи, како и со жителите од урбаните средини.

Малото учество на жените во стопанството му штети на економскиот раст. Светска банка укажува на фактот дека родовата нееднаквост и ниската застапеност на жените на пазарот на труд прави загуби во БДП кои достигаат и до 15 % . Жените во Македонија потешко наоѓаат работа и нивниот труд не е еднакво вреднуван како на мажите дури и во ситуации кога имаат поголеми квалификации, „во 2014-2015 вкупните загуби на приходите биле 15 % . Тоа е драматична загуба во придонесот кон секој поединец, но и во економијата” истакнуваат од Светската Банка.

Стапката на вработеност во Република Македонија во 2016 година кај жените изнесува 33.8 и е значително пониска во споредба со онаа кај мажите која изнесува 52.3. Стапката на невработеност кај жените изнесува 22.7, а кај мажите 24.4. Стапката на активност кај жените е пониска и изнесува 43.8, а забележливо е повисока кај мажите и изнесува 69.2. Во табелите подолу (според ДЗС) каде се наведени вработените според статусот на вработеност, по пол и урбан и рурален дел и тоа во период од (2013-2016) можеме да видиме дека соодносот на мажите (како од

[13] Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ и др., “Анализа на состојбата на жените во рурални средини : повеќе пречки одколку можности”, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2018.

руралните, така и од урбаните области) е постојано двапати поголем од оној на руралните жени, за речиси сите возрасни групи. Урбаните жени на возраст од 25 до 60 години се поактивно вклучени во работната сила од руралните жени. Таквата разлика, пак, не постои кај урбаните мажи наспроти руралните мажи. Ова претполага дека руралните жени се соочуваат со повеќе предизвици при нивниот пристап до пазарот на трудот. Покрај ниското образование и ограничените можности за вработување, дополнителните пречки ги вклучуваат предизвиците во однос на превозот, недостигот на установи за грижа за деца, ограничен пристап до информации за можности за вработување и пристап до кредити, заеми за земјоделски активности итн. Последни, но не помалку важни се и патријархалните традиции и стереотипите, кои исто така играат улога. Но, од исклучителна важност е да се напомене дека тенденцијата на самовработување, односно вработување за сопствена сметка бележи раст од 2014 па се до последните податоци за 2016 година и тоа од 9.060 во 2014, 11.420 во 2015 и 12.278 во 2016 година.

Ваквата тенденција на зголемен раст на жента како работодавач/самовработен е од исклучителна важност за економскиот развој на руралните средини во Република Македонија. Имено, бројот на самовработени жени во руралните средини е поголем за речиси 40% од оној на самовработените жени во урбаните средини.

Пазар на труд
Labour Market

**Вработени според статусот на вработеност, по пол, урбан и рурален дел, 2013**
**Employed by status of employment and gender, urban and rural, 2013**

| Статус на вработеност<br>Status of employment | Број<br>Number | | Структура по пол<br>Sex distribution | |
|---|---|---|---|---|
| | жени<br>Women | мажи<br>Men | жени<br>Women | мажи<br>Men |
| **УРБАН дел**<br>**URBAN** | | | | |
| Вработен/ Employee | 151 838 | 175 959 | 46.3 | 53.7 |
| Работодавец/ Employer | 6 647 | 15 967 | 29.4 | 70.6 |
| Вработен за сопствена сметка<br>Own-account worker | 6 860 | 22 337 | 23.5 | 76.5 |
| Неплатен семеен работник<br>Unpaid family worker | 3 214 | 2 879 | 52.7 | 47.3 |
| **Вкупно/ Total** | **168 559** | **217 142** | **43.7** | **56.3** |
| **РУРАЛЕН дел**<br>**RURAL** | | | | |
| Вработен/ Employee | 51 460 | 108 854 | 32.1 | 67.9 |
| Работодавец/ Employer | 2 341 | 6 702 | 25.9 | 74.1 |
| Вработен за сопствена сметка<br>Own-account worker | 13 185 | 55 800 | 19.1 | 80.9 |
| Неплатен семеен работник<br>Unpaid family worker | 35 763 | 19 033 | 65.3 | 34.7 |
| **Вкупно/ Total** | **102 748** | **190 389** | **35.1** | **64.9** |

Извор: Анкета за работната сила

Пазар на труд
Labour Market

Вработени според статусот на вработеност, по пол, урбан и рурален дел, 2014
Employed persons by status of employment and gender, urban and rural, 2014

| Статус на вработеност<br>Status of employment | Број<br>Number | | Структура по пол<br>Sex distribution | |
|---|---|---|---|---|
| | жени<br>Women | мажи<br>Men | жени<br>Women | мажи<br>Men |
| **УРБАН дел**<br>**URBAN** | | | | |
| Вработен/ Employee | 155 232 | 178 919 | 46.5 | 53.5 |
| Работодавец/ Employer | 4 149 | 13 128 | 24.0 | 76.0 |
| Вработен за сопствена сметка<br>Own-account worker | 6 005 | 22 502 | 21.1 | 78.9 |
| Неплатен семеен работник<br>Unpaid family worker | 2 820 | 2 606 | 52.0 | 48.0 |
| **Вкупно/ Total** | **168 206** | **217 155** | **43.6** | **56.4** |
| **РУРАЛЕН дел**<br>**RURAL** | | | | |
| Вработен/ Employee | 56 492 | 115 484 | 32.8 | 67.2 |
| Работодавец/ Employer | 2 160 | 7 477 | 22.4 | 77.6 |
| Вработен за сопствена сметка<br>Own-account worker | 9 060 | 58 835 | 13.3 | 86.7 |
| Неплатен семеен работник<br>Unpaid family worker | 34 682 | 20 639 | 62.7 | 37.3 |
| **Вкупно/ Total** | **102 393** | **202 435** | **33.6** | **66.4** |

Извор: Анкета за работната сила
Source: Labour Force Survey

Пазар на труд
Labour Market

**Вработени според статусот на вработеност, по пол, урбан и рурален дел, 2015**
**Employed persons by status of employment and gender, urban and rural, 2015**

| Статус на вработеност / Status of employment | Број / Number | | Структура по пол / Sex distribution | |
|---|---|---|---|---|
| | жени / Women | мажи / Men | жени / Women | мажи / Men |
| **УРБАН дел / URBAN** | | | | |
| Вработен/ Employee | 159 715 | 180 392 | 40.0 | 45.2 |
| Работодавец/ Employer | 5 946 | 14 885 | 1.5 | 3.7 |
| Вработен за сопствена сметка / Own-account worker | 6 651 | 24 345 | 1.7 | 6.1 |
| Неплатен семеен работник / Unpaid family worker | 3 958 | 2 906 | 1.0 | 0.7 |
| **Вкупно/ Total** | **176 269** | **222 529** | **44.2** | **55.8** |
| **РУРАЛЕН дел / RURAL** | | | | |
| Вработен/ Employee | 62 167 | 119 262 | 20.2 | 38.8 |
| Работодавец/ Employer | 1 610 | 7 967 | 0.5 | 2.6 |
| Вработен за сопствена сметка / Own-account worker | 11 420 | 55 600 | 3.7 | 18.1 |
| Неплатен семеен работник / Unpaid family worker | 30 611 | 18 557 | 10.0 | 6.0 |
| **Вкупно/ Total** | **105 808** | **201 385** | **34.4** | **65.6** |

Извор: Анкета за работната сила
Source: Labour Force Survey

Пазар на труд
Labour Market

**Вработени според статусот на вработеност, по пол, урбан и рурален дел, 2016**
**Employed persons by status of employment and gender, urban and rural, 2016**

| Статус на вработеност / Status of employment | Број / Number | | Структура по пол / Sex distribution | |
|---|---|---|---|---|
| | жени / Women | мажи / Men | жени / Women | мажи / Men |
| **УРБАН дел / URBAN** | | | | |
| Вработен/ Employee | 160 278 | 190 331 | 38.8 | 46.0 |
| Работодавец/ Employer | 6 286 | 15 812 | 1.5 | 3.8 |
| Вработен за сопствена сметка / Own-account worker | 7 427 | 25 680 | 1.8 | 6.2 |
| Неплатен семеен работник / Unpaid family worker | 4 441 | 3 129 | 1.1 | 0.8 |
| **Вкупно/ Total** | **178 432** | **234 951** | **43.2** | **56.8** |
| **РУРАЛЕН дел / RURAL** | | | | |
| Вработен/ Employee | 67 268 | 131 096 | 21.7 | 42.3 |
| Работодавец/ Employer | 1 671 | 8 234 | 0.5 | 2.7 |
| Вработен за сопствена сметка / Own-account worker | 12 278 | 49 980 | 4.0 | 16.1 |
| Неплатен семеен работник / Unpaid family worker | 24 186 | 15 455 | 7.8 | 5.0 |
| **Вкупно/ Total** | **105 402** | **204 765** | **34.0** | **66.0** |

Извор: Анкета за работната сила
Source: Labour Force Survey

Доколку се зголеми вработувањето на жените во руралните средини и се искористат нивните вештини и квалификации, тоа ќе придонесе за раст на БДП и покрај фактот дека тоа е тешко да се пресмета односно разграничи. Економското јакнење на руралната жена е едно од фундаменталните човекови права, а клучно за намалување на сиромаштијата, поттикнување на економскиот развој и развојот на општеството.

**Асс. М-р Верица Неделковска**
**Факултет за економски науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**Е-маил: verica.nedelkovska@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

## ЖЕНАТА ВО УЛОГА НА КРЕАТОР НА БРЕНДОВИ

Променливата улога на жените во општеството денес претставува една од најдискутабилните теми во 21 век. Во ера на сеизмички културни промени кога активизмот е насочен против сите видови нееднаквост, не само расна, туку и родова - иднината на брендирањето и на крајот општеството, не е специфична за родот, туку може да биде резултат на силата на двата пола.

Кога станува збор за половите, факт е дека денес ниту една компанија не може да си дозволи да ги игнорира жените. Иако, претставено на комичен начин, Вуди Ален, во филмот “Моќната Афродита”, на прашањето на синот кој е газда во куќата, тој или мајка му, тој одговара “Јас сум газда, а мајка ти е само доносител на одлуките.” што укажува на сè поголемото влијание на жените во нашиот свет. Жените во голема мерка поседуваат способност каква што бара бизнис климата на новите економии – способност за решавање проблеми, комуницирање и управување со информациите. Да не ги споменуваме креативноста, флексибилноста и хуманиот пристап кои имаат сè поголемо значење во современото работење.

Сето ова упатува на заклучокот дека суштината на денешното работење не се состои во создавањето најдобри производи, туку во создавањето бренд и познавањето на потрошувачот, што на жените им оди исклучително добро.[14]

Жените се определуваат за лично, непосредно воспоставување на врска како начин за пронаоѓање на решение за деловните проблеми. Освен тоа, холистички ја сфаќаат блискоста со потрошувачите, што им овозможува да добијат поширока претстава за одреден бренд и неговиот имиџ, филозофија или етика, што претставува само вовед во сè поголемото зајакнување на женската улога. Ова можеме да го

[14]Достапно на: https://www.pearlfisher.com/live/perspectives/the-future-of-branding-for-women-%E2% 80 %8B why-pink-is-not-the-problem/

поврземе и со констатацијата дека жените поседуваат вродени организациони и креативни способности, па оттаму не треба да не зачудува фактот што истите денес се сопственички на познати и успешни брендови. Во тој контекст се обработуваат 5-те клучни елементи кои жените како креатор на бренд ги имаат кон своите потрошувачи а тоа се: уважување, индивидуалност, ослободување од стресот, врска и блискост.[15]

Како што жените освојуваат сè повисоки позиции во корпорациите нивното влијание на деловното работење сè повеќе се зголемува. Со примена на поинаков пристап и деловна стратегија во менаџирањето и нагласувањето на потребата за поквалитетна организација на личниот живот, жените едноставно го менуваат начинот на кој се води работата и функционираат организациите. Почнувајќи од познати козметички брендови па сè до IT секторот, жените се носители на револуционерни проекти, а следниве пет брендови: Flikr, Proactiv, Cisco, Liquid Paper и Body Shop се токму резултат на женската креативност.[16]

Кога станува збор за автомобилската индустрија, компанијата Ford, улогата на креирање на дизајнот на своите модели им го повери на жените. Нивниот караван "vindstar" од 1999 година е дизајниран од тим од педесет жени од кои триесет биле мајки. Тие на основа на личното искуство внеле мноштво измени, како што е пригушеното осветлување, како не би им одело во очи на бебињата кога ќе се отвори вратата, или преграда со место кое е посебно предвидено за пелени, како и прекинувач кој го спречува автоматското заклучување на вратите додека автомобилот работи а возачот мора на брзина да излезе да ги провери децата кои се караат или плачат на задното седиште. Меѓутоа, и покрај ова, изненадува фактот што сè уште постојат голем број на компании кои не водат сметка за стереотипите и недоволното разбирање на вистинските желби и потреби на жените.

Придонесот кој жените можат да го дадат во компаниите не се однесува само на развојот на дизајните на производите, туку и на организационата култура и организациониот амбиент во компаниите. Таков пример е компанијата за производство на компјутерски програми SAS Institut, која на вработените им нуди бројни флексибилни бенефиции, посебно погодни за семејствата, почнувајќи од детски

[15] Emotional Branding: The New Paradigm for Connecting Brands to People, Author Marc Gobe, Edition revised Publisher Allworth Press
[16]Достапно на: https://www.businessnewsdaily.com/2156-women-owned-businesses.html

градинки и амбуланти во рамки на компанијата, па сè до фамилијарни ресторани. Сето ова е од причина што компанијата сака да биде конкурентна во привлекувањето на квалитетна женска работна сила.

Луѓето преоптоварени со стрес насекаде бараат начин да им угодат на своите сетила и да воспостават рамнотежа. Вероник Вијен, авторка на книгата “Уметноста на неработењето”, во која ја открива убавината и мирот во нашиот секојдневен живот, истакнува како инспирацијата ја препознала во внатрешната потреба за поедноставен начин за воспоставување врска со сопствената личност на подлабоко ниво, како што е лежењето на плажа и слушањето на волшебните звуци на брановите.[17]

Во контекст на ова, многу корпорации поттикнати од ваквите примери започнуваат да ја разгледуваат предноста на овој начин на размислување и неговото значење за вработените. Со цел да ги поттикнат на креативност сопствените вработени, компанијата за адвертјзинг GDS&M направила зен градина со лавиринт, во која не можат да се внесат мобилни телефони и компјутери.

Како потврда за успешноста на жените во поглед на познатите брендови говори и последната листа на списанието "Форбс" за 2018 година, на која се најдоа рекорден број на жени, дури 256, чие вкупно богатство се зголеми за дури 20% во однос на изминатата година. Според истото, десетте најбогати жени во светот на бизнисот се:[18]

- Алис Волтон, ќерка на основачот на американската компанија "Walmart", Сем Волтон. Вредноста на нејзиниот имот изнесува 46 милијарди долари.
- Второто место и припаѓа на Франсоаз Бетенкур Мејерс, наследничка на козметичкиот гигант "Лореал". Нејзиниот имот е проценет на 42,2 милијарди долари.
- На трето место се наоѓа Сузан Клатен, наследничка на дел од акциите на автомобилски гигант БМВ, и чии средства се проценуваат на 25 милијарди долари.
- Четвртото место и припаѓа на Жаклин Марс, производител на познатиот бренд на Марс бонбони. Нејзиното богатство изнесува 23,6 милијарди долари.

---

[17] The Art of Doing Nothing: *simple ways to make times for yourself*, Veronique Vienne, Erica Lennard, Hardcover – August 25, 1998

[18] Достапно на: https://www.forbes.com/billionaires/list/#version:static

- На петтото место се наоѓа Јанг Хуијан од Кина, со богатство од 21,9 милијарди долари, која тргува со недвижнини.
- Шестата најбогата жена на светот е Лорин Пауел Џобс, вдовицата на Стив Џобс, која има акции во Apple и Дизни, а нејзиното богатство се проценува на 18,8 милијарди долари.
- Седмото место ѝ припаѓа на Џин Рајнхарт од Австралија со 17,4 милијарди долари, која се занимава со рударство.
- Осма на листата е Ирис Фонтбона  од Чиле, која исто така е ангажирана во рударството и поседува 16,3 милијарди долари.
- На деветтото место е Авигеја Џонсон од САД, која се занимава со финансиски менаџмент, чие богатство изнесува 15,9 милијарди.
- И десеттото место и припаѓа на  Шарлин де Карваљо-Хајнекен, една од данските наследници  на компанијата за производство на пиво, а нејзиното лично богатство изнесува 15,8 милијарди долари.

Во правец на потврда на овој факт говорат и предвидувањата за новата економија, според кои,  жените ќе стануваат сè повеќе ценети токму поради нивната сензитивност на потребите, желбите, и емоциите на потрошувачите.

**Асс.м-р. Тања Крстева**
**Факултет за економски науки**
**Европски Универзитет-Република Македонија**
**е-маил: tanja.krsteva@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

## ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЖЕНАТА ВО МАРКЕТИНГОТ

Човековото општество има долга традиција во сексуализирање и злоупотреба на женското тело. Телата на жените во порнографијата се по урнек на машките фантазии за тоа како треба да изгледаат. А машката фантазија секогаш била основна алатка за да се продадат што повеќе автомобили, филмови, храна...што и да е.

Ким Кардашијан на друштвените мрежи објави разголено селфи, добар дел од интернет заедницата ја осуди. Се чини дека сексуализацијата на женското тело е единствено прифатлива кога е направена без дозвола. Кога е понудена на послужавник, како што тоа го прави Ким, фидбекот во денешното општество е по правило негативен.



Ким е сепак идол и икона за милиони млади жени низ светот, а степенот на “вина” не е ист кога некој друг ја претставува како секс-објект со оној кога тоа го прави самата.

Како и да е, нас не интересира еден друг момент од овој настан. Зборуваме  за реакцијата на Кардашијан на таквиот негативен фидбек. Не, таа не се извини, ниту пак тврдо се спротивстави со аргументот дека е нејзина работа ќе привлекува внимание. Не, наместо тоа, таа се повика на картата на "еманципација на жените" и објави мини-есеј на таа тема на Твитер.

Тие што со критички ум "ги следат" Кардашијанс по медиумите, знаат дека тие се се само не пример за еманципација. Кога беше критикувана, Ким ги нападна другите жени по основа на нивната возраст и неславност-далеку од феминистички потег. Реалноста е дека Ким уште еднаш ги искористи атрибутите со единствена цел да привлече внимание, а сепак изигрувањето на феминистичката карта за себични цели се покажа како супер-афектно. Многу списанија напишаа коментар на есејот и и аплаудираа на напишаното. Интернет публиката трогната бришеше солзи и со неверување нишаше со главите кога ќе помислење дека се дрзнале да ја критикуваат оваа светица.

Во меѓувреме, истата карта ја играат и компаните, со цел да ја зголемат продажбата на нивните продукти. Како и во случајот Кардашијан, феминизмот се покажува како една од најефектните алатки на брендирањето. Капитализмот отсекогаш бил брз во тоа да ги намириса и експлоатира општествените движења. Прво беа женските тела, а сега се чини дека е обратното-самиот феминизам. Со други зборови, бизнисот ги  потценува проблемите на жените во денешното општество и ги користи за маркетинг цели, продавајќи ја еманципацијата како продукт.

Кампањата Real Beauty на Dove се смета за пиониер во "фемвертајзингот". Славни жени како Пинк и Елен Џеџенерис беа во првите редови на тие што ја поздравија оваа иницијатива, а оттогаш растот беше инстантен. Во 2005-та, продажбата на Dove се зголеми за речиси 20%-само една година по лансирањето на кампањата. По нив, на сцената настапи и Pantene,  со хаштази од типот на #Shinestrong (блескај силно) и видеа во кои жените беа потсетени дека секојдневно прават компромиси во општеството и сите средини од нивните животи, дури и без да се свесни за тоа.




Сепак, причината за успешноста на рекламите не беше во тоа што млади храбри девојки зборуваа мудри зборови директно во камера, или затоа што жени од малцинствата се нарекуваа себе си “убави”, туку затоа што видеата се зачинети со дози вистина. Да, беа креирани со дел да се зголемат продажбите, но се чинеше дека имаат искрени намери и дека ја разбираат одговорноста што доаѓа со маркетингот. Кампањите беа автентични и невообразени, а феминистичкото движење се чини дека ги цени ваквите аспекти.

Со други зборови, проблемот не губи од важноста ако го вплетеме во маркетингот. Да, со порамнување на нивните вредности со оние на феминизмот, кампањата на Dove ја зголеми продажбата на денешните 4 милијарди долари, од 2.5 милијарди во годината кога ја отвори кампањата. Но, важно е и дека ја смени општата перцепција и придонесе за лансирање на феминизмот во мејнстрим сферата.

Иако потегот на Ким во суштина го уби феминизмот, тој е пример за тоа како капитализмот и консумеризмот можат да бидат искористени како алатка за општествена промена, дури и ако публиката се вклучува единствено како пасивен патник на возот кој веќе е во движење т.е. речено со интернет жаркон-се приклучува на bandwagon-от. Ако не беше Ким, можеби немаше тема на разговор да стане општествената перцепција за тоа дека жените имаат право да изберат што да прават со своето тело. Нејзината реакција наведе кон заклучокот дека ослободувањето на жените

не почнува таму каде што завршува објектификацијата на жените  од страна на општеството, туку кога жената ќе ги земе конците во свои раце и ќе стане капетан на својот брод, наместо да плови по општестените убедувања, било да се тие дека жената е секс-објект или она спротивното.

Можеби рекламните кампањи не можат да го намалат јазот помеѓу платите на мажите и жените, или да им обезбедат образование на младите девојки ширум светот, но можат да ги натераат луѓето да зборуваат за проблеми што инаку често ги пропуштат. Во  реклама на Always, на пример, главната тема е сексизмот во емотиконите. Статистиката оди во прилог на таквото тврдење: 70% од девојките користат емоџи со цел да се самоизразат при електронската комуникација, и тоа неколку пати на ден, а сепак емотиконите се полни со стереотипи. Мачките емотикони прикажуваат луѓе што спортуваат или имаат професија, додека женските се прикажани како танцуваат, си го лакираат ноктите и носат розево.




Денес феминизмот е извитоперен на многу нивоа и многумина го сметаат за глупост. Од една страна, апсурдно е да се расправаме за емотикони кога во неколку африкански и арапски земји, девојчињата на возраст до 5 години се подложни на кастрација на клиторисот, на пример. Од дрга страна, маркетинг кампањите се едноставни и јасно демонстрираат дека уште постојат одредени проблеми под површината и западната рамноправност. Од трета- ако овие кампањи имаа искрени

намери, а не беа со цел да го зголемат профитот, можеби наместо за емоци, ќе зборуваа токму за сериозните глобални проблеми со кои се соочуваат жените.

*Медиумските претстави за предвидената квазифункција на жената во општеството вршат еден вид секојдневна инфотортура и свесно наметнуваат норми за изглед и однесување. Наспроти сите декларативно добиени законски права што ги изедначуваат жените и мажите, се понаметнато се случува манипулативно изместување на претставите за цивилизациските достигнувања, вредности, карактеристики што се позитивен пример на полова / родова еднаквост и, за жал, во современите рекламни кампањи ( базирани врз телесната појавност), речиси без исклучок, функцијата на жената се дефинира како синоним за репродукција и сексуалност.*

Маркетингот и мејнстрим културата имаат огромна моќ и потенцијал. Дали ќе ги искористиме за извитоперување на вистината, за нејзино заташкување или за суштински промени кон подобро-веројатно зависи од општествената свест во целост. Досега не се покажавме баш најдобро.

**Асс. М-р Џихан Ахмед**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: cihan.ahmed@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ЖЕНИ МЕНАЏЕРИ ВО ЈАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ: ПРОБЛЕМИ СО ЖЕНИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО ОД ПЕРСПЕКТИВА НА МЕНАЏЕРИ И ВРАБОТЕНИ

## Воведни напомени

Жените со децении го чекорат патот на рамноправноста и еднаквоста. Првата и вистинска цел на тој пат беше жените да ги добијат истите права и можности како мажите. Сепак, таа цел, сама по себе, не значеше остварување. Напротив, тоа беше само еден чекор на патот кон целосен општествен придонес, кој жената може и има обврска да го даде во социоекономските текови. Но, жената во Република Македонија е се повеќе присутна не само во јавниот, туку и во приватниот сектор. Разбирајќи ги условите на пазарот, успешните жени менаџери ја внесуваат својата креативност и промовираат успешни општествено одговорни концепти во водењето бизнис. Денес сметам дека во целост е сменета перцепцијата за тоа како една жена може да управува со компанија дотолку повеќе во мојов случај со интернационална компанија на три пазари. Ние жените со сите оние носечки карактеристики како што се амбициозност, максимална посветеност, одговорност, па и одлучувачки способности, кои мора да признаеме не секојпат ни се силна страна, но пак од друг агол не прават многу повнимателни во пристапот. Навистина направивме револуција и се докажавме како одлични лидери и топ менаџери во секоја сфера на работењето.

Времето во коешто денес живееме е време на промени. Тие се длабоки и брзи, зафаќајќи ги сите сфери и области на дејствување и живеење. Современите компании се наоѓаат пред дилемата како да се опстане и успешно да се функционира во деловно окружување, чии главни карактеристики се неизвесноста и непредвидливоста. Менаџерите на успешните компании, денес, се свесни дека конкурентската предност на нивните организации, пред сé, зависи од тоа што менаџерот знае, како го употребува тоа што го знае, како брзо може да научи нешто ново и сл. Успешните организации не управуваат само со трудот и капиталот. Вистинските менаџери мора да водат сметка и

за уште еден клучен ресурс,а тоа е знаењето. Знаењето е единствен ресурс што со употребата не се троши, туку се зголемува.

Ако се појде од фактот дека аспект со стратешка важност на компаниската конкурентност се вработените и квалитетот на нивните професионални компетенции од една, и перманентното зголемување на неговата социјална важноста рефлектирана во потребата за активирање на сето знаење во општество базирано на знаење и желбата да се зголеми квалитетот човечкиот капитал и да се создадат подобри можности за развој сите членови на општеството, од друга страна, развојот на професионалните компетенции на секој поединец во образовните институции станува се побитен причинско - последичен сегмент наречен интересенти, вработени, акционери и заедница. Образовните институции, како место за сеопфатен личен и социјален развој на интересентите, нудат комбинација на знаење и негова примена, развивање ставови и одговорности рефлектирани во резултатите на учењето, се важен чинител на пазарот на трудот профилирајки кадри со различни нивоа на вакви способности, и нивниот квалитет го условува односот побарувач – понудувач со заедницата, регионот, па и со целото општество. Затоа, развојот на професионалните компетенции а вработените, повеќе од било која друга компаниска или организациска фела доаѓа до израз како потреба, причина и последица.[19]

Вработените во организацијата треба да се чувствуваат сигурни дека ако вложат потребен напор за извршување на обврските, тоа ќе резултира со изведба што ќе ги задоволува критериумите со кои ќе се вреднува таа изведба. Тие треба да знаат што се очекува од нив на работното место и како ќе се вреднуваат нивните напори. Менаџерите треба да ја нагласат можноста дека ако работната изведба им е на бараното ниво, тие ќе бидат наградени за тоа соодветно. Во случај поставените цели за вработените да бидат нејасни, а критериумите за мерењето на тие цели да се неодредени, вработените ќе се сомневаат дека нивните напори ќе резултираат со задоволителна оценка на нивната изведба, па поради тоа тие ќе работат значително под нивниот потенцијал. Затоа, процената на изведбата многу влијае врз мотивацијата на вработените. Критериумите што ќе избере да ги развие менаџментот кога ја проценува изведбата на вработените ќе имаат големо влијание врз тоа што ќе прават вработените. На пример, во една организација што има цел да ги приближи работодавачите со

[19] D r.sc Imšir Imširović (2004), “ Žena u biznisu i menadžmentu ”, Tuzla, Kantonalna privredna komora Tuzla

вработените, вработените што требало да ги прават интервјуата биле проценувани врз основа на бројот на интервјуата што ги спроведувале. Постапките на вработените во организацијата биле конзистентни со критериумот за евалуација што влијаел врз нивното Влијанието на организациската култура врз однесувањето на вработените однесување. Тие биле позагрижени поради бројот на интервјуата кои ги спроведувале отколку поради бројот на клиентите што почнале да работат. Тоа претставува негативна евалуација на менаџментот. Основните критериуми што треба да се земат предвид при евалуација и проценување на изведбата на вработените се: резултатите од индивидуалните работни задачи, однесувањето на вработените и карактерните особини на вработените.

Триесет и три проценти од претпријатијата во Македонија ги водат жени, процентот на жени во управувачките одбори е мал, а, исто така, мала е и застапеноста на жените на директорски функции во компании кои котираат на Берза. [20]

Податоците од Централиот регистар на Македонија, покажуваат дека бројот на жени претприемачи во Македонија изнесува околу 33 отсто од вкупниот број регистрирани компании, при тоа жената е сопственик на најмалку 51 процент од компанијата и е нејзин управител. Во ЕУ таргетот е до 2020 година жените да бидат застапени во надзорните и во управните одбори во компаниите со 40 проценти.[21]

Во земјава податоците упатуваат на тоа дека во дури 45 отсто од компаниите нема жени во управувачките одбори, а во другите нивното учество во компаниите е различно и се движи од два до 21 отсто. Состојбата, пак, со менаџерки во компаниите што котираат на берза покажуваат дека таму се застапени со 3,86 отсто. Од 102 компании што се јавуваат на Македонската берза во само четири од нив се на највисоката раководна позиција.

Во Македонија 73 проценти од домашните големи и средни компании сопственици се мажи, а во 67 се генерални менаџери.

Истражувањето за родова застапеност на раководни позиции, што неодамна го реализираше Институтот за комуникациски студии во соработка со институтот „Изида Вита“ од Словенија, покажува дека иако дури 65 отсто од вработените во големите и

[20] D r.sc Imšir Imširović (2004), “ Žena u biznisu i menadžmentu ”, Tuzla, Kantonalna privredna komora Tuzla
[21] D r.sc Imšir Imširović (2004), “ Žena u biznisu i menadžmentu ”, Tuzla, Kantonalna privredna komora Tuzla

средни претпријатија во Македонија сметаат дека родовата рамноправност во управувањето е многу важна, дури 60 отсто рекле дека компанијата во која работат нема спроведено активности за полово врамнотежено управување и не ни планираат да направи такво нешто.

Во насока на поголема застапеност на жените во управувањето на претпријатијата поведена е иницијатива за воведување законски системски мерки. Целта е учеството на жените во надзорните и во управните органи во компаниите да биде 30 до 40 проценти. Иницијативата е покрената во соработка со женски асоцијации, стопански комори и јавниот сектор.

Жените од позиција менаџерки велат дека од година во година се чувствува промена во перцепцијата за женското претприемништво. Жените се покажаа како топ менаџери и лидери во сите сфери.

- Денес сметам дека во целост е сменета перцепцијата за тоа како една жена може да управува со компанија дотолку повеќе во мојов случај со интернационална компанија на три пазари.

Ние жените со сите оние носечки карактеристики како што се амбициозност, максимална посветеност, одговорност, па и одлучувачки способности, кои мора да признаеме не секојпат ни се силна страна, но пак од друг агол не прават многу повнимателни во пристапот. Навистина направивме револуција и се докажавме како одлични лидери и топ менаџери во секоја сфера на работењето.

Денес не е прашањето како е да се биде жена менаџер, воопшто не е во прашање полот, во прашање е согледувањето да се утврдат и откријат можностите и перспективите кои навистина се многубројни ако ги отвориме сознанијата, истите да ги видиме, без разлика на полот

# ВТОР ДЕЛ:

# ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА РАМНОПРАВНОСТА НА ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

**Проф. д-р Слободан Шајноски**
**Факултет за правни науки**
**Европски универзитет Република Македонија**
**е-маил: slobodan.shajnoski@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# РАМНОПРАВНОСТА НА ЖЕНАТА КАКО КРИТЕРИУМ НА ЦИВИЛИЗИРАНО ОПШТЕСТВО

Ти мораш да бидеш промената која што сакаш да ја видиш во светот

Mahatma Gandhi

## Наместо вовед: човек или жена

Во дискусиите за проблемите на рамноправноста во човековото општество (заедница) и во тој контекст на рамноправноста на жената, како да се потврдува правилото дека, кога зборовите ќе постанат политичко орудие, често ја губат разбирливоста, мешајќи ги своите значења со други, дури и спротивни зборови. Така рамноправноста се меша со еднаквоста. Балзак ( Honore de Balzac ), на пример, смета дека еднаквоста е можеби право, но ниедна сила на земјата никогаш не може да ја претвори во факт. Волтер ( Voltaire ) пак смета дека сите државјани на една земја, не можат да бидат подеднакво моќни, но можат да бидат подеднакво слободни. Кофи Анан ( Kofi Atta Annan ) родовата еднаквост ја гледа како повеќе од цел сама по себе. Таа е предуслов за исполнување на предизвикот за намалување на сиромаштијата, промовирање на одржлив развој и градење на добро владеење.

Всушност луѓето не се еднакви, туку се различни. Еднаквоста се однесува само на тоа дека жената и мажот и детето се луѓе. Факт е дека жената е човек. Луѓето не се еднакви во однос на моќта, ниту во однос на слободата како осознаена конкретна нужност, но можат да бидат рамноправни во стекнувањето моќ или остварување на слободата или стекнувањето богатство.

**Коренот на проблемот**

Проблемот на рамноправноста на жената е со подлабоки корени: во човековата религија и философија и образование. Сеуште во традиционалниот говор на жените, обично кога зборуваат за својот сопруг ( маж ), велат: ,,Мојот човек ". Еден ученик во Србија изненаден од тоа што прочитал во учебникот дека мажот е човек , а жената е жена прашал: Зарем жената не е човек? Познато звучи и кога таткото говори за своите деца па вели: ,, Имам едно дете и две ќерки". Во народното пеење пак чест е и исказот: ,,Еден човек и една жена".

Значи во патријархалниот свет жената не се вика човек. Причината не е ознаката на родот туку суштински, од библиските времиња вкоренетиот став дека жената е инфериорно човечко суштество. Суштината на овој став најдобро ја открива писмото на Ајнштајн ( Albert Einstein ) од 1954 година до еврејски филозоф во кое тврди: Зборот Бог за мене не е ништо повеќе од израз и производ на човековите слабости, а Библијата збирка на благородни, но сепак примитивни легенди, кои и покрај тоа се прилично детски.

Жените во Стара Грција биле во инфериорна положба во однос на мажите, немале политички права и не биле сметани за граѓанки на полисите. Воопшто, Грците сметале дека местото на жената по својата природа треба да е зад мажот, но тоа варирало од полис до полис – што најдобро може да се забележи според разликите меѓу Атина и Спарта. Во своето најпознато дело „Држава", Платон зборува како треба да изгледа една идеална држава. Според него, идеалниот полис би бил оној каде што секој би ја работел својата работа, согласно својата природа, потенцирајќи дека природата не е полово одредена. Споредувајќи ги машкиот и женскиот пол во животинското царство, Платон заклучил дека не постои ниту една работа која по својата природа би му припаѓала исклучиво на машкиот, односно женскиот пол. Тој сметал дека и двата пола треба да имаат еднакво право на воспитување и образование. Она што е исклучиво карактеристично за Платон е вербата дека и мажите и жените треба да владеат со вештината на војување. Сепак, Платон истакнал дека мажите во сè го надминуваат женскиот род. Неговиот краен заклучок бил дека машката природа во сите параметри е надмоќна над женската. Денес се уште слушаме изрази како машка рака, машка памет . За разлика од Платон, Аристотел сметал дека местото на жената е во рамките на домаќинството. Иако женската природа ја сметал за инфериорна и

послаба од машката, Аристотел сметал дека жените се посупериорни во домаќинството во однос на мажите. Но, во надворешни услови, тој протежирал став дека жената треба да стои зад мажот, дека не треба да има политички права и дека не треба да се образова. Свештеникот, денес во Хрватска, ги учи жените дека жената на собири не треба да поставува прашања ако нешто не и е јасно, туку треба дома да бара објаснение од мажот или братот. Ова и по триесет години по времето кога модерните теолози ја усвоиле идејата за рамноправноста на жената. Но, според Аристотел, иако машката волја била супериорна, сепак половината од населението во полисот било сочинето од женска популација, па сметал доколку им се нанесува неправда на жените – не можело добро да функционира полисот. Тој сметал дека за среќата на поединецот првенствено бил неопходен и среќен полис. Од таа причина, сметал дека на жените им се нанесува неправда со тоа што се посочува дека машката природа е поквалитетна од женската.

**Нормативно и стварно**

Општата декларација за правата на човекот утврдува дека секој човек се раѓа слободен и еднаков во достоинството и правата. Човекот поседува одредени права со самиот факт дека е човек.

Законот за еднакви можности на жените во Македонија ( 2012 ) утврдува дека еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Еднаков третман е отсуство на директна или индиректна дискриминација врз основа на пол.

Дискриминација по основ на пол е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основните слободи врз основа на еднаквост на жените и мажите во политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост,

возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа. Директна дискриминација врз основа на пол е кога едно лице било третирано, се третира или би се третирало полошо врз основа на полот отколку друго лице во слична ситуација. Индиректна дискриминација врз основа на пол е кога навидум неутрална одредба, критериум или обичајно право става лица од еден пол во особена неповолна положба во споредба со лица од другиот пол, освен ако таа одредба, критериум или обичајно право е објективно оправдана со легитимна цел, а средствата за пос

Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу жените и мажите. Еднаква застапеност е секоја процентуална застапеност на одреден пол која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

Не сите држави ја прифаќааат нормативната и декларативна рамноправност на жената. Уште повеќе, дури и таму кај што е постигнат значителен степен на фактичка рамноправност не ретко се манифестираат изливи на дискриминација кон жената.

Примерот на победничката на US Open 2018 година, Наоми Осака ( Naomi Osaka ), е најсвеж и еклатантен за да го потврди тоа. По нејзината победа во финалето над миленичката на публиката Серена Вилијамс (Serena Williams ) доживеа бура од негодувања од истата публика на стадионот поради што мораше да се извинува. ,, Едноставно чувствував дека сите се помалку несреќни во публиката. Осетив дека треба да се извинам. Жал ми е што мораше да се заврши вака“. Поголемиот дел од жените ова го сватија како ,, најотровно очекување кое е ставено на жената – постојано да се грижи за туѓите чувства “. Мажите се научени да се извинуваат поради својата слабост, а жените поради својата сила.

Во некои држави во Индија жените не се дел од законот за безбедно возење како носење кацига при управување со мотор, а поради тој исклучок, годишно илјадници лица се жртви во сообраќајки. Оние кои го поддржуваат законот, сметаат дека со него се прави обид да се сочува фризурата и шминката кај жените.

Кога станува збор за сведочење на суд во Јемен, жената не е комплетна личност пред судот. Сведочењето на жените не се зема како сериозно доколку не е подржано од некој маж или подразбира ситуација во која бил присутен и маж. Жените не можат да бидат сведоци во случаи кога станува збор за прељуба, кражба или содомија. Жените не смеат да излезат од дома без дозвола на мажот. Постојат мали исклучоци, како на пример, во ситуации кога жената мора итно да излезе за да се грижи за болните родители и слично.

Звучи неверојатно, но во Саудиска Арабија со посебен, кралски декрет им еовозможено гласање на жените во изборите дури во 2015 година, додека во Ватикан само мажите можат да гласаат.

Многу земји не успеваат да ги заштитат жртвите на силување, а Саудиска Арабија и Мароко пак одат и чекор понатаму со тоа што ги казнуваат жените поради излегување од дома без друштво на маж, затоа што се сами во просторија со маж кој не им е роднина или затоа што по тоа останале бремени или пак биле силувани.

**Проф. д-р Живко Андревски**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: zivko.andrevski@eurm.edu.mk**
**Скопје, Македонија**

## „Минијатури за жената во политиката - број или моќ“

**Прво** Има верувања и тврдења дека политиката е апсолутно негативна појава,[22] дека е исполнета со игри и подметнувања, дека токму таа му ја одзема слободата на човекот.

Има, нели, и тврдења дека жената е мирно, стројно, мило суштество..

Ако се овие тврдења сосема точни - може да се постави прашањето што бара жената во политиката, односно што бара толку мило суштество во нешто што е нечисто, валкано, опасно.

**Второ,** може да се постави дека политиката е доблесна работа, дека таа го внела човештвото од варварство во цивилизација.[23]

Има, како ретки но не и невозможни мислења, дека жената е строга, нападна, агресивна.

Ако овие тврдења се точни - тогаш политиката директно ја отфрла жената.

**Трето,** политиката може да се вреднува и како позитивна и како негативна, како што и за жената може да се каже дека постојат различни жени. Оваа релација го исцртува патот за размислување за улогата и местото на жената во политиката.

**Четврто**, жената е мошне присутна во политиката. Највидливо како дел од гласачкото тело (речиси секогаш повеќе од половина од гласачите), а забележливо и како активен субјект во креирањето и практикувањето на политиката.

**Петто,** па и во ситуација кога некоја од претставничките на овој пол ќе изјави дека неа не ја интересира политика - тоа е нагласен политички став. Со тој исказ таа

[22] Djordjevic, Jovan: Politicki sistem, Privredni pregled, Beograd, 2013, strana 78.
[23] Андревски, Живко: Вовед во политичките науки, Европски Универзитет Република Македонија, 2010, страна 5

уверува дека точно знае до каде се простира политиката и политичкото и дека таа не невлагува на негова територија. Но, треба да се има предвид дека можеби некого не го интересира политиката, но е сигурно дека политиката е заинтересирана за него, па логично и за неа. И тоа е доволно да се знае дека жената ја има во политиката.

**Шесто,** најмногу внимание привлекуваат темите за тоа дали жените се наоѓаат на врвот од политичките организации и институции. Мал преглед за Република Македонија може да навести начелни истражувачки резултати.

Досега, од 1991 година до почетокот на 2019 година, во нашата земја немало жена на трите највисоки политички функции - на органи на државната власт (претседатели на државата, на Собранието и на Владата на РМ). Имаше и има жени на истакнати министерски позиции и на оние што се сметаат за клучни (понекогаш слободно се нарекуваат и машки места). Така, министерки за внатрешни работи на Република Македонија беа Доста Димовска и Гордана Јанкуловска, министерка за надворешни работи беше Илинка Митрева, министерка за одбрана сега е Радмила Шеќеринска. Интерсено, досега нашата држава немала жена на позицијата министер за финансии.

Како мала споредба - во периодот од 1974 до 1991 година, на ниво на тогашната држава Социјалистичка Федеративна Република Југославија постоеше врвна политичка/државна институција Претседателство на СФРЈ во која по еден член делегираа шесте републики и двете покраини како конститутивни делови на таа државна заедница. За овој период како членови на Претседателството на СФРЈ продефилираа околу 40 лица, од кои ниту една не беше жена. Истовремено, во истиот период во Република Македонија постоеше Претседателство на Републиката. Во него од околу 30 личности во сите мандати имаше само две жени, и тоа повеќе како фолклор отколку како можност за нивно влијание врз работата и функционирањето на оваа тело.

**Седмо**, во десегашната практика на кандидирање на лица за функцијата Претседател на РМ, во изборна трка, на листата за изјаснување на граѓаните, на општите, тајни, претседателски избори се појави само една жена (Мерие Рушани), иако на сите избори збирно (во реална позиција на кандидати) се појавија околу 30 лица. Треба да се каже дека определен број припаднички на понежниот пол се обидоа низ

политички процес да соберат потписи од најмалку 10.000 гласачи, кои се уставно и законски неопходни, за стекнување кандидатура (и ставање на изјаснување на гласачите). Спомнувам овде три случаи - адвокатката Јагнула Куновска и професорките Слаѓана Тасева и Билјана Ванковска- иако се обидоа да соберат толку потписи - не успеаја. Тоа значе дека не добиле поддршка од жени-гласачи, бидејќи не е задолжителен разнополов број!!!

**Осмо**, може да се постави за анализа и соодносот меѓу формално-правната позиција на личноста и нејзината реална моќ.
За илустрација ќе наведам две подолготрајни ситуации од Република Србија. Во еден период меѓу 1992 и 1997 година, на трите најистакнати функции на власта беа мажи (Слободан Милошевиќ - претседател на државата, Драган Томиќ - претседател на Народното собрание и Мирко Марјановиќ - претседател на Владата на Србија), а аналитички сите клучни одлуки ги донесувала една жена - Мирјана Марковиќ, сопругата на Слободан Милошевиќ!!![24] Во периодот од 2017 година наваму, во Република Србија, на две клучни места се наоѓаат жени ( Маја Гојковиќ - претседателка на Парламентот и Ана Брнабиќ претседателка на Владата), а неспорно сите клучни и помалку важни одлуки ги донесува Претседателот на Србија Александар Вучиќ!!!

**Деветто**, Република Македонија нема никакви социолошки, политички, емоционални и било какви други ограничувања (или предрасуди) жените да бидат и на највлијателни политички/државни функции и да бидат распоредени по хиерархијата на власта.
За мене е најважно што на нив се гледа како на рамноправни учесници и носители на реални позиции. (Што, пак, подразбира, дека од нив и се очекуваат резултати - прифатливо, без дискусија).

**Десетто**, објективно е да се проектира иднината на политиката како доблесна, продуктивна и креативна, визионерска функција во општеството, во која жената ќе биде битен, влијателен фактор, како нешто редовно, вообичаено и трајно.

[24] Види пошироко кај Djukic, Slavoljub: Kraj srpske bajke, B92, Beograd, 1999 godina

**Доц. д-р Марјан Габеров**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: marjan.gaberov@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО – ДУХ НА ЉУБОВ И ТОЛЕРАНЦИЈА

## Вовед

Во зависност од критериумот спрема кои лица се случува семејното насилство може да се сретнат следните облици на семејно насилство: семејното насилство помеѓу интимните партнери (семејното насилство врз жени и семејното насилство врз мажи), семејното насилство врз стари лица и семејното насилство врз деца. Како што може да се види овие три засебни облици на семејно насилство настануваат помеѓу различни релации на лица кои имаат некаков семеен статус во рамките на семејството. Обликот на семејното насилство помеѓу интимните партнери ги опфаќа релациите на семејно насилство кое се извршува од страна на мажите врз жените, како и семејното насилство кое се извршува од страна на жените врз мажите. Обликот на семејното насилство врз старите лица ги опфаќа релациите кои се воспоставуваат од една страна помеѓу некој член на семејството и стар член на семејството, кој во конкретната ситуација е жртва на тоа насилство. Третиот или последен облик на семејно насилство, насилството врз децата ги опфаќа релациите кои настануваат од една страна помеѓу било кој член на семејството и од друга страна децата како жртви на тој вид на насилство.

## Семејно насилство врз жени

Кај поголем дел од јавноста постои заблуда дека семејното насилство воопшто не се случува во рамките на брачната, односно вонбрачната заедница. Утврдувањето на овој вид на насилство помеѓу интимните партнери претставува проблем, истото не може да се утврди во точна бројка од причина што постојат голем број на непријавени и нерегистрирани случаи.[25]

[25] Konstantinovic – Vilic, Slobodanka, Petrusic, Nevena, "Krivicno delo nasilja u porodici – pravna praksa u Republici Srbiji", Zenski istrazivacki centar za edukaciju I komunikaciju, Nis, 2004 god., str. 17

Во рамките на насилството помеѓу интимните партнери првично ќе биде опфатено насилството над жените, од страна на нивните интимни партнери. Согласно Препораката Rec (2002) 5 на Советот на Министри како орган во рамките на Советот на Европа се дава сеопфатно објаснување за појавата и практикувањето на овој облик на насилство. Така, според оваа препорака насилството врз жените се појавува како резултат на нееднаквоста која постои помеѓу мажите и жените, нееднаквост која самата по себе води до огромен степен на дискриминација помеѓу овие два пола, и тоа во рамките на самото семејство и во целото општество, при што доаѓа до грубо кршење на човековите права и слободи.[26] Оваа препорака ги опфаќа сите аспекти кои се однесуваат на превенцијата и заштита на жените од семејното насилство.

Со оглед на тешките последици кои ги предзивикува овој вид на насилство, истото претставува најтипична и најмаркантна форма на повредување на човековите права на жената, врз основа на различноста на половите, односно повреда која што е родово заснована, родово базирана.[27] Родовата базираност на овој облик на семејно насилство се потенцира и утврдува и во рамките на Општата препорака бр. 19 на Организацијата на Обединетите Нации која се однесува на прашањето за насилство врз жените, според која, половото базирано насилство претставува форма на дискирминација, со која на сериозен начин се загрозува способноста на жените да можат да ги уживаат правата и слободите на еднаков начин и на еднаква основа како и мажите.[28]

Овој вид на насилство резултира со огромни последици на психички план врз жената, на физички план, како и на целокупниот интегритет на жената. Овие последици настануваат како резултат на тој дискриминаторски пристап, кој се заснова на различностите на половите, користејќи ги пред се традицијата и обичаите како оправдување за кршење на правата на жените, што самото по себе е спротивно на

---

[26] Recommendation Rec(2002)5 of the Committee of Ministers to member states on the protection of women against violence, 2002

[27] Кикерекова, Тања, "Предизвици во ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жената и домашното насилство", Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1, Скопје, 2013 год., стр. 249

[28] Блер, Мариен, Вајнер, Мерл, "Меѓународно семејно право – конвенции, статути и регулаторни материјали", Магор, Скопје, 2009 год., стр. 156

еднаквоста која треба да постои помеѓу половите, како и спротивно на мирот во едно општество. Со ваквите дејствија се доаѓа до нарушување на граѓанската сигурност во едно општество, како и до нарушување на демократијата.

Поранешниот Генерален секретар на Организацијата на Обединетите Нации, Кофи Анан смета дека ваквиот облик на насилство по своите карактеристики претставува најзасрамувачки и со истиот се прави грубо и срамно прекршување на основните човекови права и слободи на жената. Според него во поглед на обемот на овој вид на насилство, истиот смета дека истото е најзастапено и најраспространето за разлика од останатите облици на семејно насилство. Семејното насилство врз жените има интернационален карактер и истото не познава граници, не зависи од културолошките разлики, не зависи од економнските состојби или од географската положба. Ваквиот облик на семејно насилство драстично влијае на светскиот мир и развој.[29]

Насилството спрема жените од страна на интимниот партнер покажува некои феноменолошки карактеристики според кои овој облик се разликува од останатите облици на семејно насилство. Универзалноста е карактеристика на насилството врз жените од страна на интимните партнери. Оваа универзалност е резултат на глобалниот карактер на насилството спрема жените, насилство кое се одржува преку неговото присуство во секое време и простор, во сите култури и општествени системи, што го потврдува системскиот и систематскиот карактер на овој облик на насилство. Треба да се има во предвид дека ваквиот вид на насилство не треба да се разгледува како насилство спрема една жена, спрема поединец, напротив овој облик на насилство треба да биде разгледуван во една целина, како насилство кое се спроведува врз жените како група во општеството.

Оваа универзалност на појавата на насилството врз жените не би требало да го занемари и да го исклучи локалниот контекст, културолошките разлики, разликите во правните системи, разликите во традицијата на определени земји. Колку и да постојат универзални карактеристики на овој облик на насилство, сепак во крајна линија истото

---

[29] Груевска - Дракулевски, Александра, "Семејното насилство во Република Македонија", Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство – Истанбулска Конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1, Скопје, 2013 год., стр. 128

е ралично од еден до друг систем, како резултат на различните околности.[30] Така на пример, кај нас некои автори насилството кое се извршува врз жената во рамките на семејството, од страна на интимниот партнер укажуваат на фактот дека истото претставува сраснат дел од традицијата и истото во определена смисла е одобрувано. Жената единствено е претставена како репродуктивна личност и личност која единствено треба да се грижи и да ги исполнува домашните обврски, кои се поврзани со домот, мажот и децата, додека пак од друга страна мажот е претставен како личност кој со својата жена и децата може да постапува како што сака, да постапува со нив како тие да се негово власништво.[31]

Постојат неколку општоприфатени предупредувачки знаци дека вашиот партнер ве злоупотребува, во смисла на извршување на семејно насилство. Па така секогаш треба да се има во предвид дали вашиот партнер ве злоупотребува кога е под дејство на алкохол или други лекови, ве обвинува за се што ќе се случи лошо, претерано е љубоморен и посесивен, ве контролира каде одите и што правите, не ви дозволува да се гледате со вашите пријатели и семејството, ги злоупотребува браќата и сестрите и другите членови на семејството, децата или домашните миленичиња, секогаш се лути на некого или нешто, се обидува да ве изолира и контролира со кого ќе се видите или каде ќе одите, ве обвинува дека флертувате и дека имате други партнери, физички е груб спрема вас (ве турка, ве влече, ве кубе...), ви ги одзема парите, не ве слуша и не покажува интерес за вашето мислење и чувства, ве игнорира и ве замолчува во друштво, ви забележува како се облекувате, ве гледа како сексуален објект а не како личност. Генеричкиот карактер на насилството во интимните партнерски односи исто така претставува феноменолошка карактеристика на овој облик на насилство. Оваа феноменолошка карактеристика на насилството врз жените некои автори се обидуваат да ја оправдаат со тезата дека жените се подеднакво насилни и агресивни како и мажите и дека многу често и тие се појавуваат како сторители на семејно насилство врз мажите,[32] иако најголемиот број на статистички истражувања и теоретски размислувања потврдија дека жените се тие кои најчесто се појавуваат како жртви на семејно насилство кое настанува помеѓу интимните партнери, а многу поретко се појавуваат како сторители на семејно насилство во партнерските и интимните односи.

---

[30] Hester, Marianne, "Review of tackling perpetrators of violence against women", Centre for Gender and Violence Research, Bristol, 2009, p. 132

[31] Апостолова, Надица, "Заштита на жртвите", Жена, Скопје, 2000 год., стр. 16 - 17

[32] Archer, John, "Male Violence", Routledge, Oxford, 1994, p. 13-14

**Асс. М-р Ебру Ибиш**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: ebru.ibis@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ КОН КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО (ИСТАНБУЛСКА КОНВЕНЦИЈА)

Во однос на положбата на жената и нејзините права во општеството, може да се пристапи од две основни појдовни точки. Првата е положбата на жената од аспект на историскиот развој на нејзините права и втората појдовна точка е социо-културните карактеристики во современиот свет. Жената како поединец низ историскиот развој во поголем број случаи била во потчинета положба, како на пример во старите индиски обичаи доколку почине мажот на денот на погребувањето се палела и жената, или според определени верски сваќања жената била симбол на лошите работи, дури во определени ситуации ги палеле во знак на почит кон господ, исто така постоело случаи кадешто дури ако се роди женско дете,со оглед на тоа дека е женско живо се закопувало.

Во кинеските и јапонските обичаи вредноста на жената зависело од нејзината способност за услужување на мажот. Во античката Грција и Рим жената не се третирала како поединец туку како ствар (res) којашто можела да биде продадена, пренесувана на друго машко лице, таа била третирана како извор на сите лоши работи, како суштество кое е нецелосно создадено.[33] Ова се само некои примери кои ја потврдуваат тезата дека жената била потчинета и немала еднакви права како мажите.

Првиот чекор кон барање на еднакви права на жените е направен во 1857 година во Њу Јорк, како резултат на мачење, нечовечко однесување, минимално исплаќање и злоупотреба на трудот на стотици жени кои работеле во фабрика за текстил во Њу Јорк, ова било еден многу мал чекор кој денес можеме да го прикажеме како причина за развој и подобрување на правата на жените. Имајќи ја во предвид положбата на

[33] Bahadir, Abdulkerim, "Tarihte ve Gunumuzde Kadin", [online] available on: http://www.enfal.de/ev18.htm, 08.11.2018, 14:00

жената низ историјата воедно можеме да зборуваме не само за нивната потчинетост туку и за дискриминација врз основа на пол, родово базирана омраза, злоупотреба на трудот, непочитување на основните права како што се право на живот ( jus naturalis), право на изразување и сл. За прв пат кон крајот на XIX век жените добиваат право на глас, потоа следува правото да избираат и да бидат избрани, па се до еднаквоста на правата меѓу жените и мажите, националната и меѓународната заштита на правата на жените согласно уставот, законот и меѓународните конвенции. Во рамките на оваа тема особено е ставен акцент околу насилството спрема жените и Истанбулската конвенција којашто е од големо значење околу спречување на насилството спрема жените. Насилството е се почеста ситуација која за жал ја среќаваме во секојдневието таа може да биде предизвикана од физичка, сексуална, психолошка или економска причина или било каква форма на страдање вклучувајќи ги заканата и притисокот, спречување на слободата на поединецот од физички, сексуален, психолошки, вербален и економски аспект. Заради се почести случаи на насилство и нејзината статистички зголемена стапка се појави потреба од градење на еден систем на заштита на жените од насилство, поточно почнаа првите активности од страна на Советот на Европа околу спремање на нацрт текст за заштита на жените од насилство

Имајќи ја во предвид својата водечка улога во заштитата на човековите права, Советот на Европа одлучи дека е потребно да се постават сеопфатни стандарди за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Во декември 2008 година, Комитетот на министри формира експертска група за да подготви нацрт верзија на конвенцијата. Во тек на две години, оваа група, наречена CAHVIO (Ad hoc комитет за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство), изготви предлог текст и во декември 2010 година конечно дојде до го финализирање на текстот на нацрт Конвенцијата.[34]

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство беше усвоена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 7 април 2011 година. Таа беше отворена за потпишување на 11 мај 2011 година по повод 121-та седница на Комитетот на министри во Истанбул/Турција. Во однос на структурата на Истанбулската конвенција таа се состои

[34] Historical background of Istanbul Convention", [online] available on: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/historical-background, 09.11.2018, 12:00

од материјално правни и процесно правни одредби, составена е од вкупно 12 глави и 81 одредби и преамбула:

Преамбула

1. Цели дефиниции, еднаквост и недискриминација, општи обврски
2. Интегрирани политики и собирање податоци
3. Превенција
4. Заштита и поддршка
5. Материјално право
6. Истрага, гонење, процесно право, заштита и мерки
7. Миграција и азил
8. Меѓународна соработка
9. Механизам и следење
10. Поврзаност со други меѓународни инструменти
11. Измени на конвенцијата
12. Завршни одредби

Имајќи ја во предвид структурата на конвенцијата во склоп на нашата тема важно е да ја потенцираме целта на конвенцијата и начинот на дефинирање на насилството врз жената којашто е предвидена во Конвенцијата. Согласно член 1 целите на Конвенцијата се: заштита на жените од сите форми на насилство и спречување, гонење и елиминирање на насилството врз жените и домашното насилство; да придонесе во елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и да промовира суштинска еднаквост меѓу жените и мажите, вклучувајќи и преку зајакнување на жените; да создаде сеопфатна рамка, политики и мерки за заштита и помош на сите жртви на насилство врз жените и домашно насилство; да промовира меѓународна соработка во поглед на елиминирање на насилството врз жените и домашното насилство; да обезбеди поддршка и помош на организации и на органите за спроведување на законот за ефективна соработка со цел да усвојат интегриран пристап за елиминација на насилството врз жените и домашното насилство.[35]

Насилството врз жените претставува сериозна повреда на човековите права што феноменолошки се манифестира како резултат на дискриминаторски третман, односно

---

[35] https://rm.coe.int/168046253a , 07.11.2018, 18:14

нееднаквост помеѓу мажите и жените. Пред се  треба да потенцираме дека насилството може да се појави во приватната или јавната сфера како на пример во домот на семејството, на улица, на работно место и сл. Оттука можеме да се надоврзиме на насилството врз жената. Согласно член 3 од Конвенцијата на СЕ за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство или позната како Истанбулска конвенција[36] насилството врз жената ја дефинира на следниот начин: „насилство врз жените" се разбира како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.[37] Во однос на ратификација до сега 33 земји ја ратификуваа Конвенцијата, кој меѓу нив и Република Македонија на 23 Март 2017 година додека истата сатува во сила на 1 јули 2018 година, останатите земји кои ја ратификуваа Конвенцијата се следните:

| **Земја** | **Потпишано** | **Ратификувано** | **Во сила** |
|---|---|---|---|
| Турција | 11 Мај 2011 | 14 Март 2012 | 1 Август 2014 |
| Норвешка | 7 Јули 2011 | 05 Јули 2017 | 1 Ноември 2017 |
| Андора | 22 Февруари 2013 | 22 Април 2014 | 1 Август 2014 |
| Грузија | 19 Јуни 2014 | 19 Мај 2017 | 1 Септември 2017 |
| Полска | 08 Декември 2012 | 27 Април 2015 | 1 Август 2015 |
| Франција | 11 Мај 2011 | 04 Јули 2014 | 1 Ноември 2014 |
| Аустрија | 11 Мај 2011 | 14 Ноември 2013 | 1 Август 2014 |
| Германија | 11 Мај 2011 | 12 Октомври 2017 | 1 Февруари 2018 |
| Португалија | 11 Мај 2011 | 05 Февруари 2013 | 1 Август 2014 |
| Белгија | 11 Септември 2012 | 14 Март 2016 | 1 Јули 2016 |
| Грција | 11 Мај 2011 | 18 Јуни 2018 | 1 Октомври 2018 |
| Романија | 27 Јуни 2014 | 23 Мај 2016 | 1 Септември 2016 |
| Босна и Херцеговина | 8 Март 2013 | 7 Ноември 2013 | 1 Август 2014 |
| Исланд | 11 Мај 2011 | 26 Април 2018 | 1 Август 2018 |

[36] Конвенцијата беше отворена за потпис на 11 Мај 2011 година во Истанбул-Турција, па оттука и неговото има како Истанбулска конвенција
[37] Istanbul Convention Against Women, Council of Europe Treaty Series - No. 210, 11.05.2011

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сан Марино | 30 Април 2014 | 28 Јануари 2016 | 1 Мај 2016 |
| Кипар | 16 Јуни 2015 | 10 Ноември 2017 | 1 Март 2018 |
| Италија | 27 Септември 2012 | 10 Септември 2013 | 1 Август 2014 |
| Србија | 4 Април 2012 | 21 НОември 2013 | 1 Август 2014 |
| Хрватска | 22 Јануари 2013 | 22 Јуни 2018 | 1 Октомври 2018 |
| Луксембург | 11 Мај 2011 | 7 Август 2018 | 1 Декември 2018 |
| Словенија | 8 Септември 2011 | 5 Февруари 2015 | 1 Јуни 2015 |
| Данска | 11 Октомври 2014 | 23 Април 2014 | 1 Август 2016 |
| Малта | 21 Мај 2012 | 29 Септември 2014 | 1 Ноември 2014 |
| Шпанија | 11 Мај 2011 | 10 Април 2014 | 1 Август 2014 |
| Естониа | 2 Декември 2014 | 26 Октомври 2017 | 1 Февруари 2018 |
| Монако | 20 Септември 2012 | 7 Октомврси 2014 | 1 Февруари 2015 |
| Шведска | 11 Мај 2011 | 1 Јуни 2014 | 1 Ноември 2014 |
| Финска | 11 Мај 2011 | 17 Април 2015 | 1 Август 2015 |
| Црна Гора | 11 Мај 2011 | 24 Април 2013 | 1 Август 2014 |
| Швајцарија | 11 Септември 2013 | 14 Декември 2017 | 1 Април 2018 |
| Холандија | 14 Ноември 2012 | 18 Ноември 2015 | 1 Март 2016 |
| Македонија | 8 Јули 2012 | 23 Март 2017 | 1 Јули 2018 |
| Албанија | 19 Декември 2011 | 4 Февруари 2013 | 1 Август 2014 |

Извор: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/country-monitoring-work

Освен меѓународната регулатива значајно е да се акцентираат одредбите од Кривичниот законик на Република Македонија кои криминализираат различни форми на сексуално насилство:

- Силување чл. 186
- Обљува врз немоќно лице чл. 187
- Полов напад врз дете чл. 188
- Обљуба со злоупотреба на положбата чл. 189
- Задоволување на полови страсти пред друг чл. 190
- Родоскврнавење чл. 194

Силувањето е дефинирано во чл. 186 ст. 1 како акт каде што тој којшто друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело

или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Според чл. 187 ст. 1 тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години. Во чл. 188 ст. 1 од КЗ на Република Македонија предвидена е казна затвор до 10 години за лице којшто ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете.

Според чл. 189 ст.1 Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или друго полово дејствие лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност или со иста намера го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Во однос на задоволувањето на половите страсти пред друг во чл. 190 ст.1 законот изрекува казна затвор до 1 година, доколку делото се врши пред друг или на јавно место и конечно во чл. 194 ст.1 односно станува збор за делото родоскврнавање „Тој што ќе изврши обљуба со крвен сродник во права линија или со брат, односно сестра, ќе се казни со затвор од пет до десет години.“[38]

При обработување на проблематиката насилството врз жените ги опфативме одредбите од кривичниот законик на Република Македонија исто така и Истанбулската конвенција како меѓународна регулатива, но сметаме дека тука може да се даде простор и за Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство причината позади ова е дека најчесто и во најголем број на случаи како жртви на семејно насилство се јавуваат жените и децата, така што доколку би требало да се прецизира терминот семејно насилство, согласно чл.3 од законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство: под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете

[38] Кривичен закон на Република Македонија, Службен весник број 132/14.

или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[39]

Во Република Македонија за жал не постои посебна база на статистички податоци околу насилството врз жените, иако неможе да се тврди дека статистиката ја прикажува вистинската слика на жени жртви на семејно насилство бидејќи станува збор за пријавени, обвинети или осудени лица за кои се води евиденција. Не треба да се заборави дека секогаш постои темна бројка којашто за жал останува неоткриена, поради непријавување на овие дела.

**Користена литература**


1. Кривичен закон на Република Македонија, Службен весник број 132/14.
2. Istanbul Convention Against Women, Council of Europe Treaty Series - No. 210, 11.05.2011
3. http://www.enfal.de
4. https://www.coe.int


[39] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Службен весник Број 07 - 3478/1

**Асс. М-р Стефанија Агротова**
**Факултет за детективи и криминалистика**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: stefanija.agrotova@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ЗАСТАПЕНОСТ НА ЖЕНАТА ВО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР

Безбедносниот сектор во Република Македонија е во процес на длабоки реформи, преструктуирање на Министеството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана, интензивирање на меѓународна соработка, усвојување на стандардите на НАТО и ЕУ, и пред се унапредување на човечките ресурси. Потребно е усвојување на нови вредности, но и да користиме искуство од нашето досегашно знаење. Токму затоа, за Република Македонија усогласувањето на решенијата за родова рамноправност, можат да се третираат и како продлабочено исполнување на условите за полноправно членство на Република Македонија во Евро-атланските интеграции. Мислам дека го имаме апсолвирано процесот на промените и имаме јасна визија за реформите на безбедносиот систем со посебен акцент кон улогата на жената во безбедносниот сектор.

Доколку сакаме да добиеме одговор на прашањето дали жените се присутни при донесувањето одлуки во безбедноста област, дали има пречки во партиципирање во националната армија потребно е да направиме краток историски осврт. Комплексен е напорот и пристапот на жените за нивното вклучување во безбедносниот сектор бидејќи на безбедноста се гледа како состојба во која најдобро може да се справи машкиот пол. Но во периодот на Првата светска воја  се создаваат организации предводени од жените и воедно тоа се првите почетоци за мир од страна на жените, кои подоцна прераснуваат во меѓународна женска лига за мир и слобода.[40] Оттогаш, женските движења за мир продолжуваат со нивно зголемување и се разработуваат модели на глобално ниво, се планираат системски стратегии за зајкнување на моќта на жената, се модифицираат постојните правни системи со цел рамноправно инкриминирање на жените во сите општествени сегменти. Кога се говори за Република Македонија, по ова прашање, може да се говори во позитивна насока. Нашата држава

[40] Една од најпознатите организации е меѓунадорното здружение на жени полицајци основано во Америка 1915година со задача да го развие концептот на жните во полицијата.

има стратешки пристап кон регрутација и прием на жени, а својот придонес го дава во остварување, унапредување и заштита на човековите права и правата на жените со цел намалување на родовата дискриминација. Како резултат на тоа се изготвува национален акциски план за реализација на Резолуцијата 1325 на ОН за „Жените, мирот и безбедноста“ како дел од интересите и приоритети на Република Македонија. Доколку сакаме статистички увид во состојбата на застапеност на жените, Асоцијата на шефови на полиција од Југоисточна Европа за Министерството за одбрана на Република Македонија укажува на следниве резултати: 35,4 отсто жени учествувале во мировни операции, 53,6 отсто се цивилен персонал, 128 жени се професионални војници во АРМ, 184 подофицери и 99 жени се офицери. Кога станува збор за застапеноста, односно вработувањето на жените во Министерството за одбрана и во Армијата, веднаш треба да се истакне дека за нивното вработување се важечки пактот закони кои произлегуваат од пакетот закони кои ги регулираат работните односи. Основа констатација е дека, овие закони ја ргулираат уставната одредба за недискриминација во однос на родот. Во рамките на ова општо разгледување, треба да се истакне дека „Должност за извршувањето на работната обврска имаат сите работоспособни граѓани на возраст од 18 до 65 години за мажи, односно 60години за жени“.[41]

Од официјални податоци добиени од Секторот за односи со јавноста и информации од јавен карактер, за Министерството за внатрешни работи структурата е следнава: униформирани полициски службеници жени се 33,8% од вкупната бројка, раководители жени се 4%, а само на раководни функции се 14,48%. Ова ни е засега одличен показател, бидејќи ретроактивно процентот на жени на раководни функции во безбедносниот сектор секоја година расте. Застапеноста на жената во вкупниот општествен живот е од големо значење. Компаративно, Словенија стана единствената земја во НАТО која назначила жена[42] како глава на својата армија.[43] Сепак, заради специфичностите што ги има дејноста на одбраната и безбедноста, застапеноста на жените во оваа сфера добива уште поголемо значење. Безбедносните институции се

[41] Чл. 13 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија
[42] Генерал-мајорот Аленка Ерменс дипломирала на Кралскиот колеџ за одбранбени студии во Лондон и завршил магистрирал по меѓународни студии на универзитетот во Лондон. Таа ќе го замени генерал-мајорот Алан Гедер, кој е на функцијата од февруари. Словенија има околу 7.500 војници, вклучително и активни и резервни сили.
[43]https://www.bbc.com/news/world-europe-46366561?SThisFB&fbclid=IwAR1aY5y3jgZ35jgcZcUUG2vDuut1iNMaiE9JqWXZmv5sgZXkEqVz5iGAoXQ, посетена на 28.11.2018

водат пред се од нормираните правни акти од половата рамноправност заснована на принципот на еднквост меѓу припадниците на машкиот и женскиот пол во остварувањето на своите права, вработување, оценување на овластувањето на овластените службени лица, еднаквиот пристап до обуки и унапредување. Во овој контекст важно е да се истакнат втемелените и основни принципи од Уставот на Република Македонија, од каде се црпи и основната цел во стратегијата за управување со овечки реурси. Од сите зацртани и преземени Национални планови, Програми, Правилници, Акциони планови како и мерки и активности се очекува да се даде посебен придонес кон превенцијата на секаков вид директна или индиректна дискриминација вез основа на полот и вознемирување и сексуално вознемирување во смисла на одредбите и дефинициите дадени во Законот за еднакви можности на жените и мажите. Од осамостојувањето на Република Македонија, сите досега изнесени податоци во јавност, јасно ни даваат до знаење дека е присутна значителна застапеност на жената во безбедносните структури, но сеуште постои нерамномерна застапеност на различни нивоа. Процентот на застапеноста на жените во вооружените сили во АРМ изнесува околу 8 проценти.

Доколку сакаме да имаме јасна слика за застапеноста на жената во безбедносниот сектор неопходна е кратка компратаивна анализа на состојбата во одредени држави. Малку географски подалеку од нас, во *Шпанија* женскиот персонал е вклучен во вооружените сили од пред околу седумнаесетина години. Сепак само во последните шест години, жените кои учевствуваат и во борбените улоги се опфатени со околу 9 проценти од шпанскиот воен персонал. Во *Велика Британија*, жените се вклучени во сите улоги освен во „Royal Marines“, пешадија, коњаница и во подморниците на кралството. Иако во 1998 година се отстранети ограничувањата за вработување во артилерија инжењери, и во високо спацијализирани улоги, присуството на женски персонал во армијата останал релевантен само во логиситчките и релевантните органи на администрацијата. Жените се опфатени со одприлика 8 процени од персоналот на британските вооружени сили. Во *Сојузна Република Германија* жените се дел од вооружените сили од пред околу 30 години, но само во категоријата на офицери лекари. Од 1991 година германците започнале со вработување на подофицери и војници, но секогаш ограничени само на здравствениот сектор. Во 2001 година, по одлуката на Европскиот суд на правдата, Германија започна со вработување на жените во сите улоги на вооружените сили, вклуќувајќи ги и

оперативните. Во моментов воениот женски персонал од оваа Европска држава е околу 4 проценти. Во *Италија*, претставувањето во јавност на фигурата жена војник е уште од 1992 година, но официјалниот влез на жените во вооружените сили е овозможен со Закон бр.380 од 1999година, каде се признаваат различностите меѓу мажите и жените. Жените во Италијанстака Армија денес се застапени со околу 3 проценти. За Авганистан, женскиот персонал од компонентите на вооружените сили, бројките се следни: 23 подофицери, 30 професионални војници, 12 цивилни лица или вкупно 65 лица. Додека во Босна: 19 офицери, 29 подофицери, 19 цивилни лица или вкупно 67 лица.

**Заклучок**

Глобалната застапеноста на жената во безбедносниот сектор се потврдува со отварањето на прашањето за родова рамноправност и родова перспектива во сите држави од регионот и пошироко. Застапеноста на жената не значи само донесување на закони, декларации, платформи туку и промена на концептите на размилсување, промена на традиционалните и конвенционални вредности и стеротипи, како и поттикнување и обезбедување политичка влја. Застапеноста на жената во вкупниот општествен живот е од големо значење, а специфичностите што на одбраната и безбедноста, застапеноста на жените ја прави уште позначајна.

Република Македонија по ова прашање има постигнато многу резултати и со истите треба да биде горда, Перостанува да се постигне поголема практична застапеност, како и поголема реализација на декларираните заложби.

**Користена литература**


1. Нучари, М., Серторио, Г., (2003), Нови улоги за нови вооружени сили, Џапиќели, Торино
2. Устав на Република Македонија („Сл. Весник на РМ“, бр.52/92)
3. Закон за еднакви можности на жените и мажите („Сл. Весник на РМ“, бр. 66/06)
4. Закон за служба во АРМ („Сл. Весник на РМ“, бр. 36/10)
5. Закон за внатрешни работи („Сл. Весник на РМ“,92/09, 35/10, 36/11, 158/11 и 114/12)
6. Резолуција на Генралното собраните на ООН 1325: жени мир и сигурност
7. Програма за еднакви можности на мажите и жените во МО и АРМ, Скопје 2009
8. http://www.morm.gov.mk
9. http://www.mvr.gov.mk
10. http://www.nato.int

**м-р Елена Пренџова, лекторка**
**Факултет за информатика**
**Европски универзитет Република Македонија**
**е-маил: elena.prendjova@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ЗОШТО СМЕ СÈ УШТЕ АЛЕРГИЧНИ НА ФЕМИНАТИВИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК?

## Вовед

Дваесет и првиот век е век на суштински промени во улогата на личноста во општеството. Имено, како никогаш претходно, во овој век се разбрануваа активистичките движења кои се заложуваат за подигнување на свеста за човековите права и правата на животните, меѓу кои највеќе правата на децата и правата на жените. Современите луѓе се исклучително сензитивни на јадење месо и месни производи, чување животни во шинтерници, купување домашни миленици наместо вдомување улични мачиња и кучиња, на деца што питаат и работат од најрана возраст, на жени жртви на родово базирано насилство и деца жртви на педофилија, на загарантиран легален абортус како основно право и сл. Од друга страна, пак, сите овие движења се јавуваат како реакција на насилството со кое сме постојано опкружени и кое, за жал, низ цивилизациите станало длабоко вкоренет норматив на морално и етичко општествено дозволено однесување. Следствено, во дваесет и првиот век сè уште постојат општества во кои силувањето не е кривично дело, потоа одредени демократски општествени уредувања регресираа со делегализација на веќе легалното право на абортус, а исто така сè уште постојат и општества во кои жената не смее да побара развод итн. Наспроти тие „примитивни“, тоталитарни, недомкратски општества, современата цивилизација раѓа и општества исклучително свесни за овие теми, кои се одликуваат со многу практични промени со цел за подобар и поквалитетен живот за сите граѓани. Пример на такви општества се Канада, Исланд и скандинавските земји каде законите се демократизираат во корист на малцинствата дискриминирани по род, пол, раса, националност, пречки во развојот и др.

Секако, највидливи и најприсутни се општествените промени. Меѓутоа, што се случува со јазикот како жива материја? Ако се согласиме дека според филозофијата на јазикот на филозофот Лудвиг Витгенштајн јазикот е огледало на реалноста, на светот, тогаш нема да можеме да го негираме фактот дека општествените промени се

огледуваат и во јазикот. Оттаму се поставува прашањето: Зошто промените во општеството доцнат како промени во јазикот?

Овој труд има за цел да укаже на неопходните промени кои е потребно да се случат во јазикот за да може јазикот како слика на светот да соодветствува на самиот свет. Или поинаку кажано, дали во современото општество се соочуваме со феноменот на расчекор помеѓу (јазичната, лингвистичка) слика(та) на светот и светот во реалноста? Претходно наведеното ќе биде разгледано во контекст на употребата на феминативите во македонскиот јазик.

## Калеидоскопскаслика на светот

Како луѓето го гледаат светот? Многу едноставно – преку јазикот. Следствено, постојат онолку слики на светот колку што постојат јазици. Секако, ќе се запрашаме: Можно ли е претставите на светот да бидат толку разнолики колку што се јазиците на Земјата? Одговор може да ни дадат куриозитетите на егзотичните јазици. На пример, во некои јазици во Африка не постојат зборови за лево и десно. Овие концепти се заменети со страните на светот – север, југ, исток и запад. Тоа е така поради фактот што свеста на мајчините говорителки и говорители на тие јазици не е егоцентрична, туку хелиоцентрична (луѓето секогаш се движат кон одредена страна на положбата на Сонцето, а не на положбата на своето тело). Понатаму, се среќаваат и африкански јазици во кои постојат само две бои: сината и жолтата. Разбирливо, станува збор за пустински жителки и жители за кои секојдневната реалност се само синото небо и синиот океан, и жолтото сонце и жолтата пустина. Природно, ќе се запрашаме: Како ќе ја наречат бојата на реткото пустинско растение кое несомнено би го забележале некогаш во животот? Но, ајде да размислуваме логично и веднаш потоа да си поставиме друго прашање: Дали на луѓето во пустина навистина им е битна бојата на растенијата, како на пример, што им е битна бојата на лалињата на Холанѓанките и Холанѓаните, или само фактот дека воопшто нашле некое растение на среде пустелија?! Можеби се чини баналност, но кога ќе размислиме подлабоко, ќе сфатиме дека ни нам како населенички и населеници на континенталната клима не ни се потребни повеќе од еден збор за снег, како што им се потребни на Ескимите населени на заледените краишта на Земјата!

Во секој случај, ако се навратиме на географски поблиските ни народи, дали тие ќе имаат поблиска слика на светот до нашата? Нормално, најблиски слики би имале со

словенските народи, секако, поради заедничката генеза на јазиците, но и со романските јазици поради географската близина и сличноста во менталитетот.

**Една буква потресе цела земја**

Темелите на сликата на светот се поставени во времето на создавањето на јазикот. Промените се ретки, некогаш сведени на исклучоци, долготрајни и макотрпни. За жал, често, особено во традиционалните општества, промените во современите јазици се сметаат за непожелни, радикални и екстремистички зафати на силување на јазикот. Како било, не смее да се заборави дека за да се случи промена во јазикот, првенствено мора да се случи промената во свеста за поимањето на светот. На пример, промената на светогледот на Швеѓанките и Швеѓаните јасно се одрази во нивниот јазик. Имено, оваа година во речникот на шведскиот јазик е воведена нова заменка за среден род – *hen*, покрај *han* за машки род (тој) и *hon* за женски род (таа). Новата заменка *hen* означува личност која не припаѓа ни на машкиот ни на женскиот пол, туку е или трансродово лице, или е андрогино лице, или пак одбива да припаѓа на двата биолошки рода. Оваа заменка е воведена во сите официјални документи, книги, како и во медумите. Интересно е што како ќе помине време откако ќе циркулира во официјална употреба, заменката ќе ја изгуби својата примарна активистичка и политички-коректна улога и ќе стане норматив. Меѓутоа, во времето на своето појавување несомнено укажува на фактот на свеста на Шведска за постоењето на повеќе од два рода и, што е од уште поголемо значење, расположеноста рамноправно, правно, да ги интегрира овие рода во своето општество.

**Феминативите – „Чумата“ на македонскиот јазик**

И додека Швеѓанките и Швеѓаните го демократизираа и родово неутрализираа јазикот со уште една (не)родова заменка, ние не дозволуваме во македонскиот јазик да се користи веќе постоечкиот женски род! Овој феномен најдобро може да се илустрира кај феминативите – именки од женски род што означуваат професија.

Да се потсетиме, во македонскиот јазик постои категорија род која разликува машки, женски и среден род. При тоа не смее да стане забуна меѓу граматичката категорија **род** и биолошката категорија **пол**! Од друга страна, постојат родово неутрални, т.е. родово инклузивни јазици кои ги одбегнуваат родово-половите

одредници во термините, особено во именувањата на професиите. Со појавата на феминистичките движења и активизмот за борба за рамноправност на жените со мажите и против насилството врз жената, вклучувајќи го и насиството во јазикот и стеротипите, јазиците од развиените општества сѐ повеќе тежнеат да бидат родово неутрални. Така, додека мојата генерација учеше од учебници по англиски јазик во кои станувaше збор за *policeman, stewardess, postman* и *fireman*, денешната генерација студентки и студенти учат за *police officer, flight attendant, postal worker* и *firefighter* по наведениот редослед. Нормално дека поради својата природа македонскиот јазик не може да биде родово неутрален, меѓутоа, ниту пак треба да му се игнорира категоријата род и, како што наложува традициананата граматика, професиите и функциите вршени од жени да бидат подведени под општата употреба на машкиот род. Како застапничка на феминистичката граматика, таа употреба ми е неприфатлива дури ниту кога станува збор за генеричката професија што опфаќа лица од двата пола! Накратко, да појаснам.

Најпрво, да се обидеме да направиме феминативи од, на пример, следниве професии: водител, инспектор, пожарникар, брокер, програмер, пилот, шеф, цариник, туристички водич, археолог и стоматолог. Додека за некои ни е сосема природно да кажеме, на пример: водителка, инспекторка, брокерка, програмерка или шефица, на некои од нас не ни доаѓа сосема природно да кажеме, на пример, пожарникарка. Зошто е тоа така кога феминативот *пожарникарка* го градиме по аналогија на феминативите на сличните на него (пр. инспекторка)? Ќе се согласиме дека во овој случај никако не станува збор за лингвистичка пречка, туку за екстралингвистичка бариера – бариерата на свеста: Колку жени пожарникарки има моментално во Македонија? Искрено, освен Менка Стојаноска, не знам за ниедна друга! Понатаму, дали би можеле да кажаме пилотка, цариничка или, на пример, туристичка водичка? Или и тоа ни е неприродно? Сигурно највеќе проблеми би ни предизвикале феминативите од археолог и стоматолог. Можеби би кажале жена археолог/стоматолог? Можеби би ви било смешно да кажете археолошка/стоматолошка? Дали би се сетиле да кажете археологинка/стоматологинка? Всушност, новиот правопис од 2017 година го предлага суфиксот – *инка* за да се избегне совпаѓање со придавската форма археолошка/ стоматолошка. Останува да видиме дали ќе заживеат како форми.

**Како до родово чувствителен јазик**

Родово чувствителен јазик е јазик кој го афирмира принципот на родова рамноправност и родови разлики. Нормално, поради поврзаноста на јазикот и сликата на светот, употребата на родово чувствителните јазици игра голема улога во искоренувањето на родовата дискриминација и борбата против родовите стереотипи и предрасуди во сите општествени сфери. За жал, традиционалната лингвистика ја отфрла употребата на феминативите од две причини: прво, поради тоа што го смета машкиот род за немаркиран, неутрален и генерички, односно обединувачки за двата рода, и второ, се повикуваат на економизирање на јазикот, сметајќи дека употребата на феминативите само непотребно го обременува дискурсот. Од друга страна, пак, феминистичката лингвистика на дваесеттиот век, како ново и современо поле на истражување во областа на науката на јазикот, не зазема само дескриптивен став кон јазикот, туку и критички и е повеќе сосредоточена на демократизација на јазикот и инфилтрирање на родовата свест во рамките на самиот јазик. Следствено, феминистичката лингвистика има за цел да ги избрише родовите стереотипи вкоренети во јазикот, да го укине родово дискриминаторскиот и сексистичкиот говор, но и да го осовремени јазикот на начин што потсетува дека во денешно време на јавните позиции (порано окупирани од мажи) сѐ повеќе се присутни жени, а оваа промена потребно е да се укаже и во јазикот, меѓу другото, преку употребата на феминативите.

Штета што македонскиот јазик не претендира да стане родово чувствителен јазик. За жал, кај нас сѐ уште предрасудно и пејоративно се смета дека употребата на женскиот род од именките што означуваат професија и функција претставува етикетирање и дискриминација на жената. Секако, ова нема никаква врска со јазикот, туку со свеста на говорничките и говорителите на македонскиот јазик како мајчин јазик. Се чини нашето општество не може да се оттргне од прангите на патријархатот ни во дваесет и првиот век. Малкумина се кај нас оние кои научно се занимаваат со нивно проучување, како на пример проф. д-р Симон Саздов од Катедрата за македонски јазик и за јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје, или проф. д-р *Елка Јачева-Улчар* од Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков", во рамките, главно, на изведување етници од женски род. Надвор од научните рамки, употребата на феминативите во македонскиот јазик е чин на активизам, бунт против патријархалните стереотипи наметнати врз жената и реална борба за рамноправност на половите.

**Заклучок**

Јазикот е жива материја, се менува согласно општествените промени. Сепак, во некои јазични општества постои голем расчекор меѓу воведувањата на промените во општеството и воведувањата на промените во јазикот. Во развиените и свесни општества, овие промени се случуваат симултано. Факт е дека современите општества подлежат на убрзан процес на демократизација, кој, меѓу другото, подразбира и рамноправност на половите. Во сета таа борба за полова рамноправност не смееме да заборавиме дека битките се водат во јазикот. Една од тие битки е и употребата на феминативите. Употребата на феминативите е борба против сексизмот во јазикот, борба против стереотипите за жената, борба за рамноправност, заложба за практикување на човековите права на дело, затоа што, парадоксално, но прангите што не ја допуштаат употребата на феминативите во јазикот не се лингвистички, туку екстралингвистички, т.е. не се вкоренети внатре во јазикот, туку ни се всадени во умот! И навистина, според проф. д-р Симон Саздов, во македонскиот јазик употребата на феминативите е условена од неговата граматичка структура, па така тој нагласува дека согласувањето по род и по број во именската група и меѓу подметот и прирокот не е можно без феминативите.

За крај, сакам да дадам јавен одговор до сите традиционалистки и традиционалисти во јазикот кои ми замеруваат за употребата на феминативите во сите мои јавни усни и пишани дискурси: антидискриминацијата за сите е загарантирана со „Декларацијата за човековите права" од 1948 година, според која, меѓу другото, никој/а не смее да биде дискриминиран/а преку јазикот, а јас лично се сметам дискриминирана по пол и род кога насилно сум „напикана" во машкиот граматички род и убедена сум дека не сум единствената.

**Користена литература**

http://columbiajournal.org/profile-poet-bob-holman-by-kristina-bicher/
https://en.wikipedia.org/wiki/Gender_marking_in_job_titles
http://makedonskijazik.mk/
https://sdk.mk/index.php/magazin/somnezhite-ne-me-obeshrabruvaat-da-bidam-pozharnikarka-veli-menka-stojanoska-edinstvenata-zhena-megu-19-novovraboteni-vo-skopskata-pozharna/?fbclid=IwAR2Kjod5VGA1YBiLiOcNXvrqeBftXpk4spVEegAWyiZ-fIpxxLUbdQEted4

https://www.theguardian.com/world/2015/mar/24/sweden-adds-gender-neutral-pronoun-to-dictionary

**нас. доц. д-р Емилија Ѓорѓиоска**
**Економски факултет-Прилеп**
**Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола**
**Република Македонија**
**emilija.mateska@uklo.edu.mk**

# ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ-ПРАВНА РЕГУЛАТИВА И РЕАЛНОСТ

## Вовед

Недискриминацијата по основ пол, еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, се дел од основните човекови права и слободи загарантирани со голем број меѓународни акти, Уставот на Република Македонија и претставуваат битен дел од голем број закони меѓу кои и законите од областа на трудовото право. Во трудот ќе биде извршена анализа на правната рамка на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори и конвенции и законските решенија кои се однесуваат на можноста жените еднакво да учествуваат во пазарот на трудот, од една страна и од друга страна како тоа се спроведува во практиката, односно каква е состојбата и реалните показатели за учеството на жените во пазарот на трудот во Република Македонија.

## Меѓународна и национална правна рамка за недискриминација по основпол

Недискириминацијата по основ на пол, како во сите сфери на општествениот живот, така и во делот на трудовото право, е предмет на регулација на голем број меѓународни организации. Обединетите нации како организација во чии што цели спаѓа и заштита на човековите права, во преамбулата на Повелбата на Универзалната Декларација за човековите права и слободи, родовата еднаквост ја дефинира како една од централните цели на организацијата во однос на реафирмација на "вербата во основните човекови права, во достоинството и вредноста на човековата личност, во еднаквите права на мажите и на жените".[44]

Исто така свое место недискриминацијата по основ пол добива и во други два акти на Обединетите Нации и тоа: Меѓународниот пакт за економски, социјални и

[44] Повелбата на Обединетите Нации достапна на http://www.un.org/ en/universal-declaration-human-rights/

културни права[45] и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[46]. Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (ЦЕДАФ) на Обединетите Нации, ја елаборира еднаквоста на жената во политичкиот и јавниот живот, образованието, вработувањето и правата од работен однос, пристапот до здравствена заштита, финансиската и социјална сигурност, правните и граѓански права и обврски, стекнувањето на државјанство, семејните односи, итн. [47] Согласно Конвенцијата на жените треба да им се обезбеди правото на работа врз основа на еднаквост со мажите; правото на исти можности за вработување; на слободен избор на професија и вработување; сигурност на работното место; бенефиции и стручна обука и преквалификација, како и стажирање. Треба да се преземат чекори за да им се обезбеди правото на жените на еднаков надомест, вклучувајќи и бенефиции и еднаков третман на работата со еднаква вредност, како и еднаквост на третманот при оценување на еднаквоста на работата.[48]

Меѓународната организација на трудот (МОТ) која се залага за зајакнување на работничките права, за подобрување на работните и животните услови на работниците, воспоставување на меѓународни стандарди на заштита на работничките права, во своите конвенции посветува посебно внимание на недискриминацијата по основ пол.[49]

Недискриминацијата по основ пол е регулирана и со акти на Советот на Европа, како што се: Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи и Европската социјална повелба. На ова поле, Европската унија има донесено две родови директиви: Директивата на Советот 2004/113/ЕС за принципот на еднаков третман помеѓу мажите и жените во пристапот до и во обезбедувањето на добра и услуги и Директивата 2006/54/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот за спроведување на принципите на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и занимањето

[45] Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права достапен на http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CESCR.aspx

[46] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права достапен на http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx

[47] Македонија ја има ратификувано оваа Конвенција на 18.01.1994 година.

[48] Подетално чл.11 од Конвенцијата.

[49] Такви конвенции се: Конвенцијата против дискриминацијата (вработување и занимања) од 1958 година (Конвенција бр. 111), Конвенцијата за еднакво плаќање од 1951 година (Конвенција бр. 100), Конвенцијата за работници со семејни обврски од 1981 година (Конвенција бр. 156) и Конвенцијата за заштита на мајчинството од 2000 година (Конвенција бр. 183) итн.

Согласно Уставот на Република Македонија, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место, секој вработен има право на соодветна заработувачка.[50] Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.[51]

Прашањето за родовата недискриминација во трудовото право подетално се регулирани со: Законот за работни односи[52], Закон за еднакви можности на жените и мажите,[53] Закон за спречување и заштита од дискриминација[54], Законот за заштита од вознемирување на работното место[55] итн.

Од работата на Комисијата за заштита од дискриминација формирана согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, согласно Извештајот за работа за 2016 година, биле поднесени вкупно 60 претставки од кои 13% се однесувале на дискриминација по пол. Во една од претставките Комисијата утврдила дека била направена директна дискриминација по пол во областа на работата и работните односи. [56]

**Статистички податоци за учество на жените во пазарот на трудот**

Согласно статистичките податоци, во II тримесечје од 2018 година, активното население во Република Македонија изнесува 957 471 лице, од кои вработени се 755 073, а 202 398 лица се невработени. Од вработените 755 073 лица, 456 455 лица се мажи, што процентуално би изнесувало 60.5%, додека 298 618 вработени лица се жени, или во проценти 39.5%. Споредбено со II тримесечје од 2017 година процентуалното учество на жените во бројот на вработените лица е зголемено за 0,9% за сметка на

[50] Чл.32 став1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија.
[51] Чл.54 ст.3 од Уставот на Република Македонија.
[52] Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, ... 120/2018).
[53] Закон за еднакви можности на жените и мажите, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015).
[54] Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015, 31/2016 и 21/2018).
[55] Закон за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013 и 147/2015).
[56] Повеќе во Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година, март 2017, стр.17-18.

мажите. Структурно, согласно школската подготовка на вработените жени, најголем дел од нив се вработени со завршено 4 годишно средно образование-дури 127 568, потоа следуваат вработени жени со завршено високо образование-91 892, а најмал дел од вработените жени се со незавршено основно образование 6 674. [57]

Согласно статистичките податоци за 2017 година биле вработени 290 387 жени, а невработени 81 052, наспроти 450 261 вработени мажи и 132 512 невработени мажи.[58] Структурно најголем процент од вработените жени се со завршено средно - тригодишно и четиригодишно образование, а потоа следуваат вработените жени со завршено високо образование. Околу 75,1% од вработените жени се вработени во деловни субјекти во приватна сопственост, а останатиот дел -околу 24.9 % работат во деловни субјекти во мешана сопственост, државна сопственост, задружна и слично.[59] Најголем дел од вработените жени 22.3% земале месечна нето плата во 2017 година од 12 001-16 000 денари, потоа 16.5% од жените земале нето плата во висина од 10 001-12 000 денари, 13.1% од жените земале нето плата од 20 001 до 25 000 денари, а само 1% од вработените жени земале нето плата повеќе од 40 001 денари.[60] Само за споредба во декември 2017 година просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, изнесува 23 850 денари.[61] Кога би ги собрале процентите на исплатени нето-плати под 23.850 денари (без во вкупниот збир да го земаме процентот на исплатени плати помеѓу 20001-25000, а сметајќи ги неплатените семејни работници), ќе дојдеме до бројка дека дури 69.6 од вработените жени во 2017 година земале пониска од просечната нето плата во Македонија. Бројката би била поголема кога би знаеле колку од 13.1% проценти од жените кои земаат плата од 20001-25000 денари, земаат плата под 23.850 денари.

## Родов јаз во платите

Нееднаквоста на платите на мажите и жените се дефинира како родов јаз во платите. Родовиот јаз ја покажува просечната разлика на приходите на жените во однос на приходите на мажите. Ваквата состојба се должи на повеќе фактори меѓу кои:

[57] ПАЗАР НА ТРУДОТ - СООПШТЕНИЕ -**Активно население во Република Македонија, Резултати од Анкетата за работна сила, II тримесечје од 2018 година,** Државен завод за статистика, Скопје, септември 2018.
[58] АНКЕТА ЗА РАБОТНАТА СИЛА, 2017 - Државен завод за статистика, Скопје, мај 2018, стр.23.
[59] ibid, стр.26 и стр.44.
[60] Ibid стр.67
[61] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=40&rbr=2552 [14.11.2018]

родови разлики во образованието, родови разлики во работното искуство, професионална родова сегрегација, дискриминација во платите, работа со полно и неполно работно време, работа во ноќни смени, празници и слично. Секако тука има големо влијание и концептот на традиционално семејство кој е особено прифатен во Македонија, особено во руралните средини, каде жената е должна да се грижи за домашните обврски, децата и останатите членови на семејството. Родовите разлики во образованието покажуваат дека најголем дел од лицата кои се без образование се од женски пол. Исто така постои родова сегрегација по професии, постојат професии кои се сметаат за чисто женски и професии кои се сметаат за машки професии. Жените вообичаено се вработени и извршуваат работи слични на домашните како што се: образованието, социјалната работа, работа со текстил и слично. За тоа покажуваат и статистичките податоци од Заводот за статистика, анализирани во претходното поглавје. Согласно вертикална сегрегација, жените обично ги вршат работите за кои не се потребни високи квалификации, а на поважните работни места што се подобро платени речиси секогаш работат мажи. Жените најчесто добиваат работа како помошници во продавница, техничари, стручни лица и службеници. Уделот на жените во менаџерските, високите положби и законодавството во 2009 г. беше само околу 27 проценти.[62] Потоа, често пониските плати се должат на почестите прекини во работниот век поради бременост, раѓање, одгледување на децата, обврските околу децата, иако сè поголем дел од жените остануваат во работна сила и по породувањето. Губењето континуитет во работата поради прекин на работата, често има тенденција на губење пристап до повисоки работни места. Ваков пример од нашето законодавство беше Законот за високото образование кога изборот во повисоко наставно-научно, научно и наставно звање се пролонгираше за времето кое е поминато на породилно отсуство.[63] Практично тоа значеше дека на мажите им е потребно 5 години од звање доцент да бидат избрани во звање вонреден професор, а на жена доцент која го користела законското право на породилно отсуство ќе и бидат потребни 5 години и 9 месеци да биде избрана во повисоко звање. За среќа, оваа неправда беше исправена со новото законско решение, така што им е оставено правото на жените кои користеле породилно отсуство да побараат времето за распишување на конкурсот да не се

[62] Родовиот јаз во платите во поранешната југословенска Република Македонија, Милка Казанџиска, Марија Ристеска, Верена Шмит, ILO, 2012,стр.20.
[63] Чл.135 ст.3 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.35/2008).

продолжува.[64] Родовата дискриминација по основ на плата во апсолутна смисла беше 1655 денари во 2000 г., 1474 денари во 2001 г., 1724 денари во 2002 г. и 3511 денари во 2006 г., што укажува на зголемување на родовиот јаз во плати со текот на годините.[65]

**Заклучок:**

Од спроведената анализа може да се извлече заклучок дека постои солидна меѓународна и законска регулатива, за надминување на сите форми на дискриминација по основ пол во сферата на работните односи. Но и покрај тоа, евидентно е дека учеството на жените на пазарот на трудот е помало во однос на мажите, учествуваат во пазарот на трудот претежно како нискоквалификувана работна сила, со професии кои се сродни со секојдневните обврски на жената во традиционалното семејство и најголем дел од жените имаат многу пониски месечни примања од просечната нето плата. Сеуште постои дискриминација на жените на пазарот на трудот врз основа на полот како и врз основа на брачниот и семејниот статус. Со цел подобрување на состојбата во која се наоѓаат жените во сферата на работните односи потребна е поголема пропаганда за нивно вклучување во образовните процеси и пазарот на трудот особено жените од руралните средини, добивање на повисоки работни позиции, подобра регулатива и заштита на бремените жени особено вработените на определено време, а се со цел истовремено успешно водење на семејниот и професионалниот живот како биолошки и културолошки наметнат предизвик со концептот на традиционалното семејство и поделбата на улогите на мажот и жената во семејството.

**Користена литература**


1. Анализа за уеството на жените во пазарот на трудот, Меѓународни правни стандарди, Светлана Цветковска, подржано од ОБСЕ.
2. АНКЕТА ЗА РАБОТНАТА СИЛА, 2017 -Државен завод за статистика, Скопје, мај 2018.
3. Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година, март 2017.


[64] Чл.176 ст.3 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018).
[65] Родовиот јаз во платите во поранешната југословенска Република Македонија, Милка Казанџиска, Марија Ристеска, Верена Шмит, ILO, 2012,стр.23.

4. Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015).
5. Закон за еднакви можности на жените и мажите, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015).
6. Закон за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013 и 147/2015).
7. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015, 31/2016 и 21/2018).
8. Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018).
9. Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и нејзиниот Факултативен протокол- Прирачник за пратеници, Обедните нации, 2003.
10. ПАЗАР НА ТРУДОТ - СООПШТЕНИЕ -Активно население во Република Македонија, Резултати од Анкетата за работна сила, II тримесечје од 2018 година**,** Државен завод за статистика, Скопје, септември 2018.
11. Родовиот јаз во платите во поранешната југословенска Република Македонија, Милка Казанџиска, Марија Ристеска, Верена Шмит, ILO, 2012.

**М-р Дијана Ѓоргиева**
**докторант по граѓанско процесно право**
**Правен факултет Јустинијан Први – Скопје**
**Република Македонија**
**е-маил: dgorgieva64@yahoo.com**

# (НЕ)ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Воведни напомени

Положбата на жената во постапките за вработување е актуелна тематика која сè повеќе добива на вредност поради модерниот тренд за еманципација на жената во сите сфери на општественото живеење (образованието, политиката, културата, науката...). Ова затоа што еманципацијата на жената индиректно ја отвора и тематиката за положбата на жената во пазарот на трудот. Ова прашање иако долго време во работното законодавство беше занемарувано затоа што жената се третираше како обична "домаќинка на семејството" во поново време сè поизразено се актуелизира затоа што во услови на економска криза жената започнува да се бори за рамноправност со мажот во пазарот на трудот и активно да придонесува во економското издржување на семејството. Токму поради ова жената веќе не е замо домаќинка туку и мајка, а потенцијално и успешен бизнисмен, доктор, професор... Одовде прашањето за вработувањето на жената и проблематиката за положбата на жената во постапките за вработување сè повеќе добива на значење. Ова прашање особено е интересно и отвора доста дилеми доколку жената која аплицира во некоја постапка за вработување е аилбремена или планира да забремени во догледно време. Ова затоа што од една страна треба да се заштитат работодавачите и деловното работење на правните фирми, а од друга страна и да се зголеми стапката на наталитетот како државна политика без притоа да се дискриминира жената по основ на пол и личен статус – бременост при вработувањето. Токму поради ова предмет на овој труд е положбата на жената во постапките за вработување и начинот на кој позитивното работно законодавство и Уставот на Република Македонија ја регулираат оваа проблематика.

## 1. Уставнно-правна рамка за положбата на жената во постапките за вработување во Република Македонија

Иако Уставот на Република Македонија непосредно не ја регулира материјата за положбата на жената во постапките за вработување во Република Македонија некои уставни гаранции директно се рефлектираат врз работното законодавство при регулирањето на материјата за положбата на жената во постапките за вработување. Ова затоа што законите мора да бидат во согласност со Уставот како највисок правен акт на државата. Уставот на Република Македонија иако директно не ја регулира материјата за положбата на жената во постапките за вработувањето има ефект врз работното законодавство кое ја регулира оваа тематика затоа што чл. 9 од Уставот гарантира еднаквост на граѓаните во слободите и правата по основ на пол, раса, боја на кожа, национална и социјална припадност, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба, чл. 32 од Уставот гарантира право на работа, слободен избор на вработување и еднаков достап до било кое работно место на секого, а чл. 42 од Уставот посебна заштита на мајчинството. Ако овие уставни одредби се конектираат со тематиката за положбата на жената во постапките за вработување може да се заклучи дека полот не смее да биде дискриминаторска пречка за вработување односно дека жената исто како и мажот може да апицира и да се вработи на кое и да било работно место без притоа да ѝ биде загрозено правото на мајчинство.

## 2. Законско-правна рамка за положбата на жената во постапките за вработување во Република Македонија

Законско-правната рамка за заштита од дискриминација на бремената жена и идната бремена жена која е кандидат за вработување во конкретна постапка за вработување во Република Македонија ја сочинуваат: Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за еднакви можности на мажите и жените и Законот за работните односи. Законот за спречување и заштита од дискриминација пропишува дека се забранува дискриминација во сите фази на вработувањето од пристапот до вработување, преку условите за вработување, па сè до откажувањето од договорот за вработување. Станува збор за забрана од генерална природа која во себе ја супсумира и дискриминацијата по основ на пол – жена и личен статус – бременост во постапките за вработувањето. Законот за еднакви можности на мажите и жените од друга страна овозможува жените под еднакви можности и третман како и мажите да може да

учествуваат во постапките за вработување и да бидат вработени како едно потесно право од принципот за еднакви можности на жените и мажите во граѓанската сфера на општественото живеење. Базичен закон пак кој ја регулира положбата на жената во постапките за вработување е Законот за работните односи. Ова затоа што Законот за работните односи како lex generalis на работното законодавство непосредно во чл. 6 регулира еднаквост на мажите и жените во постапките за вработување и во чл. 101 забрана за откажување од договорот за вработување од работодавач на работник за време на бременост, раѓање и родителство и отсуство поради нега и чување на дете. Еднавоста на мажите и жените во постапките за вработување значи дека жена не смее да биде ставена во нееднаква положба со маж во постапка за вработување само поради тоа што е жена, додека забраната за отказ од договорот за вработување за време на бременост, раѓање или родителство значи дека жена која е бремена или планира семејство не смее поради ова да биде дискриминирана во постапка за вработување или за време на бременост поради оваа причина да биде отпуштена од работа. Доколку работодавачот го откаже договорот за вработување спротивно на одредбите од чл. 101 од Законот за работните односи во согласност со чл. 265 од Законот за работните односи ќе се казни со глоба во вредност од 3 000 евра во денарска противвредност.

## 3. Дискрепанца меѓу законско-правната регулатива која ја регулира положбата на жената во постапките за вработување и фактичките односи

Иако позитивното работно законодавство на Република Македонија солидно ја регулира и штити положбата на жената во постапките за вработување факт е дека во постапка за вработување особено во приватниот сектор ретко кој работодавач вработува или ќе вработи бремена жена. Имено едно од најчестите прашања кој секој трети работодавач во приватниот сектор ѝ го поставува на кандидатка за работа од 25 до 34 години е дали планира да има дете, податоци за семејниот и брачниот статус и планирањето на семејството, а некои работодавачи дури незаконски бараат и потврда од тест за бременост со цел да се осигурат дека жената не е бремена пред да ја вработат. Токму поради ова не треба да изнанадува податокот што во приватниот сектор се вработуваат многу повеќе мажи отколку жени, па дури и кога жените имаат подобри квалификации. Сепак иако жената има подобри квалификации не може во судска постапка да докаже дека е дискриминирана при вработување во постапка за вработување само затоа што е бремена или затоа што наскоро планира дете бидејќи ова во судска постапка е многу тешко да се докаже затоа што работодавачот обично

наведува некој друг основ поради кој не ја прима на работа. Оттука може да се заклучи дека дискриминацијата на бремена жена во постапка за вработување е многу тешко судски да се докаже затоа што интервјуто меѓу работодавачот и кандидатката за работа се одвива лице во лице. Токму поради ова бремената жена е жртва на тн "прикриена полова дискриминација". Еден од начините за справување со прикриената полова дискриминација во постапките за вработување се СОС телефоните 15 131 и 15 505, но и можноста секоја жена да поднесе пријава до државниот инспекторат за труд. Овие механизми често се користат во практиката, но само анонимно од кандидатките. Ова и не треба да изнанадува затоа што доколку кандидатката која аплицира кај некој работодавач за работа даде податоци за себе и работодавачот кој ја дискриминирал по основ на пол и личен статус – бременост, дефинитивно ја губи шансата за вработување или за продолжување на договорот за вработување доколку е вработена на одредено време.

## 4. Надлежни органи пред кои може да се бара правна заштита поради дискриминација при вработување заради бременост

Секоја жена која смета дека е дискриминирана во постапка за вработување по основ на пол - женски и личен статус - бременост може да бара заштита во граѓанска судска постапка (надомест на штета и изрекување на пресуда за враќање на работа) и во Трудова инспекција.

## Заклучни согледувања

Трудовото законодавство на Република Македонија солидно го регулира прашањето за положбата на бремената жена односно идната бремена жена во пазарот на трудот. Сепак и покрај добро поставената правна рамка фактичката состојба на терен покажува дека работодавачите во приватниот сектор ретко кога се решаваат да вработат бремена жена или жена која наскоро планира дете поради потенцијалните економски трошоци. Токму поради ова неопходно е режимот на правната заштита на бремената жена да се зајакне дополнително единствено преку обврска на работодавачот да не ѝ го продолжи договорот за вработување на определено време на бремена жена во догледен временски период откако ќе дознае за бременоста

**Зорица Стоилева, Докторанд**
**Правен факултет Јустинијан Први**
**Универзитет Св. Кирил и Методиј**
**е-маил: stoileva_zorica@yahoo.com**
**Скопје, Република Македонија**

# ЖЕНИТЕ ВО АДВОКАТУРАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Адвокатурата е самостојна, независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите, државните органи, други правни лица, органите на единиците на локалната самоуправа. Целата на овој труд е да се утврди каква е застапеноста на жените во оваа многу значајна јавна служба.

## Уставна и законска уреденост на адвокатурата и фактичка положба

Адвокатурата како самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош на територијата на Република Македонија исторски отсекогаш не била подеднакво достапна за мажите и жените.Во 1929 година бил донесен Законот за адвокатура на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, со кој била изедначена положбата на жените и мажите адвокатите т.е секоја личност која ги исполнувала законсите услови имала право да биде запишана во именикот на адвокати без одобрение на државните власти.

Адвокатурата во Република Македонија е уставна категорија. Според член 53 од Уставот на Република Македонија, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Од наведеното произлегува дека адвокатурата како самостојна и независна јавна служба согласно Уставот на Република Македонија е подеднакво достапна и за мажите и за жените бидејќи Уставот на Република

Макединија ја гарантира еднаквоста на слободите и правата независно од полот на граѓаните на Република Македонија.

Со Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015) меѓу другото се уредуваат условите за вршење на адвокатска дејност.

Адвокатската дејност ја вршат адвокати кои положиле заклетва и се запишале во Именикот на Адвокатската комора на Република Македонија. Правото на вршење адвокатска дејност согласно горенаведениот закон се стекнува со упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија. Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност и да ги исполнува следниве услови:  да е државјанин на Република Македонија или да е државјанин на држава земја членка на Европската унија, да е деловно способно, има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство, активно да го зборува македонскиот јазик, да има положено правосуден испит во Република Македонија, да не е правосилно осуден на казна забрана на вршење дејност, професија или должност, за време на траење на таа казна да не е во работен однос и да не врши работи кои се неспоиви со адвокатурата.

Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на Комората и овластувањето самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Земајќи ги во предвид наведените одредби може да се забежи дека согласно Законот за адвокатура, адвокатската дејност ја вршат адвокати кои положиле заклетва и се запишале во Именикот на Адвокатската комора на Република Македонија, а во именикот на адвокатите може да се запише лице кое ги исполува таксативно наведените услови. Тоа значи дека адвокатурата поеднакво de jure им е достапна на сите граѓани на Република Македонија кои ќе ги исполнат условите за упис во именикот на Адвокатската комора и кои положиле заклетва без разлика на нивниот пол.

Сепак и покрај уставната и законската еднаквост на жените и мажите во оствaувањето на правото на вршење на адвокатската дејност во Република Македонија се отвора прашањето каква е положбата на жените во адвокатурата во Република Македонија de facto?

Од извршениот увид во Именикот на адвокатите на адвокатската комора на Република Македонија се утврди следната фактичка состојба за вкупниот број на адвокати во Република Македонија, нивната застапеност по градови и поделбата по полови т.е мажи и жени во апсолутни бројки и проценти.

| | Град | Мажи | Жени | Вкупно | Процент мажи | Процент жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Штип | 53 | 25 | 78 | 68% | 32% |
| 2 | Тетово | 64 | 25 | 89 | 72% | 28% |
| 3 | Струмица | 49 | 27 | 76 | 64% | 36% |
| 4 | Струга | 49 | 5 | 54 | 91% | 9% |
| 5 | Вевчани | 1 | 0 | 1 | 100% | 0% |
| 6 | Скопје | 744 | 741 | 1485 | 50% | 50% |
| 7 | Прилеп | 44 | 33 | 77 | 57% | 43% |
| 8 | Охрид | 99 | 24 | 123 | 80% | 20% |
| 9 | Неготино | 4 | 10 | 14 | 29% | 71% |
| 10 | Дебар | 4 | 0 | 14 | 29% | 0% |
| 11 | Валандово | 2 | 0 | 2 | 100% | 0% |
| 12 | Македонска Каменица | 2 | 0 | 2 | 100% | 0% |
| 13 | Крива Паланка | 9 | 4 | 13 | 69% | 31% |
| 14 | Делчево | 8 | 3 | 11 | 73% | 27% |
| 15 | Куманово | 56 | 48 | 104 | 54% | 46% |
| 16 | Кичево | 25 | 22 | 47 | 53% | 47% |
| 17 | Македонски Брод | 1 | 1 | 2 | 50% | 50% |
| 18 | Гостивар | 62 | 15 | 77 | 81% | 19% |
| 19 | Гевгелија | 25 | 12 | 37 | 68% | 32% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Велес | 56 | 17 | 73 | 77% | 23% |
| 21 | Богданци | 0 | 1 | 1 | 0% | 100% |
| 22 | Кавадарци | 28 | 25 | 53 | 53% | 47% |
| 23 | Ресен | 7 | 9 | 16 | 44% | 56% |
| 24 | Крушево | 3 | 0 | 3 | 100% | 0% |
| 25 | Пробиштип | 0 | 5 | 5 | 0% | 100% |
| 26 | Кратово | 1 | 1 | 2 | 50% | 50% |
| 27 | Битола | 99 | 55 | 154 | 64% | 36% |
| 28 | Берово | 4 | 2 | 6 | 67% | 33% |
| 29 | Радовиш | 13 | 3 | 16 | 81% | 19% |
| 30 | Виница | 5 | 3 | 8 | 63% | 38% |
| 31 | Свети Николе | 16 | 5 | 21 | 76% | 24% |
| 32 | Кочани | 26 | 16 | 42 | 62% | 38% |
| 33 | Пехчево | 1 | 0 | 1 | 100% | 0% |
| | Вкупно | 1560 | 1137 | 2707 | 58% | 42% |

Ако се изанализираат податоците во наведената табела може да се забележи дека во Именикот на адвокатите на адвокатската комора на Република Македонија има вкупно запишани 2707 адвокати од кои 1560 се мажи, 1137 се жени односно 58% се мажи, а 42% се жени, при што може да се заклучи дека постои релативна рамноправна застапеност на жените во однос на мажите во адвокатската дејност на ниво на целата територија на Република Македонија. Во однос на застапеноста по градови најголем број на адвокати запишани во Именикот на адвокатите на адвокатската комора на Република Македонија има во Скопје и тоа 1485 адвокати од кои 744 се мажи, а 741 се жени, од каде може да се заклучи дека во главниот град на Република Македонија постои речиси целосна рамноправна застапеност на жените во адвокатската дејност. Жените 100% доминираат во Пробиштип и Богданци, со 71 % доминираат во Неготино, а со над 50% во Македонски Брод, Ресен и Кратово. Во останите градови доминираат мажите.

**Заклучок**

Од направеното истражување, но и од одредбите на Уставот на Република Македонија и Законот за адвокатура, можеме да заклучиме дека положбата на жената во адвокатурата во Република Македонија de jure е подеднаква како и на мажите. Сепак, од увидот во  Именикот на адвокатите на адвокатската комора на Република Македонија може да се заклучи дека постои релативна рамноправна застапеност на жените во однос на мажите во адвокатската дејност на ниво на целата територија на Република Македонија.

**Доц.д-р Арта Селмани-Бакиу**
**Правен факултет**
**Универзитет на Југоисточна Европа**
**е-маил: arta.selmani@seeu.edu.mk**
**Тетово, Република Македонија**

## РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО-УЛОГА НА ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Прашањето на еднаквоста на жените и мажите, и во денешното време е сѐ уште актуелно. Особено оваа прашање, во многу случаи, се наметнува како нерешено кога се истражуваат брачните и родителските права и обврски во едно семејство. Треба да се нагласи фактот дека, ставот за еднаквоста или родовата дискриминација е проиизвод на културното, обичајното и општествениот менталитет, и во овој дел никако не треба да се наметнуваат биолошките и физичките разлики. Во овој труд, авторката се освртува во историската еволуцијата на положбата на жената како роб на машката доминација па сѐ до нејзиното ослободување од машкото робство, времето кога таа станува рамноправна и самостојна, има стабилна материјална состојба, психофизички е подготвена да се справува со сите одговорности како индивидуа на едно општество и како сопруга-родител во едно семејство.

Од историскиот аспект, жените како од правен така и од фактички аспект, беа формално потчинети на мажите.[66] Од нејзиното раѓање жената била под власта на таткото, потоа таа власт и се трансформира на нејзионит маж. До граѓанските револуции во 19 век., а особено до почетоците на феминистичкото движење доменот на жената е приватноста на нејзиниот дом, додека присуството и активноста во јавниот живот се задржани исклучиво како право на мажите.[67] Освен грижата за децата и семејтвото, жената требала да и биде верна, да го слуша и да го почитува својот маж. Во традиционалното општество, на жената не и се признавала деловната способност, таа без дозвола на мажот немала право да склучува никакви правни дејства. Како, што се истакнува и погоре, жената била само објект за раѓање деца и одговорна домаќинка

[66] Rosemary Crompton, Suzan Lewis and Clare Lyonette, *Continuities, Change and Transformations,* Women, Men, Work and Family in Europe, Palgrave Macmillan, 2007, стр.230
[67] За повеќе читај кај Rosemary Crompto, *Employment and the Family: The Reconfiguration of Work and Family Life in Contemporary Societies,* Cambridge University Press, 2006, стр.2

за исполнување на сите семејните обврски. Правата и обврските на мајките врз нивните деца биле препуштени на религијата, обичајните правила и унифицираниот модел на функционирањето на општество. Жените и децата биле лишени од правата, кои во сегашното време им се признаваат со сите национални и меѓународните прописи.

Жената, за првпат во историјата, започнала да ја остварува својата правна, економска, политичка и општествена рамноправност со мажот во современите општества. Во дваесеттиот век, жената во поголем број земји постепено добиваа политички и граѓански права - иако правата за вработување во однос на родова дискриминација и еднаквите плати, честопати не беа конечно обезбедени сè до Втората светска војна.[68] Ова е веројатно најзначајниот елемент што довел до напуштање на поранешниот семеен модел, поради тоа што без рамноправноста на жената, не можеле да се замислат другите значајни трансформации во семејството. Во сите европски земји, по Втората светска војна, жените стекнале целосна деловна способност, добиле право да гласаат на избори, а била напуштена и доминантната положба на мажот, кој сè до шеесеттите години во повеќе европски семејни законодавства се дефинираше како „глава на семејството“. Најголемото влијание за промената на положбата на жената беше масовното вклучување на жените во образовниот процес и во економската активност.[69]

Една од разликите меѓу современото и традиционалното семејство, која особено е многу значајна и во пресвртот на улогата на жената во современото општество е моделот на склучување на бракот и либерализацијата на концептот на раводот во современите европски општества. Во традиционалното семејство, идните брачни партнери не се прашувале дали се сакаат и дали би сакале заедно да го продолжат заедничкиот живот, бракот во многу случаи се склучувал без нивната согласност, а за тоа одлучувал таткото или некој повозрасен член на семејството. Еден склучен брак не можел туку лесно да се разведе, условите за разводот беа многу ригидни. Во современото општество имаме драстична промена на овие концепти. Жената и мажот се еднакви во однос на правата и обврските, при разводот на бракот, имотните односи

[68] Rosemary Crompto, *Employment and the Family: The Reconfiguration of Work and Family Life in Contemporary Societies*, Cambridge University Press, 2006, стр.6

[69] Irene Thery, стр. 45 цитирано од Мицковиќ (2014), стр. 11

како и родителската грижа.[70] Многу од младите партнери пред склучување на брак, сакат да ја поминат фазата на меѓусебно препознавање, со тоа што се одлучуваат за вонбрачна заедница. Улога во склучување на еден брак имаат само идните брачни партнери, која се базира врз заедничка привлачност, љубов и разбирање. Индивидуалитетот е во центарот на вниманието како од страна на жената така и од страна на мажот. Разводот на бракот веќе не се базира врз вина на едниот или двајцата партнери, туку врз заедничката согласност дека нивниот брак веќе не може да функционира. Со менување на моделот на развод на бракот, секако се наметнува и прашањето на чување и одгледување на децата од страна на родителите. Тука секако има големо значење улогата на жената како родител, таа одлучува заедно со нејзиниот партнер како ќе го решат прашањето на заедничкото родителство откако ќе се разведат. Значајно е да се напомене дека, во современите семејни законодавства, на мајката и се даваат подеднакви права околу децата како и на таткото. Концептот на заедничкото родителство во бракот е гарантираното право.[71] Родителите кои живеат заедно (во брак или во вонбрачна заедница), *per se* ги вршат своите обврски спогодбено и, пред се, во интерес на децата. Родителите заедно одлучуваат за сите права и обврски на своите малолетни деца. Тие подеднакво се задолжени за нивното воспитување, за осигурување здрав и пристоен живот во согласност со нивните можности. Родителите вршењето на родителското право го реализираат преку: издржување на своите деца, школување, застапување, обезбедување на средина за развој на психофизички здрава личност за да ги оспособат независно да го продолжат својот живот.[72] Значи, пред сè, родителите, според принципот на еднаквост, ги вршат своите права и обврски:*...семејното воспитување да го опфати и правилното сфаќање за мајчинството како општествена функција и признавањето на заедничката одговорност на мажите и жените во подигањето и развојот на децата, подразбирајќи во сите случаи да мора, пред сè да се води сметка за интересите на*

[70] Zrinka Erent-Sunko (2004), стр.139

[71] Почнувајќи од принцишот на најдобриот интерес на детето, родителстството треба токму да се базира врз почитување на овој интерес кој е основен и најважен императив за кој се залагат сите меѓународните документи, современите семејни законодавства како и укажувањата на Европскиот Суд за човекови права. Правото на децата за нив да се грижат и да ги одгледуваат нивните родители, без разлика дали живееат заедно или одвоено секако дека е гарантиран и од најистакнатиот документ за правата на децата Конвенција на ООН за правата на детето. Според Конвенцијата - Одвојувањето на децата и родителите никако не смее да е во спротивност со неговата волја, освен ако тоа одвојување, според државните органи и судските одлуки е во најдобар интерес за детето. Таквите одлуки можат да се донесат ако детето е занемарувано или е малтретирано од родителите, исто така до одвојувањето може да дојде како резултат на разводот на родителите, така што треба да се донесе одлука, каде и со кој родител детето ќе продолжи да живее (1990 Конвенција на ООН за правата на детето,Член. 9, ст.1).

[72] Арта Селмани-Бакиу (2016), стр. 150

*детето* (чл. 5 ст. 2 на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените).[73] Преку пропишувањето на начелото дека родителите го извршуваат родителското право заедничко и спогодбено, изразена е рамноправноста на мажот и жената во уредувањето на семејните односи, односно на мајката и таткото спрема нивните деца. Оваа еднаквост на родителите секако е резултат на еманципацијата и економската активност и стабилност на жената во општеството и семејството. Но, животот наметнува ситуации поради кои родителите одлучуват да се разделат. Разводот претставува само правна процедура со која се разделува заедничкиот живот на двајцата партнери, но во ниту еден аспект не се однесува на завршување на родителството. Родителството продолжува и по разводот на бракот, без разлика какви меѓусебни проблеми имаат сопружниците. Секако дека, динамика на разведените бракови е една од факторите која доведува до редефинирањето на концептот на семејството во глобално ниво. Воведувајќи се од начелото на најдобар интерес на детето и тенденција кон целосна еднаквост на мајката и таткото за родителство по разводот или разделба на бракот, националните извештаји од повеќе европски земји изготвени за Европска Комисија за семејно право,[74] одредбите на семејните законодавства и граѓанските закони, може да се констатира дека повеќе од земјите на ЕУ го имаат реформирано овој дел на семејното законодавство, т.е заедничко родителство после разводот или разделба го имаат и двајцата родители, и оваа право и обврска им е гарантрана со закон како основен принцип и доминантен концепт. Заедничко вршење на родителското право по разводот или разделба на бракот - *Joint Custody*, во ниту еден случај не го менува атрибутот на родителството. Затоа, имајќи во центарот на вниманието нормален и стабилен психофизички развој на детето, современите семејни законодавства се залагаат за одговорно и родителство со полн капацитет и по разводот или разделба на бракот.[75] Тука секако, треба да се истакне дека, голема улога има и стабилната психофизичка и материјална состојба на мајката, која е во можност да се грижи за детето и по разводот на бракот.

---

[73] 1979, The Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women –CEDAW.
[74] Commision on European Family Law https://ceflonline.net
[75] Посебна крактеристика на движења насочени кон подобрување на постразводниот период особено за децата, секако е воведување на институтот *Join legal custody*, кои реформи се превземни од страна на земјите на ЕУ, во текот на втората половина на дваесеттиот век. Ова секако дојде како последица на фаворизирање само на едниот родител, голем број на случаи поднесени пред Европскиот суд за човекови права токму поради дискриминација на другиот родител околу одржување на личните односи и непосредните контакти со детето, како и ставање под прашалник на интересот на детето.

Подобрување на положбата на жената во општеството, помогна и во делот на планирањето на семејтвото. Ова секако е многу афирмирано во делот на засновање на семејството од самата жена (преку посвојувањето,[76] како и преку новите репродуктивни технологии на оплодување).[77] Во многу случаи, овие се жени кои по некоја случајност сакат да останат сами, но да станат мајки по својот избор. Тие во повеќе случаи се професионални и еманципирани жени со богата кариера, жени кои по сопствен избор се одлучија да ја заобиколат пропратната прогресија од љубов кон брак со мајчинството. Тие ги презеле работите во свои раце, за да го исполнат сонот на создавање на семејството на не-семеен начин.[78] Жената[79] е клучен фактор за зачнување на детето како по биолошкиот пат така и преку методите на биомедицинско оплодување, и тој факт никако не може да се негира. Според Закон за биомедицинско потпомогното оплодување, правата на БПО можат да го користат и полнолетни и деловно способни жени кои не се во брак или не живеат во вонбрачна заедница, ако претходното лекување е неуспешно или лекувањето со други методи е безизгледно и кои според возраста и општата здравствена состојба се способни за родителска грижа (чл. 9, ст. 1 и 2 на ЗБПО).[80] Ова право, секако дека е производ на моделот на една современа натална политика, кое и го признава правото на една жена која без да влезе во институцијата брак, може да стане родител, сама да го роди и израсне своето дете. Исклучок од овие методи во нашата држава е само сурогат мајчинство, со тоа што

[76] Види член 100-а на Законот за семејството

[77] Види Закон за биомедицинско потпомогното оплодување. Со овој закон се уредуваат: правото на биомедицинско потпомогнато оплодување, условите за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување, безбедноста на донирањето, обезбедувањето, тестирањето, обработката, чувањето, дистрибуцијата и примената на клетките при вршењето на биомедицинско потпомогнато оплодување, правата и обврските на пациентот, здравствените работници и здравствените установи, условите за спроведување на биомедицинско потпомогнато оплодување, како и надзорот (чл. 1 на ЗБПО). Законот ги пропишува и видовите медицинска постапка како и корисниците на правата на биомедицинско потпомогното оплодување. Како методи на новите репродуктивни технологии, се набројуваат: вештачката инсеминација, ин витро фертилизацијата, сурогат-мајчинството, постхумната инсеминација.

[78] Rosanna Hertz, (2006), стр.15

[79] Науката на биомедицината како и артифицијалната технологија сеуште не се во толку напредна фаза да направат артифицијална матка на мајката и детето да се роди преку артифицијалната матка. Можна е трансплаанција на матката, за оваа ни докажува и случајот на роденото бебе од пресадување на матката од починат донатор. За повеќе читај на https://www.technologyreview.com/the-download/612517/the-first-baby-has-been-born-after-a-uterus-transplant-from-a-dead-donor/?fbclid=IwAR0Y9wiP0Pa8hBBO1gNhAJBDkF810Whj6AfpPheozqT7tqeeZnvXcmRg5w0 Последен пат проверено на (20.01.2019)

[80] Арта Селмани-Бакиу, (2016), стр.134

немажената жена не може да биде сурогат мајка, ниту пак преку друга сурогат мајка да заснова родителски однос.[81]

Значајната позиција на жената во општество, а особено економската стабилност и нејзината еманципација, овозможуваат таа самостојно да воспитува и одгледува дете. Многу самохрани родители, во повеќе случаи самохрани мајки или „тихи борци“,[82] даваат сѐ од себе за да подигнат и да воспитаат една цврста и успешна личност.

Самохрана мајка може да стане жена преку сопствениот избор, и тоа преку: артифицијална инсеминација, сурогатство,[83] посвојување или може да се најде во статусот на самохрана мајка без сопствен претходен избор, со наметнување на ситуацијата која не е под нејзина контрола, во случај на развод, вдовство или во случај на крајот на вонбрачна заедница.[84] Исто така, жената, преку методата на постхумна инсеминација [85] со претходно замрзнатата сперма на мажот или вонбрачниот партнер може да стане самохрана мајка.

Треба да се нагласи фактот, дека иако жените со многу напори ги добија своите права, со многу маки и во сегашното време се борат да ја надминат доминацијата на машката популација, тие секако се столб на едно семејство во улога на сопруга, мајка и вработената жена. Подеднакво со брачниот партнер придонесуваат во одгледување и воспитување на децата, подеднакво се грижат за материјалната благосостојба на семејството сѐ со цел осигурување на еден пристоен и стабилен живот на нивните деца.

Една современа жена, треба да се справува и да го балансира конфликтот меѓу работната и семејната улога, да го менаџира времето меѓу работата  и воспитување на

[81] Види член 12-а на Законот за биомедицинско потпомогнато оплподување.

[82] Епитет даден од Ингрид Дивковиќ, Превземено од http://www.ingriddivkovic.com/vi-ih-zovete-samohrane-majke-ja-ih-zovem-tihi-borci/ Последен пат проверено на (22.01.2019)

[83] Во Република Македонија, според Законот за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, Службен весник на РМ, бр. 149/2014, постапката за биомедицинско потпомогнато оплодување може да поведат само маж и жена кои се во брак, во ниту еден случај и жената која живее сама, за да добие дете преку сурогат-мајчинство.

[84] Adams (2011), (Киндле стр. 107)

[85] Со комбинирање на криопрезервацијата на спермата и методите на вештачките репродуктивни технологии (како што се вештачката инсеминација или in vitro фертилизацијата) можно е да се оствари постхумна репродукција и детето да се роди и по смртта на едниот родител, а кај замрзнатите ембриони-дури и по смртта на двајцата родители. Притоа, треба да се истакне дека постхумната репродукција е можна кога мажот ја замрзнува спермата во текот на животот, но и во ситуации кога жената или некој близок член на семејството бара да се земе спермата по смртта на мажот (доколку се земе примерок од спермата во текот на 24 часа по смртта, таа може да се замрзне и да се користи за постхумна инсеминација). Користењето на замрзнатата сперма за оплодување е најчестиот вид постхумна репродукција, иако со напредокот на методите на криопрезервација може да се користат и преембриони и јајце - клетки за постхумна репродукција, Дејан Мицковиќ, (2011), стр.523

децата. Според Hsin и Felfe, децата на вработените мајки поминуваат помалку време со нив, но времето кое го поминуваат заедно е ориентирано кон активности кои имаат позитивно влијание врз развојот на децата. Со други зборови, тие го менуваат квантитетот со квалитетот. На пример, времето кое мајките го поминуваат со своите деца е времето додека мајките готват, чистат, итн. Вработените мајки честопати го поминуваат времето со своите деца преку читање на книги, се играат со нив и им помагаат во пишување на домашната работа, како и други активности кои ефективно влијаат врз психомоторичкиот и моралниот развој на децата. Едукативното и структурираното време поминато со децата има позитивно влијание врз интелектуалниот развој и однесувањето на децата. [86]

Од погоре изнесените ставови, авторката заклучува дека, иако правна положба на современата жена видно е подобрена, но секако во македонското општество треба уште многу да се работи во овој аспект. Постојаното подобрување на положба на жената ја зајакнува демократијата во нашето општеството. Балансирањето на улогите на жената преку три модели и тоа како жена-сопруга, жена-мајка и жена-работничка бара многу напори, но секако придонесува до неприкосновена родова еднаквост и еднакво позиционирање во сите сфери на животот.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Amy Hsin & Christina Felfe, When Does Time Matter? Maternal Employment, Children's Time With Parents, and Child Development, *Demography*, 51, стр. 1867–1894, (2014).

- Arta Selmani-Bakiu, Joined and responsible parenting**,** *SEEU Review, Volume 12, Issue.1,* стр.149-165, (2016), Превземено од https://www.degruyter.com/downloadpdf/j/seeur.2016.12.issue-1/seeur-2017-0011/seeur-2017-0011.pdf

- Арта Селмани-Бакиу, Стекнување на родителското право преку сурогат мајка- посебен осврт на Законот за изменување и дополнување на законот за биомедицисnко потпомогнато оплодување (*Зборник на трудиви на Трета меѓународна научна конференција 'Општествените промени во глобалнот свет*', Правен Факултет, Универзитетот Гоце Делчев, Штип) стр.129-152,(2016).


[86] Amy Hsin & Christina Felfe, (2014), стр.1869

- Дејан Мицковиќ, Промените во семејните и брачните односи и нивното регулирање. *НОТАРИУС*, стр. 5-22, (2014).

- Дејан Мицковиќ, **Постхумната репродукција и наследното право,** *Zbornik* Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol. 61 No. 2, стр.519-543, (2011).

- Janis Adams. *A Complete Guide for Single Moms: Everything You Need to Know About Raising Healthy, Happy Children on Your Own*. Florida: Atlantic Publishing Group, (2011), (Киндле Верзија).

- Rosanna Hertz, *Single by Chance, Mothers by Choice*, Oxford University Press, (2006).

- Rosemary Crompton, Suzan Lewis and Clare Lyonette, Continuities, Change and Transformations, *Women, Men, Work and Family in Europe*, Palgrave Macmillan, (2007).

- Rosemary Crompto, *Employment and the Family: The Reconfiguration of Work and Family Life in Contemporary Societies,* Cambridge University Press, (2006).

- Zrinka Erent-Sunko, *Pravni položaj žene kroz povijest i suvremeno europsko obiteljsko pravo*, Pravni fakultet u Zagrebu, (2004)

- Законот за семејството, Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 год.

- Закон за биомедицинско потпомогното оплодување, Службен весник на РМ, бр. 37/2008.

- Законот за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, Службен весник на РМ, бр. 149/2014.

- Конвенција на ООН за правата на детето, (1990) Превземено од: http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CRC.aspx

- Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените,(1979), Превземено од http://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/text/econvention.htm

**Nazrin Chiragli, PhD Candidate**
**Faculty of international relations**
**Baku State University**
**e-mail: chiraglinazrin@yahoo.com**
**Baku, Azerbaijan**

# WOMEN ROLE IN INTERNATIONAL RELATIONS

## Introduction

Women's participation in international politics and decision-making mechanisms, which constitute half of the world's population, may point to problems related to the structure of these societies and the functioning of international relations. Having a say in politics participation and decision-making mechanisms gives some important clues about the forms and dimensions of the relationships that the individual has with the political, economic and social institutions that he / she lives in. These relations include monitoring politics and decision-making processes, voting rather than obtaining information, being candidates in elections, actively participating in politics, and demanding to participate in decision-making mechanisms.

Today, insufficient representation of women in politics and decision making mechanisms clearly indicates the existence of gender discrimination in the basic structures, institutions and processes of international politics and global economic order. Beyond the inadequate and incomplete representation of women, it should be taken into consideration that the structuring of the current political and economic order actually has a number of characteristics that create and maintain this discrimination.

This study is not based on the necessity of women to participate in politics more quantitatively, but on the necessity of women in politics to give a language and style specific to women in Turkish politics.. Why and how all the language and methods of masculine politics in after the discussion of the main problematic of the study they have to use will be revealed. Then, it will be discussed why women need to perform themselves as women in politics, and what characteristics of women they should establish.

## Feminist approaches in international relations

The fact that the decisive actors of politics are men, not women, has a long history. Due to the nature-culture dualism, patriarchal ideology  has identifed woman with nature and

presented men as the creator of civilization and culture. The roots of this problem are known in the ancient Greek, where politics begin to emerge. 17th and 18th centuries, the social position of women began to be questioned but it was not a questioning such as “individuals”. Through for centuries women struggled for “equality,freedom,brotherhood” they realized that this brotherhood was a “brotherhood”. Woman who realized the concept of “human” actually means “man” in the Declaration of Human and Citizen Rights they began to fight for it. In fact, the 17th century in which egalitarian discourse evolved from women is the period when modern political thought emerged.[87] Therefore, it can be said that, the attitudes to relation between women and politics were shaped based on dominant political thoughts of this period.

Looking back on history, we can observe that , women are either non-citizens or deprived of human rights. For example,accoring to the books, “Man,State and War” by Kennet Waltz or “Leviathan” by Thomas Hobbs who has hegemony on the foreign policy of stateor rules the country characterized by male, contrary to this the side who always threatens security or be in the source of problems was identifed a female characters.Currently most of the independent states in the international relations, based on patriarchy not only in internal,foreign policy but also in economic,social priorites and still continues this course.For the first time,in the discipline of the international relations the question Where woman are in the international relations asked by Cynthia Enloe and with the book of“Bananas,Beaches and Bases: Making Feminist Sense of İnternational Politics” presented an important example of feminist wave .

It is impossible to evaluate the approach of feminism in the theory of international relations without analyzing the history of its existence and development. This approach taken from the Latin “feminine” word means woman suggests that, many women are struggling with similar problems regardless of race, religion, or nationality. Feminism values these problems not only within gender equality, but also from political, economic, psychological aspect.

Feminism, which became evident at the end of the 19th century and early 20th century, has risen in line with the demands of women to enjoy rights such as voting and equal opportunities in education. This process is called First Wave Feminism in the line of

[87] Sandra Harding, “Introduction: is there a feminist methodology?”, Sandra Harding , Feminism and Methodology-Social Science Issues, Bloomington, Indiana University Press, 1987, p. 1–13

development. The effects of Second Wave Feminism ”developed in the USA and European countries since the 1960s, especially in the 1970s, has been began to appear. In this period, it was seen that feminism, which had an impact not only on social and political life but also on scientific field, criticized the rules, definitions, tools and methods of social sciences. [88]These critiques focus on the idea that there is in fact a hidden “male outlook on the basis of social sciences. it is stated that the direct and indirect contributions of women to these areas are ignored and the woman is made invisible. It is argued that these areas should be reviewed again with a feminist perspective. In the second wave of feminism, the idea of ces sisterhood ğı based on solidarity among all women has come to the fore as a unifying ideology. The sense of sorority is based on the perception that women generally have a perception that is contrary to that of men, and that men dominate women and that they benefit from this sovereignty. [89]In the late 1980s, a period of changes in definitions, concepts and theories was introduced with changes in the international system. In this new period, which has developed especially after the disappearance of the bipolar system, it is seen that individuals begin to express themselves with their racial, ethnic, religious and sexual identities as well as their citizenship.

**Feminism critics of the basic rules and concepts of international relations**

This period is called Third Wave Feminism tab in the line of historical development of feminism and the purpose of the discussions in this period is to spread the women's movements to a wider base. In addition to this, it is seen that the micro issues that limit and oppress the woman are taken into consideration, and that the actions and education to increase the awareness will be promoted. During the 18-19-th century, many feminist writers and thinkers (Catherine Macaulay, Mary Wolstone Craft) argued that women should have the same mind and potential as men, so they should have the same civil and political rights. The unification of the public and social aspects of political life is a fundamental political right to which they are deprived. Today, even if all states recognize that men and women are equal citizens and have prepared a legal infrastructure, equal legal rights do not mean equal opportunities and equal political representation and participation. [90]One of the most important reasons for this fact is the fact that the woman is still dependent on the man in the framework

[88] Caroline Ramazanoğlu, Feminizm ve Ezilmenin Çelişkileri, çev. Mefkure Bayatlı, yay. haz. Fat- magül Berktay, İstanbul, Pencere Yayınları, 1998, p. 19.
[89]Christine Sylvester, Feminist International Relations-An Unfinished Journey, Cambridge, Cambridge University Press, 2002, p. 3–17
[90] Mustafa Aydın, “Uluslararası İlişkilerde Yaklaşım, Teori ve Analiz", Ankara Üniversitesi Siyasal Bilgiler Fakültesi Dergisi, Cilt 51, Sayı 1, 1996,p. 111.

of the patriarchal social order and on the other hand it is dependent on the state. The right to choose his representatives has been translated into the demands of feminists during the 19 th century. Women's political movements, especially women's rights to gain the right to vote in the second half of the 19th century in England and other European countries have emerged. In the end of these struggles, women over 30 years of age were granted the right to vote in England in 1918. British women, who continued to fight for equal votes, finally got the right to vote in March 1928 on an equal footing with men.[91]

Another political right associated with the rights of citizenship is political representation. Equality of political representation represents an equal number of women and men. The statement of democracy based on equality of political representation was put forward in a meeting organized by the Council of Europe in Strasbourg in 1989.

## Conclusion

Even though it is stated that women and men, who are an invariable part of all societies, have equal value in constitutions and other legal and political regulations and that they benefit from equal rights, it is only a great optimism to say that even in the most developed countries of the world, the equality between women and men is fully implemented. can. The existence of women as human beings in the 21st century all over the world; protecting their physical and spiritual integrity; it is an indisputable fact that they face serious problems that can only be addressed within the framework of human rights, such as taking part in economic, political and social structures and processes equally. As a result, the incomplete and inadequate representation of women in international and national politics and decision-making mechanisms has a meaning beyond the lack of representation and participation. The increase in the numerical presence of women in politics and decision-making mechanisms should not be considered as a requirement of fairness and equality.

[91] Fred Halliday, “Hidden from International Relations: Women and The International Arena”, Rebecca Grant Kathleen Newland , Gender and International Relations, Bloomington, Open University Press and Indiana University Press, 1991,p. 159.

**References**


1. Sandra Harding, “Introduction: is there a feminist methodology?”, Sandra Harding , Feminism and Methodology-Social Science Issues, Bloomington, Indiana University Press, 1987, p. 1–13
2. Caroline Ramazanoğlu, Feminizm ve Ezilmenin Çelişkileri, çev. Mefkure Bayatlı, İstanbul, Pencere Yayınları, 1998, p. 19.
3. Christine Sylvester, Feminist International Relations-An Unfinished Journey, Cambridge, Cambridge University Press, 2002, p. 3–17
4. Mustafa Aydın, “Uluslararası İlişkilerde Yaklaşım, Teori ve Analiz", Ankara Üniversitesi Siyasal Bilgiler Fakültesi Dergisi, Cilt 51, Sayı 1, 1996,p. 111
5. Fred Halliday, “Hidden from International Relations: Women and The International Arena”, Rebecca Grant Kathleen Newland , Gender and International Relations, Bloomington, Open University Press and Indiana University Press, 1991,p. 159.

**М-р Искра Манојлоска**
**Интернет портал Нова Тв**
**е-маил: iskra91mk@gmail.com**
**Скопје, Република Македонија**

# ОД НАС ЗАВИСИ

Веќе шест години откако се стекнав со диплома по политички науки, македонските јазичари се уште немаат изнајдено термин кој би бил женска верзија од политиколог. Никој не знае како е женската верзија од политиколог, одпрвин се чини смешно, но не е. Пред нас е патот кој треба да го изодиме за животот на оние кои ќе дојдат по нас да биде полесен и поправеден. Денес светската популација се уште не е обединета околу ставот дека на жените им е дозволено да бидат на високи раководни функции. Дури и во случаите кога жената успева да дојде до висока раководна функција, најчесто таа веќе не е во репродуктивната фаза од животот. Дури во моментот кога биолошки таа веќе не може да раѓа, политичкото општество ја прифаќа како приближно еднаква на мажот.

Да, начелно сите луѓе се еднакви и позитивното право налага дека жените ги имаат истите права како и мажите. Но обичајното право, и осудувачкиот шум на јавноста и општеството велат поинаку. Денес, да се биде жена и да не се стапи во брак, во очите на многумина се уште се гледа како неуспех и причина за жената да биде сожалувана. Да се биде жена и да се донесе одлука да не се раѓаат деца, се уште е предмет на критика и осуда од дежурните моралисти.

Во ова глобално капиталистичко општество кое го прави животот толку брз, што се чини дека и земјината ротација забрзува со зголемувањето на брзината на интернетот, работникот нема време да размислува за филозофски теми и да се праша себеси „Како дојдовме до овде?“ или „Што е тоа што мажите го имаат, а жените не?“.

Природата ги создала луѓето со речиси еднакви телесни и умствени способности, иако понекогаш може да се наиде на човек поголем по сила или поспособен по ум од мнозинството; сепак, општо земено, разликата од еден човек до друг не е толку голема за да може едниот да си бара бенефиции за себе кои не би ги заслужувал другиот, бидејќи, што се однесува до телесната сила, и најслабиот има

доволно сила да го убие најсилниот, било со тајни интриги или во сојуз со други кои се наоѓаат во иста опасност како и тој самиот. [92]

Како човековата еволуција довела до тоа жената да мора да се бори за еднакви права со мажите за кои се смета дека тие ги добиваат од раѓање. Според една од теориите на историчарот Јувал Ноа, авторот на „Сапиенс", генетската селекција за време на еволуцијата довела до тоа да преживуваат само најборбените мажи, и најмирните жени.

Тоа е теорија за која вреди да се размисли.

Почнувајќи од аграрната револуција, повеќето општества се патријархални и повеќе ги вреднуваат мажите од жените. Милиони години еволуција ги направиле мажите многу понасилни од жените. Жените можат да бидат на исто рамниште со мажите кога се работи за омраза, алчност и навреди, но кога станува збор за турканици, мажите се многу поподготвени да настапат со брутално физичко насилство. Затоа низ историјата војувањето е машки прерогатив. Во време на војна, контролата врз воените сили истовремено ги прави мажите и господари на цивилното општество. Тие ја користат оваа контрола над цивилното општество за постојано поттикнување на нови војни, а колку повеќе војни, толку поголема конрола на мажите врз општеството. Оваа повратна спрега ја објаснува сеприсутноста на војните и сеприсутноста на патријархатот.[93]

Доколку некоја жена денес се осмели гласно да ги искаже нејзините заложби и соништа за матријархат во општеството, во најмала рака ќе биде исмеана. Постојат многу видови животни, како на пример, слоновите и шимпанзата бонобо, кај кои динамиката меѓу женките кои се зависни од мажјаците кои се амбициозни прераснува во матријархат. Бидејќи на женките им била потребна надворешна помош, тие морале да развиваат социјални вештини и да се учат на соработка и помирување. Тие создале општествени мрежи составени исклучиво од женки кои меѓусебно си помагале во одгледување на децата. [94]

Ако ова е можно кај шимпанзата бонобо и кај слоновите, зошто да не и кај хомо сапиенсот -  прашува Јувал Ноа.

---

[92] Thomas Hobbes, Leviathan, introduction by Richard S. Peters. New York: Macmillan/ Collier Books , 1962
[93] Yuval Noah Harari, Sapiens: a brief history of humankind, 2011
[94] Yuval Noah Harari, Sapiens: a brief history of humankind, 2011

Голем дел од вината зошто положбата на жената во општеството е таква каква што е, лежи токму во рацете на самата жена.

Феминизмот како термин има историја во англискиот јазик поврзана со женскиот активизам од доцниот 19-ти век па се до сегашноста, користен е за да се разликуваат феминистичките идеи или верувања од феминистичките политички движења .[95]

„Феминизмот е оштествено движење и светоглед кој се залага за унапредување на положбата на жената со отстранување на надворешната доминација и дискриминација и промовирање на родова еднаквост во сите подрачја на животот“ .[96]

Во јануарското издание на списанието National geographic тематски посветено на иднината на медицината, се пишува и за смртноста на родилките во САД денес.

Тоа не потсетува дека породувањето се уште може да биде смртоносно. Репродуктивниот договор кој половите премолчно го прифаќаат секогаш кога зачнуваат дете е дека жената е онаа која девет месеци треба да го носи бебето и да го донесе на свет преку биолошки процес кој може да значи смрт за неа.

Соединетите Американски Држави се меѓу единствените две развиени земји во кои стапката на смртност при пораѓање е зголемена од 90-тите. Особено се загрозени црнкињите. Потребна е подобра основна нега, како што тоа се прави во земјите во развој.

Стапката на смртност при породување во САД и понатаму упорно е висока, односно има 14 смртни исходи на секои 100.000 успешни породувања. Како што наведува Светската здравствена организација, меѓу 46 развиени земји, единствено Србија и САД имаат зголемена смртност на породувања во периодот од 1990 до 2015 година. Афроамериканките се три пати повеќе склони кон смртност при компликации од породување.[97]

---

[95] Amina Ghorfati, Rabha Medini „ Feminism and its Impact On woman in the Modern Society”, UNIVERSITY OF TLEMCEN, POPULAR AND DEMOCRATIC REPUBLIC OF ALGERIA, 2014
[96] Katarina Šolaja „Feminizam i žena današnjice“Sveuciliste Sjever, 2017
[97] Rachel Johns, National geographic, January 2018

Жената дури и во случаите кога не знае кој е таткото на нејзиното дете, секогаш знае дека детето кое го раѓа е нејзино, додека мажот мора да направи ДНК анализа за да се увери во неговото татковство. За тоа во денешната ера на научно фантастична медицина, би му биле потребни 15-тина минути. Но до пред само еден век, мажот можел само да се надева дека детето кое го храни и успива е навистина негово, а не на неговиот сосед или брат. Ги прави ли тоа половите еднакви, и кој всушност е помоќен во една таква ситуација? Неговото височество, егото, кое е оска на ротација на светот на секој човек, не е индиферентно на ваквата ситуација. Треба да се има на ум дека дури и во ера на технолошка револуција, биологијата и психологијата царуваат со единственото животно кое самото се облекува.

**Жанета Ангелковска**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: zaneta_spirkovska@live.com**
**Скопје, Македонија**

# ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Семејството е најважна алка во општеството од каде што всушност се' започнува. Тоа е местото каде што се гради личноста, се воспитува и се насочува. И мажот и жената подеднакво треба да придонесат за да се изгради здраво поколение. Значајноста на улогата на жената во општеството се повеќе и повеќе се зголемува, гледано во поширок контекст на нештата кои нас сите длабоко не засегаат.

Легислативата која всушност ја уредува оваа материја би требало постојано да се менува и подобрува и притоа да црпи примери од земјите каде што правата на жените се на едно многу завидно ниво. Улогата на жената не се гледа само низ биолошката призма, да биде мајка, таа има и други функции кои се значајни и воопшто не треба да се занемаруваат. Притоа еволутивниот развој на правата на жената не е соодветно да се изразува само низ бројки затоа што на тој начин ќе добиеме само квантитативно задоволување, па под прашање се става квалитетот. Нашето општество се движи по определени маргини веќе подолг временски период, и би можела да кажам дека на некој начин сме робови на стереотипни мислења во семејните односи па и во другите сегменти од животот како политиката, работните места и сл.

Добро организираното општество всушност е во тесна ако не и во директна корелација со улогата на жената во него. Во нашата земја темата за рамноправноста на жената постојано се актуелизира и она што погоре го кажав иако според Уставот и законите сите се наоѓаме на едно исто ниво, сепак не е така и во пракса.

Статистички податоци посочуваат на тоа дека жената е недоволно искористен ресурс во бизнис секторот, само 6% од бизнисите на светско ниво се водени од жени па доколку жените претставуваат половина од светската популација, а се застапени во многу помал дел во работната сила или во бизнис-популацијата, мора да се заклучи дека, барем во овие услови, жените се недоволно искористени.

Правата на жените треба и мора постојано да се унапредуваат. Тие не се и не смеат да бидат категорија која што еднаш за секогаш е регулирана. На пример, законот за работни односи, не промовира никакава дискриминација на жените, тој ја предвидува и осигурува еднаквоста на половите во врска со вработување.

Жените уште на прво место го ставаат семејството, а високите одговорни позиции подразбираат многу откажувања од приватниот и од семејниот живот.

Во услови кога државата, општеството сметаат дека улогата на жената во домот и семејството е да седи дома, многу е тешко самите жени да излезат од таму и да се свртат кон нешто друго.[98]

Положбата на жената во минатите векови била исклучително тешка, и дури до денес таа останува нецелосно решена. Во сите аспекти на животот тој проблем се покажува доволно сложен: и во аспектот на државното законодавство, и во аспектот на социјалното градење на општеството, и во аспектот на распределувањето на трудот, и во аспектот на воспитувањето и образованието, и, конечно, во апектот на црковниот живот. Многу нешта се променија во последните децении; по однос на многу нешта жената заседе неспоредливо подобра положба од претходната, но сè уште животот останува неуреден, и не е пронајдена суштински вистинската мера. Во минатите векови мажот бил законодавач, господар. Жената често била многу понижувана и, при барањето на правдата и справедливоста, кај сите оние што посакувале подобрување на положбата на жената била мислата: да биде изедначена во правата со мажот во сите аспекти. Тој пат дал прекрасни резултати: многу жени станале учени, почнале да играат историска улога, учествувајќи во изборите на раководствата.

Во семејството, исто така, положбата на жената се променила во нејзина полза. Да, сето тоа е така, но дали можат да се сметаат за решени прашањата не само на трудот на жената, но и на нејзината семејна положба? Опитот на историјата покажал дека огромното тело на човештвото се состои од клетки, а таква клетка претставува семејството.

Ако жената работи во иста мера со мажот, тогаш повторно се нарушува справедливоста, бидејќи жената во семејството, покрај работата, носи уште и други тежини. Другите функции таа ги имаа токму затоа што таа е – мајка на децата. Се чини, со ова, врз жената лежи поголема одговорност, посложена улога, нејзе би требало да ѝ припаѓа и привилегијата да управува со семејството. На тој начин, во многу семејства се раѓа борба за власт, која многу често завршува катастрофално за опстојот на семејството. Значи, каде и да се свртиме, насекаде гледаме неверојатно комплицирани проблеми, а нивното решавање сè уште не е блиско.[99]

Современите општества го имаат механизмот на формирање на стандардизирани вредности преку образовниот систем, но сепак, традиционалните вредности се лесно пренослива категорија во кругот на семејството. Современите општества ја имаат и моќта на медиумите, кои можат во многу околности да ја надминат ефикасноста на „креирање“ вредности и ставови.

Улогата на жената во македонската историја и култура е специфична категорија. Зависно како сакаме да ја читаме историјата. Женскиот елемент е значително присутен, повеќе од стандардната дефиниција на македонското општество како конзервативно во релацијата

[98] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/04/Renata-Tomevska-III-mesto.pdf
[99] https://pravoslavie.mk/sluzbata-na-zenata-1/

маж -жена, или обратно. Женскиот елемент е присутен на симболично ниво, на реално ниво, но и на практично ниво, изразено преку индивидуи кои се наметнуваат како такви. Останува отворено прашањето: дали инсистираме на квантитет или квалитет, дали ни се потребни мал број на жени, влијателни и надмоќни, кои ќе ја имаат моќта да креираат родова еднаквост, или ни е потребна „масовна“ еднаквост, без посебно истакнати примери.

Периодот на 20 век е период на драматични промени во начинот на живот, преку достапноста на технологијата до секој човек. Тоа подразбира и огромен напредок на медиумите и нивното фактичко влијание врз креирањето и насочувањето на општото, а потоа и поединечното мислење. Улогата на жената е изменета и пред 20 век, но тоа, сепак, не е константа важечка за сите општества во светот. Разликите се огромни, но и условени од многу други фактори, освен рапидниот развој на технологијата. Втората половина на 20 век, и тековниот 21 век, во условно кажано, современиот свет, речиси ги анулира разликите меѓу половите. Вредностите на системот се поставени, вклучително и родовата еднаквост, и како такви перцепцијата е дека се во целост прифатени од „западниот“ свет. Значи, сега борбата за „женските“ права се води за „другиот“, неразвиениот свет, вклучувајќи ја и Македонија.

Периодот на крајот на 20 век и почетокот на 21 век е турбулентен период во секој поглед. Основите на општествениот систем се нарушени, вклучително и базичните вредности.[100]

Моменталната положба на жената во македонското општество е како тенка линија на која истовремено чекорат бабите на бабите на мојата генерација жени, но и ќерките на ќерките на жените од мојата генерација, само што едните повешто балансираат, а другите мака мачат да ја изодат линијата до крај без да се вплеткаат во неа или да се слизнат од неа. За жал, промените на статусот на жените во секое едно општество се реализираат споро, неосетно споро за еден човечки живот и многу, многу макотрпно и пропратено со многу омаловажувања, исмејувања и вознемирувања од страна на машките принципи чии спроведувачи се и жените и мажите.

Не само нашето, туку глобалното општество никогаш не престанало да има предрасуди и стереотипи во однос на жената! Некои општества негуваат посилни, порадикални, некои поблаги, затскриени стереотипи кон жените, но сите општества, без разлика колку се напреднати и модерни, се далеку од тоа да се сметаат за рај на земјата за жените. Сепак, глобалната поп култура, па и секоја традиција претставуваат, култура/традиција на насилство врз жената, вклучувајќи го и насилството на стереотипите и предрасудите. Навистина, со тек на време некои предрасуди и стереотипи бледееле/бледеат, сепак некои, за жал, се зацврстуваат.

[100] https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/12606.pdf

Всушност, постојат три основни стереотипи на жената во глобалното патријалхално општество: стереотипот на улогата на мајка, стереотипот на улогата на курва (да, искажано токму така, без никакви еуфемизми и политички коректни термини) и стереотипот на улогата на слугинка, сите улоги ставени во служба на мажот. Предрасудите се јавуваат кога жената одбива да ги исполнува овие три улоги, или некоја од трите, или, пак, кога не ги исполнува според однапред зададените и замислени стандарди и очекувања.[101]

Не е едноставно да се спојат заедно професијата, улогата на сопруга, на мајка, граѓанин тое е едно комплексно прашање кое бара се вложи пред се труд, внимание и желба. Секоја професија е специфична за себе, без разлика на тоа дали, треба да ја обавува маж или жена. Со оглед на тоа дека живееме во едно стереотипно општество за поделбата на професиите на мажи и жени, тогаш мораме да прифатиме дека борбата за правата на жените за политичка, економска и социјална рамноправност со мажите мора да ја носиме ние жените во прв ред. Жената пред сè треба да биде добар родител, партнер, успешен работник за да има своја кариера, а сето ова бара големи одрекувања, голем притисок со кој треба да се носи, за да го издржи секојдневието, кое е премногу долго, а некогаш е премногу кратко за да се постигне сето тоа.

Ако живеете во метрополата или во некој поголем град од земјава, веројатно ви звучам како да сум излегла од некој серген и сега ви продавам приказни за ич пари. Но, ако ја земеме бројката на жени кои живеат во мали градови и рурални средини во земјава, тогаш сигурно не бладам од некое феминистичко бунило. Жално е што кај нас живеат стереотипите. Жени кои седат дома, кои немаат право на сопствен став, онемени, нешколувани, физички и психички злоупотребени, ете и такви жени има во Македонија.

Според машкото мислење жена не може да биде претседателка на држава и во исто време да биде добра сопруга и мајка. Непишано правило е да не ѝ се дава авторитет и кредибилитет на дамата. Ако таа се обиде тие да ги стекне со сè она што го поседува (овде не мислам на нејзиното деколте, туку на нејзиното образование, карактер, моќ за убедување, енергијата која ја поседува), тогаш тие би требало да ѝ бидат одземени со постојано негирање на нејзините креации.

Ниту во брак, ниту во семејството, а особено во општеството едни без други не можеме. Не можат жени без мажи, ниту мажи без жени. Дали се работи за домашни обврски, семејни обврски, општествени едни без други не можеме.[102]

Движењата за женските права, својата вистинска афирмација во глобално дефинирање на женските права како постулати на современото општество ја доживееја дури во 20 век. Во

[101] https://www.faktor.mk/elena-prendzova-opshtestvoto--nikogash-ne-prestanalo-da-ima-predrasudi-vo-odnos-na-zenata
[102] https://www.prilep.gov.mk/ulogata-na-zhenata-vo-sovremenoto-opshtestvo/

рамките на најголемата меѓународна организација, ООН, жените и нивните права имаат посебно место.

Оттогаш наваму, на забрзан начин, низ разни форми на поединечно и заедничко дејствување, жените имаат можност да ги остваруваат и реализираат своите права. Постоечките опструкции од различен вид на женските права во одредени делови на светот – родовата нееднаквост во однос на основните права, пристапот до можностите, работата, образованието, здравствената заштита, политиката, донесувањето на одлуки – се доказ дека оваа категорија на права не секаде и не секогаш е целосно признаена и имплементирана.

Сликата на жената во македонското општество и третманот кој таа го добива претставува комбиниран израз на вековните традиции, култура и менталитет на народите чии патишта се прекрстувале на оваа територија, од една страна, и политичката волја и заложба на жените во изминатите дваесет години од македонската независност, од друга страна.[103]

Жените треба активно да учествуваат во социјалниот живот. Да бидат амбициозни, со сите свои доблести кои ги поседуваат да се борат за своето место во општеството, да имаат кариера, да бидат граѓански активистки, да си ги знаат и бараат своите права. Треба заедно да се бориме за ова, силната, едуцираната и независна жена може да биде добра и пожртвувана мајка и да покаже дека со партнерот мора да биде рамноправна.[104]

Уверена сум дека жената како и секој човек, сама си го гради статусот во општестото, во професионалниот свет, во семејството, во приватниот живот. Статусот на личноста, априори не зависи од полот и не треба така да биде. Ние сите го носиме својот печат низ животот. Не сум личност што луѓето строго ги подвојува на мажи и жени, па според тоа да доаѓаат другите атрибути. За сè треба сами да се избориме, да си изградиме статус, да се развиваме, секојдневно да се докажуваме, постојано да напредуваме, прво за свое сопствено задоволство, а секако дека тоа ја прави и сликата за нас кај другите.

Така е и со жената во современото македонско општество. Колку помалку се потенцира дека таа и таа успеала, а жена е, според мене, сè повеќе сме еманципирани сите. Немам никаква потреба од потврдување како жена. Не ги делам нештата на машки и женски, сите сме неопходни во овој наш свет.[105]

[103] http://pretsedatel.mk/mk/2011-09-15-12-45-27/1484--23-.html
[104] https://www.kafepauza.mk/kolumni/zhena-biten-faktor-vo-opshtestvoto/
[105] https://www.ohridnews.com/ohriganki-na-zhenata-i-treba-pochit-lubov-i-vnimanie-365-dena-a-ne-samo-eden-den-vo-godinata/

# ТРЕТ ДЕЛ:

# ЖЕНАТА ВО УМЕТНОСТА

**Проф. д-р Стојанка Манева Чупоска – Јана**
**Факултет за Арт и дизајн**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: jana.manevacuposka@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ФЕМИНА И ЈАС

Уметноста се дефинира како „чиста контемплативна состојба". Уметничките тенденции пак, ги третираат уметничките продукции во различни форми и идентитети, преку класично-традиционалните ликовни истражувања, па сѐ до новите медиуми и технологии. ФЕМИНА 8 во најширока смисла го истакнува значењето на мотивот ФЕМИНА, со нови семантички слоеви одговорени од авторки и автори при што нивниот ФЕМИНА ликовен потпис би можел да се опише како творештво на личен имагинарно-креативен трансфер или лична симболизација. Потребата за креирање на овој ликовен проект наречен ФЕМИНА го создадов како личен кураторски проект кој има за цел на авторите низ повеќекратни семантички слоеви и мотиви постигнат концептуални и семантички набои во крајно успешни ликовни реинтрепретации и реактуализации.

Уметничката/Уметникот како творец во овој кураторски ликовен проект е проект на артифициелното го „запечатува" своето авторство, но само ако тоа е „убедливо" во своето постоење. Изложбата ФЕМИНА 8 има високо артифициелна содржина која креира ликовно-уметнички „печат" со „убедлива" временска рамка и простор.

Изложбата ФЕМИНА 8 именува носители на уметнички записи како метафори на разграничувања на неколку нивоа, започнувајќи од минато, сегашно, идно, актуелно, автореферентно, имагинарно време.

Ликовните искуствени и уметникови записи во изложбите на ФЕМИНА 8 се екстремно емотивни и сугерираат дефинирани лични одговори, прашања, состојби, дилеми, но сугерираат и поставени одговори и прашања кои наметнуваат нови состојби, дилеми и чувства на жената како главен инспиратевен субјект во ликовниот процес на истражување. Начинот на кој се дефинираат самите себе, авторите на оваа изложба, упатуваат на автореферентност, сопствено уметничко делување, наметнувајќи суштински прашања и одговори, поврзани со ФЕМИНА. Проблематизирајќи не само на формално, туку и на ликовно-феноменолошко-

онтологиско ниво, овој ликовен концепт создаде нови простори со различен, специфичен израз и ликовен идентиет.

Во сите досегашни реализирани изложби на ФЕМИНА 8 содржи ликовни потписи кои имаат забележителни и помалку забележителни женски ликови, што како парадигми, во конотација на културата на жените, креираат препознатливи локални и глобални „слики“. Женско тело, автопотрет, објект, фотографија, боја, цртеж, колаж; сите тие го создаваат ликот на ФЕМИНА 8 како заштитен ликовен знак што сепак прецизно го наметнува женското ликовно писмо. „Негативниот“ и „проблематичен“ ликовен концепт на „наметнување тема“: политика и уметност - поседува многу иронија, игра, заплет и расплет што прецизно ја категоризира ФЕМИНА како бунтовничка што пркоси во заштита на сопствениот ликовен идентитет.




Сл.1 Јана Манева – Чупоска „Ало-гледај во мојата десна рака“
комбинирана техника, акрил на платно,
димензија:150 x120 см,
2017 год.(делото е наградено со прва награда за сликарство на годишната изложба на ДЛУМ за 2017 год.)

Приклучувајќи се кон современите уметнички тенденции, ФЕМИНА 8 на досегашните четири реализирани изложби со своите уметнички творби се препознава со насочување кон различните форми на презентација, преку традиционални поставки со слики, колажи, цртежи, асемблажи, инсталации, редимејд, видеа. Во ваков контекст, се судираат специфичните ликовни комуникации во еден формат каде што доминира една „ФЕМИНА “, но со иманентна променливост.

Некаде таа е Ева, жената на Адам, правејќи го првиот грев, но во една улога која постојано се повторува, во една куќа, поточно во кујната... Некаде ја менува својата форма со нагласена аритмична автореферентна вознемиреност, предизвикана од емоционална возбуденост и повеќе психички растројства... ги чувствува на себе различните идеологии споредувајќи го Истокот со репресија/дискриминација на жената, наспроти Западот со нагласената сексуализација/порнографија, како поларност/дуалитет... Таа го нагласува нејзиното убаво тело, зависна е од тоа да биде секогаш убава, користи заводлив парфем... ФЕМИНА е борец за нејзините права каде таа, носејќи розови и сини очила, запишува текст кој се преведува со нота на иронија насочена кон површното сфаќање и релативизирање на борбата за правата на жената... ФЕМИНА раскажува за своите предци преку многуте војни и ужаси, многуте егзодуси, таа е сведок на жалните родителски разделби, колежи, врисоци и стравови... ФЕМИНА раскажува за своите предци и преку традицијата на свадбените мигови, кога невестата и младоженецот, облечени во своето церемонијално руво се фотографираат со гостите за спомен... ФЕМИНА е нурната во уште еден автореферентен поглед во подводен свет, во подводен сон, каде симболично започнува нов живот, во вода, со магиска ритуална светост. Концепти од „соочувања“ на женски наспроти машки ликовни потписи, во ФЕМИНА се истакна творечка наклонетост кон главната мисија на уметноста и сликарството, а тоа е пред сè - неопходен слободарски и критички став на уметникот кон општеството во времето во кое живее и твори. ФЕМИНА во својата ликовна содржина се „грижи“ за уметноста бидејќи таа секогаш ја брани својата дискурзивна автономија, затоа ФЕМИНА не смее да биде деградирана од различни иделогии и политики. ФЕМИНА, се обидува да го истакне личниот став во однос на негативните аспекти и влијанија на политиката врз уметникот и уметноста во македонското општество денес.

Еминентни македонски и странски уметнички имиња се дел од ФЕМИНА. Јана Манева – Чупоска, Дијана Томиќ Радеска, Гордана Вренцоска, Илиана Петрушевска, Ирена Паскали, Маја Кировска, Мирослава Микица Трујкановиќ, Наташа Милованчев, Христијан Санев, Јовица Мијалковиќ, Ибраим Беди,Филип Фидановски, Благојче Наумовски, Урош Вељковиќ, Горан Менков, Исмет Рамиќевиќ,Аљоша Нинковиќ, Златко Цветковиќ, Арпад Пулаи, Жанета Вангели, Славица Јанешлиева, Петра Јовановска, Маријана Костојчиновска, Александра Јовановска, Илина Арсова, Дороти Пачкова, Сергеј Андреевски, Фехим Хусковиќ, Жарко Башевски, Јован Балов, Миле Ничевски, Ангел Мијов, Милан Андов, Борче Богоевски, Ана Темкова, Жанета

Гелевска Вељановска, Симонида Филипова Китановска, Касиопеја Наумовска, Жаклина Глигориевска, Емилија Божиновска, Шќипе Мехмети, Дита Старова Ќерими, Ана Ивановска, Јана Јакимовска,  Маша Гала, Андреа Ержен, Маруша Штибељ, Гајатри Хорват.

**Проф. д-р Гордана Вренцоска**
**Факултет за арт и дизајн**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: vrencoska@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

# ЖЕНАТА ПОМЕЃУ ТРАДИЦИИТЕ И ГЛОБАЛНАТА МОДА

## Вовед

Раѓањето на модата како нов светски феномен во 19-иот век ќе донесе значајни промени во навиките и традициите на облекувањето. Светските центри на модата, првенствено Париз, ќе наметнат нови начини на изработка, продажба, промоција и купување на облеката, како и нови трендови во нејзиното носење. Овој труд посочува на промените во облекувањето на жената и нејзиниот однос кон креирањето/создавањето облека, во периодот од зачетоците на модата до денешен ден.

## Од локалноста на традициите до глобалноста на модата

Модата се појавува како специфичен општествен феномен во 19-иот век, и оттогаш наваму облекувањето ќе премине во нова фаза на сопствената историја. Произлегувајќи повеќе од желбата за дотерување и украсување отколку од практичната потреба за заштита на телото, модата стана најважниот сојузник во остварувањето и обновувањето на нашиот ***личен идентитет***[106]. Токму ова ќе го одвои модното облекување на жената од традиционалното облекување, во кое жената најчесто е негов ***творец/изработувач***, но како носител преку него таа го остварува ***колективниот идентитет*** – како припадничка на одредена општествена група, географски регион, етникум и сл. Вообичаено, изработувањето на традиционалната облека било можност за докажување на вештоста и креативноста на жените, но моделите и декоративната орнаментика биле подредени на колективните идентитетски обележја кои морале доследно да се следат (сл. 1 и 2). Но, модната индустрија во голема мера ќе го промени овој традиционален пристап. Развојот на технологијата и индустриското производство (***конфекциска облека***, наспроти ***висока мода***), создавањето на новите продажни места - стоковните куќи, моќните дизајнерски имиња/куќи и влијателните модни списанија придонеле за брзата експанзија на модата и нејзино навлегување во сите слоеви на

[106] Гордана Вренцоска, „Македонски визуелен идентитет: Дизајнот како можност за еволуција на визуелното културо наследство“. Докторска дисертација, Институт за фолклор „Марко Цепенков„ Скопје, 2016, 159.

општеството. Овие услови ќе ѝ овозможат на модата поголема достапност и демократизација.

Слика 1 Традиционална норвешка носија од областа Хардангер, 1860 – 70.
Слика 2 Традиционална невестинска мијачка носија од село Галичник
Слика 3 Невестински фустан во европски моден стил, Ч. Ф. Ворт, 1896.








Извор: Национална библиотека на Норвешка. Фотографија: Маркус Селмер.
Извор: лична архива. Фотографија: Гордана Вренцоска.
Извор: www.metmuseum.org

Француската мода, или „европскиот стил“ на облекување во 19-иот век брзо ќе се прошири низ целиот свет (сл. 3). Во многу земји и региони, вклучувајќи ја и Македонија, паралелно ќе егзистираат традиционалните локални стилови на облекување и европскиот стил (сл. 4 и 5), но ќе се појават и преодни или мешани стилови[107].

[107] Гордана Вренцоска, „Македонски визуелен идентитет: Дизајнот како можност за еволуција на визуелното културо наследство“. Докторска дисертација, Институт за фолклор „Марко Цепенков„ Скопје, 2016, 160.

Сл. 4 Женска градска облека „ала-турка“ и сл. 5 „ала-франга“, Музеј Битола





Извор: НУ Завод и Музеј Битола. Фотографии: Круме Димовски.

Во првата половина на 20-иот век, под значително влијание на новите револуционерни уметнички движења ќе се случат радикални пресврти во облекувањето и модните стилови. Коко Шанел,со минималистичкиот, функционален и апстрактен пристап ќе го внесе облекувањето во вистински модернизам (сл. 6). Жените насекаде во светот ќе ги почувствуваат промените помеѓу и старото и новото, помеѓу традиции и современоста. Фрида Кало во своето дело „Двете Фриди“ од 1939 година (сл. 7) ќе го претстави своето поистоветување со домородната индијанска жена, но и со нејзиното измешано потекло – половина Европјанка, половина Мексиканка. Со едната Фрида во венчаница во Европски стил, и другата Фрида во носијата на Тихуана, „се рефлектираат идеолошките позиции исто како и историската реалност на мексиканското минато“[108].

Сл. 6, Коко Шанел.  Сл. 7, Фрида Кало, „Двете Фриди“, 1939






Извор: www.museoreinasofia.es. Фотографија: Мен Реј

Извор: http://www.frida-kahlo-foundation.org/

[108] Helen Charman, and Gillian Wilson, FRIDA KAHLO 9 June – 9 October 2005, Information and activity pack for teachers. *Tate Modern*. http://www.tate.org.uk/download/file/fid/6303 (посетено на 16.08.2015): 8

Во втората половина на 20-иот век, со експанзијата на филмската уметност, музиката и поп-културата, се раѓа нова младешка мода. Хипи модата како симбол на анти-воените движења, kултното мини-здолниште како одраз на сексуалната револуција и Панкот како револт кон анти-естаблишментската хиерархија, донесоа свежи бранови во женското облекување и ново чувство на лична слобода (сл. 8). Традиционалното облекување и рачната изработка сѐ повеќе се напуштаат, но естетската потреба за народната орнаментика сега се забележува во форма на индустриски произведена облека во современи стилови (сл. 9).

Сл. 8 Хипи мода / Мини мода во 1969
Сл. 9: Зимска колекција на норвешката компанија Dale of Norway, 1978




Извор: Arthur Schatz / Time inc / Getty Images
Извор: Dale of Norway

Во денешно време секој може да се „дотерува“ и да ги следи модните трендови. Глобалната доминација на брендовите донесе нова унифицираност во женското облекување низ целиот свет. Ако порано униформноста била производ на колективната свест на локалната заедница, денес таа е производ на глобалната трка на модната индустрија за пенетрација на сите пазари и сите слоеви на општеството. Сега просечната жена не е веќе творец туку ***конзумент.*** Но, таа сега ја има и слободата преку облеката да создаде свој индивидуален идентитет, да експериментира, да создадава свои комбинации и стилови. Тоа може да се види кај ***уличната мода,*** особено во големите светски метрополи (сл. 10). Во 21-иот век, интернетот, социјалните мрежи како Инстаграм, Фејсбук, Пинтерест и брзата мода создадоа нови модни парадигми. Се појавија модни стилисти, модни блогери и моќни инфлуенсери (сл. 11). Во 2018 година, од страна на Советот на модни дизајнери на Америка беше доделена првата награда за највлијателна личност во модата на Ким Кардашијан,

ѕвезда на реално шоу и старлета (сл. 12). Личност, која само со своето појавување во различни модни комбинации и стилови создаде вистинска глобална армија на свои следбеници, но и армија на критичари за „сомнителното“ и „незаслуженото“ место во врвот на денешната мода.

Сл. 10 Улична мода во Токио, сл. 11 Модни блогери, сл. 12 Ким Кардашијан





Извори: www. Luxandconcord.com, www.covermg.com © Cover Media

**Користена литература**


Вренцоска, Гордана. „Македонски визуелен идентитет: Дизајнот како можност за еволуција на визуелното културо наследство“. Докторска дисертација, Институт за фолклор „Марко Цепенков„ Скопје, 2016.

Heilbrunn Timeline of Art History. https://www.metmuseum.org/toah/works-of-art/46.25.1a-d/

Coco Chanel. https://www.museoreinasofia.es/en/collection/artwork/coco-chanel

Tate Modern. http://www.tate.org.uk

1969 Hippie High Schoo.l https://mashable.com/2015/01/16/hippies-high-school/#jrPWTFohyaqB

http://www.luxandconcord.com/10-italian-fashion-bloggers-follow-mfw/

https://www.covermg.com/2018/05/10/kim-kardashian-to-receive-influencer-award-at-the-cfda-fashion-awards-2/

**Доц. м-р Благојче Наумоски**
**Факултет за Арт и Дизајн**
**Европски Универзитет**
**Е-маил:** blagojce.naumoski@eurm.edu.mk
**Скопје, Република Македонија**

# СЛИКАРСТВОТО И ЖЕНАТА-ЕРОТИКАТА И УМЕТНОСТА

## Вовед

Вечната инспирација во уметноста - женското тело, е неисцрпна тема подложна на безброј варијации во приказот и субјективно поимање кај секој автор. Убавината на женското тело не го оставила рамнодушен ниеден автор кој трага по идеалните форми, линии и бои во сликата. Иако поминале милениуми постоење на човештвото и творештвото жената како инспирација никогаш не замрела. Истата страст, истата творечка опсесија да биде зачуван и "скаменет" женскиот принцип во уметничка творба, со речиси идентична температура на восхит, радост, иронија и возбуда.

Во делата на уметниците времето не постои, или постои само во некоја поинаква димензија. Темата е бескрајно долг уметнички извор и опсесија. Самата алегорија на творечката инспирација во уметностите се вика Муза, и таа е отелотворена во женско тело. Можеби најголемите човечки дела се создадени славејќи го женскиот принцип. Преку праисториските актови и мајки, симболите на плодноста, горделивата египјанка Нефретити, музите во Помпеја, Нике победничката од Самотраки, тажачките во средновековните фрески, преблага Богородица на православните икони, моќните титански Сибили на Микеланџело, таинствените дами на Леонардо. Преку светителките во екстаза и солзи на Ел Греко, па до величенствената Саскија на Рембранд, горделивите музи на Караваџо, бајковидните портрети на Климт и страсните раскршени тела на Пикасо, опојните еротски актови на Модилијани и сиромашните ткајачки на Ван Гог. Преку долгите суви фигури на Алберто Џакомети, опседнатите љубоморни девојки на Едвард Мунк, голите фигури на Егон Шиле свиткани од страст и неостварени желби, нежните детски ликови на Камил Клодел и многу други. Ако историчарот ги запишува објективните творечки успеси, творецот го запишува неуспехот на колективната меморија. Затоа што творечкиот пат не еволуира, туку го трансцендентира зацртаниот план на постоењето и ги пробива границите на овој свет. На тој творечки пат, многу автори се определиле за женскиот

принцип, како пасија во својот уметнички израз. Модилијани ја има неисцрпната Жана со длабокиот поглед . Тоа е девојката која стана слика. Огист Роден кој ја скамени во скулптура својата вечна инспирација, Камил Клодел како и многу други.

Кога се говори за еротика во уметноста се поставува едно основно прашање што се однесува на секое творештво, независно од неговата тематика и од тоа која сфера од животот ја прикажува: дали е тој уметнички производ или не, уметност ли е или не? А тоа се определува не од содржината, туку од природните критериуми што се еднакви, како за производите со еротична, така и со секоја друга тематика.

Еротиката во уметноста може да се разбире како дело кое поттикнува сексуален нагон, воглавно преку разигрување на фантазијата на гледачот. На тие уметнички дела воопшто не мора да е прикажано голо тело. Додека пак актот се темели на голото тело како основа, прикажано така без да се даде ни малку сексуална конотација на истото.

## 1. Еротиката во ликовната уметност

Многу ликовни уметници се занимавале со претставување на еротски мотиви во своите дела. Во нивното создавање пресудни биле чисто субјективните критериуми, личните преферанси и виталноста, но секако и социјалните конвенции. Дваесеттиот век понуди различни приоди кон еротизмот, мноштво варијации кои се непосредно условени и коинцидираат со уметниковиот сензибилитет, сознание и стилско определување. Интимниот карактер на овој вид дела го условил нивниот мал или скромен формат, како и стремежот да останат во приватни колекции. Проучувачите утврдиле широк дијапазон на ликовни претставувања: од маничните опсесии на Х. Белмер и флоралните сублимации на Џорџија О'Киф[109], до надреалните слики на А. Масен или оргијастичкото дело на Х. Нич.

Еротските теми во модерната и современа македонска уметност се дел од нејзиниот развиток и ги следи процесите на творечкото ослободување и сообразување со светските тенденции. Специфичноста на тематиката создала дополнителни ограничувања, во контекст на општиот развиток на современата македонска уметност, вклучувајќи ги и социјалните и психолошките мотиви, процесите на индивидуализацијата. Оттука манифестирањето на љубовните и еротски мотиви добило разновидни форми и одделни специфичности на ликовниот израз.

[109] http://nikulec.com/umetnost-i-kultura/georgia-o-keeffe/ (18 Nov. 2018)

Еротизмот значи побуна против минливоста и природната детерминираност и финализам, додека еросот е „општа природна состојба“ подложна на влијанија и промени. Подрачјето на еротиката, често пати толкувано како привилегирано во животот, како простор на надразнување и забрани, на грев и поврзаност со ѓаволот, е обработувано од повеќе психоаналитичари и научници. Така, постојат мислења дека „нешто во природата на половиот нагон се противи на постигнување апсолутно задоволување“, дека постои врска што го поврзува Еросот со нагонот на смртта. Со самото тоа воведен е елементот на потиснување во сите либидни односи, што како првобитна фрустрација станува извор на други фрустрации. Општеството, со своите механизми на присила, поредок и закон доаѓа по оваа прва резигнација.



Слика 1. Телесна илуминација, Актерија, 2015

Благојче Наумоски - Бане



Слика 2. Телесна илуминација, Актерија, 2015

Благојче Наумоски - Бане

Еротизмот се бави со разоткривање на интелектуалните и морални табуа, зад кои се кријат разни видови на интереси, како што се институциите на поредокот итн. Развојот на еротизмот, како наш најинтимен дел со неговите митолошки и антрополошки корени, се поставува во контекстот на „културниот развиток на секој одделен народ“ во зависност од погледите и односот на луѓето кон еротските проблеми, од промените на верувањата и сфаќањата, од Еротизмот, кој има специфични изразни форми, си создаде свои идиоми по кои се препознава. Напоредно со новите состави денеска се користат и митски елементи и поранешни симболи, како општи места на паганските и христијански пораки.

Поконкретно во XX век се забележува засилен интерес за сексот и еротизмот изразена низ разни форми на човековото дејствување и творештво. И тоа со таква распространетост која нема преседан во другите епохи. Таа „опсесивна“ сексуалност на нашето време, пред сѐ во западните земји, се шири насекаде во светот добивајќи најразлични форми на изразување (плакати, илустрирани ревии, филмови, литература, популарни списанија и стрипови, помодни песни, игри, стриптиз, музика, ликовните уметности (со фотографијата), театар, некои филозофии итн.). Подведени под механизмот на комерцијалниот интерес и морал, тие од средствата за комуникација во смисла на демократизација и рушење на некои застарени норми и табуа, преминуваат во средство за манипулирање, неизвршувајќи ја функцијата на ослободување од некои стари и нови фрустрации[110].

Модерното движење во уметноста често пати се поврзува со еротизмот и сексуалната револуција. Постојат повеќе мислења, според кои, еротичната уметност не е само хедонистичка, дека не треба да се изедначува со наслада, која често има второстепено значење во уметничкото дело. Еротизмот се согледува низ повеќе аспекти и теми, при што уметничкото дело може да биде „полно со еротско чувствување а да не прикажува сексуална активност, според ниедна потесна дефиниција на тој термин.



Слика 3. Магија на допирот, 2007, Благојче Наумоски - Бане

[110] https://antikvarijat-studio.hr/goropadni-eros-ogledi-o-erotizmu-proizvod-36216/ (19 Nov. 2018)



Слика 4. Телесна илуминација, Актерија, 2015

Благојче Наумоски - Бане



Слика 5. Енергија на светлината, 2018

Благојче Наумоски - Бане

Уметноста, како чин на творештвото и како средство за комуницирање, тежнее кон Другото и пренесување пораки носи во себе извесна иманентна еротска мотивираност. Тоа, меѓутоа, не значи дека одделна творба ќе поседува и изразува тематски определена еротска содржина. Индивидуалните расположби, збогатени со разни искуства и сознанија, како што е допир и фантазија се пренесуваат во дела кои ја претставуваат рефлектираната стварност, и свесно или несвесно, прават нејзина символична транспозиција.



Слика 6. Магија на допирот, 2007

Благојче Наумоски - Бане



Слика 7. Магија на допирот, 2007

Благојче Наумоски - Бане

## 1.1 Еротизмот во современата македонска ликовна уметност

Кога се зборува за еротизмот во современата македонска ликовна уметност треба да се имаат предвид некои моменти. Македонскиот уметник зборува со јазикот на хедонист, но уште повеќе со посредниот, срамежлив јазик на симболичното, метафоричното претставување, ослободени речиси од пренагласени гестови и поексплицитно означување на сексуалноста. Но, истовремено се среќаваат одделни примери на несопирлива, без хипокризија, изразена еротика која на современ начин ги оживува паганските дионизиски занеси на денешниот човек[111].

Исто така се допираат поетските, лирски аспекти на еротизмот, неговите агресивни и садистички интонирани содржини, потоа темите како што се актот, проституцијата, некои перверзни сижеи, невротични претстави итн. За сето ова може да се заблагодари, имајќи го притоа предвид индивидуалниот темперамент, природа и ликовна поетика на одделните уметници, на разновидниот развиток на современата македонска ликовна уметност, овозможен со ослободувањето, демократизацијата во нашето општество, особено од педесеттите години наваму, како и отвореноста кон светот и прифаќањето, помалку или повеќе селективно, на нови искуства и сознанија од светот. Притоа, не без противречности и недоследности, во животот и уметноста се развива процесот на ослободување и разбивање на некои предрасуди, табуа итн. И тоа оди бавно особено кога се знае дека еротиката значи и побуна, чекор преку границата на допуштеното, закана и слично, што само го покажува степенот на нашиот културен развој.

Или, како што луцидно запишува Данило Киш[112]: „Еротската фикција, за да досегне до културна вредност, мора да ја претставува целокупната реалност во една упростена форма, па така сѐ она што ја прави непристојноста, како и визијата на бескрајното задоволство, се само еден вид на стилизација, и постојат единствено за тоа стварноста да може да се замени со сон за еден посреќен живот.“

[111] Еротизмот во современата Македонска ликовна уметност, Соња Абаџиева Димитрова.
[112] https://www.babelio.com/auteur/Danilo-Kis/7467



Слика 8. Позитив – Негатив - Рефлексии, In – Out – Illumination, 2014, Благојче Наумоски - Бане

Ако историјата на уметноста, па дури и македонската уметност, се преполни со еротика, зошто таа сè уште предизвикува бурни реакции? Дали голото тело и сцените на сексуални акти ја тенчат и онака тенката линија меѓу еротиката и порнографијата? Што е она што денес се смета за опсцено (вулгарно)? Зошто е прифатливо жените да бидат објект на еротска уметност, а не и автори? Постои ли сè уште двоен аршин за жените и мажите? Конечно, од каде таа потреба од (лажно) морализирање во 21-от век?



Слика 9. Телесна Илуминација, In – Out – Illumination, 2014, Благојче Наумоски – Бане

**Заклучок**

Долгата и неисцрпна преокупација со претставата на женскиот принцип во делата на ликовните уметници, не престанува. Таа е вечна како и самата уметност. Начинот на кој се прикажани жените е различен во зависност од инспирацијата што ја имал уметникот, од еден Лотрековски манир на приказ на жена од пониските слоеви во општеството, која рака на срце воопшто не е ласкаво прикажана, преку Модиљановскиот акт без душа, зошто очите ја отсликуваат душата (сликата наречена - порок) до прекрасната и оригинална презентација на мајчинството каде Мартиновски го достигнал својот врв.  Имајќи предвид дека „Провокацијата и шокот биле составен дел на западната уметност од период на модерната па наваму – тестирањето, туркањето и проширувањето на дотогаш етаблираните естетски параметри се тесно поврзани со интелектуалните, верските, етичките и правните прашања на времето. Ако тргнеме од првото мислење ќе можеме да пронајдеме мноштво примери на „ликовна еротика“, примери на дела во кои се соединуваат или допираат амбивалентни или спротивставени мотиви, со помалку или повеќе јасни назнаки. Интерпретацијата на едно уметничко дело подразбира личен приод и сензибилитет што ја осмислува. За ликовното вообличување, за формата и изразот е напишано многу, но за суштината на творечкиот механизам се знае многу малку. Сепак, може да се констатира дека во доменот на современата македонска уметност, барем за сега, може да се говори општо за *срамежлив еротизам*.

**Библиографија:**


1. Žorž Bataj. Šta je erotizam, in Goropadni eros (ogledi o erotizmu). Prosveta. Beograd 1981.
2. Igor Zidić. Erotika u hrvatskom slikarstvu, crtežu I grafici. Umjetnički paviljon u Zagrebu 1977.
3. Herbert Markuze. Eros I civilizacija. Naprijed. Zagreb 1985.
4. Deni De Ružmon. Eros I mit, in Goropadni eros. Prosveta. Beograd 1981.
5. Кирил Пенушлиски. Македонски еротски приказни. Мисла. Македонска книга. Скопје 1985.
6. Лазар Трифуновиќ. Путеви и раскршћа српске скулптуре. Уметност. Бр. 22, 1970
7. Ars erotica. Ликовна Уметност 10 – 11. Скопје 1985.
8. Соња Абаџиева Димитрова, Еротизмот во современата Македонска ликовна уметност, Скопје 1985.
9. Pierre Cabanne. Psychologie de l’art èrotique. Somogy. Paris 1971.
10. Edward Lucie Smith. Erotizam u umetnosti I zapada. Jugoslavija. Beograd 1973
11. Kerstin Mey, *Art and Obscenity,* Published in 2007 by I. B. Tauris & Co Ltd

**Асс. м-р Виолета Паунковска**
**Факултет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**Емаил: violeta.paunkovska@eurm.edu.mk**
**Скопје, Република Македонија**

## ЖЕНАТА ПОЕТ, ЖЕНАТА СТИХ ПРОТКАЕН НИЗ ПОЕЗИЈАТА

Треба да се има храброст, чуство и почит кон жената за да може да се пишува за неа. Таа заслужува респект и емоција како силна, паметна, нежна, убава, насмеана, тивка, и секаква... затрчана во секојдневието на своето постоење од генерација на генерација менувајќи го нејзиниот статус во општеството и семејството освојувајќи го светот како кралица, борец, работник и победник.

Жена, збор составен од толку малку букви, само четири, но со големо значење. „Ж„ Како жар кој не посакуваш да догори за да има секогаш место за да го разгориш огнот кој ќе те грее како мајка, како сопруга и како љубовница. „Е„ како ехо без чиј звук не би го нашол патот до нејзиното срце. „Н„ Како надеж по саканата своја без која не би можел да го живееш веков. „А„ како почеток на се, прва во се, најголема во се... Жена со нишан на роза која ја симболизира нејзината убавина, а трнот пак нејзината болка.

Да се пишува за нејзините вековни страдања низ историјата, лелекот на мајките по загинатите синови, болните страдања на убавата мома заробена во раскошните одаи на императоротот, за босоногите, изгладнети жени кои ги стуткале своите мали чеда в пазува и чекорат кон победата, кон светлината итаат кон иднината за подобро утре...да се пишува за се ова треба да имаш душа на срна, а срцето да ти е камен за да не се распука додека емпатично го доживуваш тој неславен миг на жената. Нооо... ете ништо не ја уби !

Да пишуваш за нејзината убавина и раскош по која стотици машки срца се кршат. Потоа за нејзината среќа, за нејзиниот судбоносен ден кој ќе ја стори жена во вистинска смисла на зборот, семеен живот преплавен во хармонија и љубов. За нејзините љубовни страсти која ќе ја понесат во растреперен занес... Да напишеш стихови за се ова треба да знаеш да ја љубиш жената, да и пружиш надеж, прегратка во која таа ќе се почуствува заштитена. Оти, само тогаш во неа се буди пролетта на Венера.

Низ историјата, векови уназад се пишува за жената. Стихови и цели томови романи се создадени во нејзина чест. Но, сепак на најсуптилен начин низ кој е претставена жената и поттикнува восхит, воедно и возбуда кај читателите претставува поезијата. Низ овој густ дијапазон на создавачи на поезијата се појавува и жената како поет.

Една од најстарите поетеси е старогрчката лирска поетеса Сафо чија поезија се врти околу љубовта и страста. Позната е по нејзината трагична смрт, самоубиство поради несреќната љубов со младиот Фаон. Сафо останува да живее како симбол на љубовта меѓу жените и како инспирација за многу автори. Така познат е романот „Сафо“ од францускиот автор Алфон Доде и „Последната песна на Сафо“ - песна на италијанскиот поет Џакомо Леопарди. Потоа, грчката поетеса Телесија која е позната по нејзиното јунаштво кога тогашниот крал на Спарта, Клеомен, извршил инвазија на Аргос во 510 п.н.е. Тој ги убил сите мажи во битката за да нема ниту еден повеќе кој би можел да војува. Тогаш Телесила, го собрала оружјето од светилиштата и домовите, и ги вооружила жените. Кога Спартанците се појавиле, Телесила и нејзината армијата не се исплашиле, туку се бореле храбро и ги победиле.

Во поново време од 19 век поетесата Емили Дикинсон се смета за еден од најголемите поети во Америка. Емили е позната по нејзината необична социјална изолација и уникатна поезија која е полна со кратки компактни фрази. Инспирација во поезијата и била Библијата и делата на Шекспир односно таа е симбол на жена посветена кон Бога. Или ќе ја спомнам Ен Секстон од 20 век жена поет, манекенка,Универзитетски професор и еден од првите борци за правата на жената во Америка. Таа е пример за дека жената е мулти персонална и како флуид се распрснува на сите страни. Нејзината поезија е повеќе конфесионална и исповедувачка која вознемирува. Но, секако дека жената е и понежна од спротивниот пол, поемотивна и повеќе подложна на депресии кои можат да ја донесат до самоубиство како примерот со Сафо така и Ен Сексон се самоубива. Таа останува пример што значи да се биде жена во американското општество.

„Богови

Господ́ата Секстон излезе да трага по боговите.
Започна гледајќи во небото -
очекувајќи голем бел ангел со сини препони.

Никој.

Потоа трагаше по учените книги
а печатените букви ја исплукаа.

Никој.

Тргна на аџилак кај големиот поет
и тој ѝ ждригна в лице.

Никој.

Се молеше во сите цркви на светот
и многу научи за културата.

Никој.

Отпатува до Атлантик, Пацифик, оти Бог сигурно...

Никој.

Отиде до Буда, Брама, Пирамидите
и најде само огромни разгледници.

Никој.

Тогаш допатува до својата куќа
и светските богови беа затворени во пералната.

Најпосле!
Силно заплака
и ја заклуча вратата.[113]

Оваа песна на Ен Саксон е доказ за нејзината посветеност кон христијанската религија и вера низ чија клучалка ѕирка очајничката потрага до портите на Бог за спасение од нејзините морални обрвски кои повторно ја враќаат назад во реалноста односно до местото од кое сака да избега.

[113] https://okno.mk/node/45329

Денес постојат многу жени поетеси кои за жал не успеале да се реномираат и да застанат на светските поетски сцени, истите останаа скриени зад кулисите на сцената. Современата македонска поезија ја создаваат прекрасни поетеси кои заслужуваат да бидат читани во многу јавни списанија, видени на медиуми и наградени од највисоките поетски фондации, манифестации и друго. Ќе и дадам предност на поетесата Ана Бунтевска како моја омилена поетеса, бидејќи секој нејзин стих во секоја песна допира длабоко до моето срце. Нејзината поезија е јасна, спонтана во која може да се пронајде секоја жена во секој сегмент на социјалното живеење. Со еден збор поезија за душа. Таа е пример за жена со испреплетена народна елеганција во модерното време, реалното и посакуваното вкрстено со изгубеното патувајќи низ спомените на онаа што љубела и знае што сака.

„Да си најдиш чоек рамен на тебе
кој ќе ти ја љуби и сенката
кој и својата во твојата ќе ја гледа
и да те чува ко капка вода на рака
ко жеден чоек во пустина да те гледа
ко да си му зеница
ко да си нешто што не видел никојпат
таков чоек пиле да си најдиш“.[114]

Токму овде во овој стих, во песната „Да си најдеш чоек рамен на себе“ од Ана Бунтеска е опишано што точно и треба на една жена за да биде среќна.

Во мојата поезија ги пренесувам моите секојдневни желби и остварувања длабоко од душата. Како поетеса приоритетно место и давам на љубовта како главен двигател на секој поединец без разлика на пол. Таа е темел во семејството, бракот, пријателството и во љубовната врска. Мечта за идеална љубов, вечна љубов ја пренесов во мојата последна стихозбирка „Лебеди бели“ бидејќи токму лебедите симболизираат на чиста и вечна љубов што ни смртта неможе да ја раскине. Често знам мојот очај да го истурам низ белите листови, кој пак со голема верба во Бога и покајание успевам да го победам.

„Дојди, нанеси на болниве места
Од тој сочен, лековит прелив

[114] https://zenskimagazin.mk

речи ми повторно „најмило мое“,
сокриј ме во твоите карпести гради
и ослободи ме од грижи.
Гушнати така двајцата ние
да се претвориме во лебеди бели
разлетани во своето јато.
Оти само кај нив
љубовта е вечна, така старите велат.“[115]

„Во љубовта како поетска тематика, но и љубовта како живот најтешко е на љубовта да и се погледне во лице. Авторот тоа го прави лице во прво лице. Достоевски тврдеше дека љубовта ги крепи сите тежини на нашиот живот. Но, дали љубовта е тежина во нашето живеење? Љубовта опива, но и отрезнува. Луѓето подоцна открија дека постојат и црни лебеди. Љубовта е вечна, но има и крај, најчесто тажен. Џон Ленон велеше дека прво треба себе си да се сакаш за да те сакаат другите. Љубовта е егоалтруизам и егоизам и алтруизам. Потребна е само мерка на вистински човек“.[116]

Неверојатно плодни стихови се нижат низ вековите за жената. Таа е предмет на поетска возбуда кај поетите. Ја опејуваат и поистоветуваат со светица. Божество над божествата од кој е создаден светот. Баба, мајка, жена, девојка, скриена тајна која постои и го крепи светот. Жена, нејзиното постоење, нејзината тивка тага, емотивност, вгнездени длабоко во нејзината душа. Не е отсутно и неверството во стиховите за неа. Ниту пак мигот кога поетот ја гледа како ѓавол рогат, зла, непрокосана и грда.

Сепак, жената ќе остане да господари на белата хартија креирана од големи и мали автори, познати и непознати, опејувајќи ја нејзината убавина, моќ, неверство и се останато. Ниту еден поет, ниту томови листови испишани за неа неможат да допрат длабоко до вистната за една жена, оти таа е вековна поетска мистерија.

[115] В.Паунковска, Лебеди бели,2017, Скопје.
[116] В.Паунковска, Лебеди бели,2017, Скопје.

**Користена литература**


1. Панов Борче,Вдах,Графостил, Скопје,2014
2. Кацаров Трајче,Емигрантот Цвик,Штрк, Скопје,2003
3. Јакимовски Зоран,Ништо не е недостижно, Графо-ден, Скопје,2014
4. Миловиќ  Жељко,Мртво море меѓу нас,ПНВ Публикации,
5. Паунковска Виолета. Лебеди бели,Евро Принт,Скопје,2017
6. https://okno.mk/node/45329
7. https://zenskimagazin.mk
8. http://www.reper.net.mk/2015/01/27/zed-za-poinakva-ljubovna-poezija/
9. https://kolevi.weebly.com/blog/10
10. http://www.pelister.org/literature/Koneski/

**Дана Петреска**
**Факултеет за правни науки**
**Европски Универзитет Република Македонија**
**е-маил: dana.petreska@yahoo.com**
**Скопје, Република Македонија**

# ЕДЕН ЧОВЕК И ЕДНА ЖЕНА ЧЕКААТ НА АВТОБУСКАТА СТАНИЦА И СЕ ПОГЛЕДНУВААТ ВО ОЧИ...

Само една реченица е доволна за да се разбуди фантазијата и да не натера да размислуваме за сите можни сценарија.Но да пробаме да го ставиме фокусот на секој збор одделно и повторно да ја погледаме истата. Всушностна прв поглед насловот на оваа статија можеби и не асоцира на било каква дискриминација на жената бидејќи во општеството термините за човек како дефиниција за машки пол е општо прифатена. Со други зборови првата асоцијација за насловот која “природно” ни доаѓа е дека работи за еден човек-маж и една жена кои чекаат на автобуската станица, а со тоа се поставува и прашањето: Па зарем жената не е човек? На ова прашање секако дека одговорот е да и жената е човек но како дошло до ваквиот општ прифатен поим за човек како прва асоцијација за машки пол?

Во оваа игра на зборови доколку не обрнеме поголемо внимание може и да не и се даде особено значење но јас решив да го дадам истото и со тоа да ја отворам долго актуелната и интересна тема за феминизмот. Феминизам- збор кој е скокотлив особено за припадниците на машкиот пол и кој асоцира на нешто што поврзано со омраза кон нив. Но тоа не е случај само кај машкиот пол всушност многу припадници и на женскиот пол имаат лошо мислење за феминизмот и за оние кои се нарекуваат себе феминистки.

Пред да почнам да навлегувам во темата да се потсетиме дека општата и наједноставна дефиниција за феминизмот е верувањето дека мажите и жените требаа да имаат еднакви права и можности. Односно теоријата на феминизмот се заснова на политичка, социјална и економска еднаквост на половите. Ако се водам според оваа дефиниција тогаш да и ја сум феминистка но зашто не се чувствувам особено горда заради овој факт и се плашам дека ќе бидам осудена како некоја што ги мрази мажите.

Самиот термин феминистка кој го поврзуваат со не типично женско однесување не е популарен ни кај понежниот пол бидејќи од мали не учат дека треба да се однесуваме како жени.

Но што значи тоа да се однесуваме како жени? Неодамна во разговор со мојата пријателка ми се довери дека е загрижена поради тоа што нејзината ќерка не сака да си игра со кукли туку само соколички кои треба да бидат “машки ” играчки. Разговорот ме натера да се запрашам зашто играчките ги делиме на машки и женски?Ова е еден банален пример но во друга ситуација каде друга пријателка има огромен притисок од нејзиниот маж да ја остави работата која ја исполнува за да се посвети само мажот и семејството со вршење на притиоск и чуство на вина дека она не е добра сопруга и мајка веќе станува загрижувачки. Многу се чести случаите кога на жената и се забранува да ја работи работата која ја исполнува а многу ретко скоро и да нема случаи кога жената би му го забранила истото на мажот. Но тука не застанува нееднаквоста на мажот и жената во однос на работата. Анкетите покажале дека мажите се повеќе платени од жените за вршење на истата работа. За жал во ниедна земја во светот нема еднакви права за мажите и жените.

Но од друга страна пак мажите чувствуваат огромен притисок  од општеството обидувајќи се да докажат дека се супериорни и дека се “вистниски” мажи. Кога мажите ќе се ослободат од стегите на општеството кое наметнува дека покажувањето на чуства е слабост тогаш и тие ќе ја почуствуваат слободата која ја има жената со искажувањето на чуствата. Сите оние дефиниции и општествени етикети за тоа како треба еден маж да изледа и да се однеува се еднакво стресни и вознемирувачки и за посилниот пол.

Морам да признамдека кога за прв пат решив да пишувам на темата феминизамнемав особена страст за истата бидејќи не се чувствувам инфериорно во однос на машкиот пол. Јас ја имав таа среќа да растам во семејство каде моите родители не правеа апсолутно никаква разлика меѓу мене и братими дури напротив мислам дека бев и привилегирана. Не би помислила дека некогаш ќе го кажам ова но да ја имав таа  среќа да бидам родена во Македонија каде мажите и жените се релативно рамноправни.

Не можам ни да замислам како се чувствуваат девојчињата во Индија кои на 14 годишна возраст па и помали се принудени да стапат во брак и да го прекинат своето образование, а нивните браќа продолжуваат да уживаат во своето детство. Кога ќе помислам на тие мали нежни и полни со надеж  девојчиња тогаш и те како движењето за феминизам има смисла и треба да продолжи со полна пареа. Но да се вратам во мојата татковина Македонија во која иако жените ги уживаат своите права сепак

многумина од нив мора да се приспособат на така наречениот балкански менталитет на маж. Правата на жената кои се напишани на хартија ништо не значат доколку жената мора да биде понизна пред мажот. Така наречениот балканскиот маж ужива со жена која е инфериорна и кога тој го има последниот збор. Жената мора да се грижи за децата и домот да подготви јадење и да ги заврши сите оние обврски кои се женски, а истовремено таа оди и на работа. Сметам дека дојде време кога домашните обврски нема да бидат поделени на машки и женски исто како и играчките. Во минатото ако некој дечко или маж облече облека во розова боја многу веројатно би ја добил етикета дека е хомосексуалец, но денес таа боја подеднакво ја носат и двата пола. Рамноправноста на женскиот пол е неминовна во современото развиено општество или кога би го цитирала проф. С.Шајноски во правото рамноправноста на жената може да се земе и како критериум за едно цивилизирано општество.

Иако феминизмот како збор во денешно време ја губи својата популарност тоа не значи дека треба да се занемари важноста на движењето. Вистината е дека сите луѓе сме еднаквибез разлика на полот и оваа статија ќе за завршам исто како што ја започнав но со малкудраматична измена: Еден маж и една жена чекаат на автобуската станица и се погледнуваат во очи како човек со човек...

ЕВРОПСКИ
УНИВЕРЗИТЕТ
Р. МАКЕДОНИЈА